**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

# Обединувањето на современите разузнавачки служби како главен фактор во борбата против глобалниот тероризам

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**Ментор:**
**Проф.Д-р Митко Котовчевски**

**Изработил:**
**Сами Зеќири**

*Скопје, 2017*

**Членови на комисијата:**

**Проф. д-р Митко Котовчевски**

**Проф. д-р Синиша Даскаловски**

**Проф. д-р Тони Милески**

**Датум на одбраната: 30. 10. 2017 год.**

Научна област од која се стекнува степенот магистер:

**Програма од областа на БЕЗБЕДНОСТА**

# АПСТРАКТ

Во овој магистерски труд ќе дадеме генерална слика за појавата на глобалниот тероризам и улогата на разузнавачките служби во борбата со глобалниот тероризам. Ке се обидеме да дојдиме до одговори на прашањата поврзани со појавата на глобалниот тероризам, како и мерките кои би требало да се спроведат од страна на разузнавачките служби кои ќе гарантираат безбедност на државите како дел од националната безбендност.Во рамките на овој труд опишани се главните карактеристики на глобалниот тероризам неговите појавни облици и полиња на дејствување како иборбата против тероризмот и предизвици на современото разузнавање во борба против современиот тероризам.Главната цел што треба да се постигне е преку теоретски осврт да се дојде до одговори на прашањата поврзани со појавата на глобалниот тероризам, како и мерките кои би требало да се спроведат од страна на разузнавачките служби кои ќе гарантираат безбедност на државите како дел од националната безбендност. Значи општата цел на истражувањето ќе биде фокусирана кон истражување, утврдување и објаснување на разузнавачките агенции во борбата против глобалниот тероризам.

## Клучни зборови:

**Тероризам;**

**Разузнавачки служби;**

**Информации;**

**Контратероризам;**

## Содржина:

**Вовед**.......................................................................................................7

**I Дел:- Методолошка рамка**...............................................................................8

1. Формулирање на проблемот на истражување...........................................................8

2. Предмет на истражувањето...................................................................................11

3. Цели и задачи на истражувањето...........................................................................12

4. Хипотези..............................................................................................................13

5. Научна и општествена оправданост на истражувањето............................................14

6. Методолошки пристап во истражувањето...............................................................14

**II Дел: Глобален тероризам**..................................................................................15

1. Историја на тероризамот.......................................................................................15

2. Поим на глобален тероризам..................................................................................20

3. Дефинирање на современиот глобален тероризам.....................................................26

4. Феноменот на глобалниот тероризам......................................................................29

5. Карактеристики на глобалниот тероризам...............................................................33

6. Облици на современиот глобален тероризам............................................................36

7. Полиња на терористичко делување.........................................................................39

8. Чувството за сигурност и реалноста од терористичка закана......................................40

9. Развој на тероризамот во XXI век..........................................................................42

10. Глобалниот тероризам и терористичките напади во светот.......................................44

**III Дел: Современи разузнавачки служби и глобалниот тероризам:Активности и предизвици за обединување и унификација..................................................................47**

1. Поим на разузнавањето и разузнавачката служба....................................................56

2. Дефинирање на разузнавањето и разузнавачка служба ...........................................58

3. Организација на современите разузнавачки служби.................................................60

4. Разузнавачките служби на дел од современите држави.............................................77

4.1. Безбедносно разузнавачка заедница на Соединетите Американски Држави...........83

4.1.1. Совет за национална безбедност НСЦ (National Security Council - NSC).............84

4.1.2. Совет за внатрешна сигурност ХСЦ (Homeland Security Council –HSC)..............85

4.1.3. Директор на национално разузнавање ДНИ (Director of National Intelligence - DNI).........................................................................................................................86

4.1.4. Централна разузнавачка агенција ЦИА (Central Intelligence Agency- CIA) .........86

4.1.5 Национална агенција за безбедност- НСА (National Security Agency NSA) .........87

4.1.6. Разузнавачка агенција на одбраната ДИА (Defense Intelligence Agency DIA) .....88

4.1.7. Федерално биро за истраги ФБИ (Federal Bureau of Investigation – FBI ) .............89

4.2. Справување на разузнавачките служби на САД, Франција и Македонија со тероризамот.................................................................................................................92

4.2.2. Мерки кои за преземаат за борба против тероризамот во Франција, САД и Македонија......................................................................................................................95

4.2.2.1. Улогата на Република Македонија во креирањето на националните и меѓународните безбедносни стратегии за борба со глобалниот тероризам...................91

5. Потребата за размена на информации помеѓу разузнавачките служби.......................95

5.1. Разузнавачка служба на САД и нејзината врска со други странски служби при размена на разузнавачки информации...........................................................................100

6. Тероризамот во XXI век...............................................................................................101

**IV Дел: Современи трендови на разузнавањето во борбата против ероризамот..105**

1. Предизвици на современото разузнавање во борба против современиот тероризам......109

2. Обединувањето на разузнавачките служби како главен фактор во борбата против глобалниот тероризам......111

3. Позитивни аспекти од обединувањето на разузнавачките служби врз современиот тероризам......115

4. Негативни импликации од необединувањето на разузнавачките служби ......120

5. Обединување и соработка на разузнавачките служби при терористичките напади на меѓународен план ......122

6. Обединување на разузнавачките служби во Европа......126

6.1. Обединување на Германските безбедносни служби......127

7. Обединување на разузнавачките служби на Балканот во борбата против тероризамот......129

**Заклучок......132**

**Користена литература......134**

## Вовед:

Тероризмот е универзално препознатлив криминалитет, криминалитет кој на моменти може да не допре во секој аспект од нашите животи и може понекогаш да доминира со нашето постоење. Современиот тероризам е криминал од мултикаузална природа, затоа што го предизвикуваат и условуваат голем број на субјективно-објективни теризмогени фактори. Неговата феноменологија е мултиманифестна, бидејќи мултиваријантноста на појавните облици на тероризам е „ограничената имагинација на терористите". Го одликува употребата на насилство и тоа физичко (физичка сила, огнено оружје, експлозивни направи, отрови, радиоактивни материи и сл.), а неретко и разни облици на ментална манипулација и индокринација (спрема јавноста, но и спрема жртви на киднапирања кои после „перење на мозокот" се придружуваат на терористичките организации).Разузнавачките и безбедносните служби се еден од основните елементи на секојсистем за безбедност. Нивна задача не е само да се заштити државата преднадворешните и внатрешните предизвици, но исто така и заштита на граѓаните.Со зголемување на опасноста од терористички напади во текот на последните дведецении, неминовно настанаа и повеќе промени во начинот на дејствување наразузнавачките и безбедносните служби, истовремено па се зголеми и нивнатамеѓусебна соработка.Современите разузнавачки служби, односно разузнавачко безбедносни заедници, посебно на големите и средни земји, се претворат не само во институции за собирање на податоци туку и во институции за спроведување на одредени политички и други цели на државата, како и за учество во изведување на разновидни дејства познати како "специјални дејства„.Целта на безбедносните структури е правовремено да се превземат сите неопходни безбедносни мерки за спречување на терористичките напади (функција на превентивно делување). Со примената на овие мерки најдобра варијанта е ако се попречат терористите во фазата на планирање и подготвување. Разузнавачките податоци од областа на глобалниот тероризам претставуваат продукт кој се добива преку собирање, проценка, анализа, обединување и толкување на сите достапни информации кои се однесуваат на тероризмот како сериозна безбедносна закана, за терористичките организации во земјата и надвор од неа, како и зоните на изведување на операции кои се потенцијално значајни за планирањето на борбата против глобалниот тероризам.

# I Дел:- Методолошка рамка

## 1. Формулирање на проблемот на истражување

Поимот разузнавачка дејност и разузнавачки служби е еден многу сеопфатен широк поим, па и затоа има многу сфаќања и поимни определувања за тоа што претставува ова дејност, кои се нејзините, домени и кои се органи, тела, служби кои ја извршуваат.Многу од овие сфаќања не ја опфаќаат вистинската содржина на ова дејност, па некои дури и го упростуваат предметот на нејзиното истражување.Но заедничко на сите нивни ставови е дека разузнавачката дејност, т.е. служба ја посматраат исклучиво како дел од државниот апарат, а запоставуваат притоа некои од функциите кои таа “de facto” ги има.Меѓутоа колку и да се трудеа не можеа да ја одредат точно содржината на оваа дејност, ја стеснуваат и погрешно го одредуваат предметот што неминовно го опфаќаат.Ваквите тешкотии во дефинирањето на оваа дејност и службите кои ја извршуваат, произлегуваат и од самиот факт што разузнавачките служби како дел од државниот апарат, се легални организации, засновани врз законски и други одредби на државата, но тие истовремено нелегално работат против други земји, поради што се наоѓаат во сложени услови, што бара висока стручност на кадрите, модерна технологија и специфичен начин на организирање посебно денес во современи услови.Современите разузнавачки служби се високо специјализирани професионални организации или органи кои делуваат како релативно самостоен систем. Тие и се наменети на својата држава да и обезбедат увид во тајните податоци и состојби на другите држави или политички партии потребни за водење политика и преземање одредени постапки во мир и во војна, самостојно или во соработка со други државни органи или институции, да спроведат и да реализираат дел од државните цели со примена на тајни методи на дејствување и својата земја да ја штитат од разузнавачка и друга субверзивна дејност која ја преземаат странските држави или организации.Значи, основна цел на разузнавачката служба е собирање на тајните на противникот, но денес таа ги собира и сите податоци корисни за донесување на политичка одлука.Понатаму, ги проширува своите активности и во неразузнавачката сфера и е во склад со целите кои и се поставуваат. Во овој контекст, ја ноѓаме следната дефиниција како најексплоатирана во изминатиот период:“Разузнавачката служба т.е. дејност е организирана активност или

организација, установа која по барање на водечките политички сили прибавува, проценува и им презентира на водечките политички структури, класи или држави одредени податоци за противникот, ги штити сопствените интереси од противниците и се ангажира на други активности со кои се придонесува остварување на одредени политички цели".Разузнавачките служби како организации се појавуваат како последица на потребата на државата, која е израз на класната поделба на општеството или како последица на потребите на другите структури за известување за состојбата кај сегашниот или евентуалниот противник.Во денешно време современите разузнавачки служби се масовни организации со голем број на постојано вработени службеници, кои се одликуваат со строга професионалност. Современите разузнавачки служби, односно разузнавачко безбедносни заедници, посебно на големите и средни земји, се претворат не само во институции за собирање на податоци туку и во институции за спроведување на одредени политички и други цели на државата, како и за учество во изведување на разновидни дејства познати како "специјални дејства".Современите разузнавачки служби располагаат и со соодветни технички средства потребни за извршување на задачите.Овие средства се разновидни, но меѓу нив посебно се истакнуваат електронските средства како производ на научните достигнувања.Така за присобирање на податоци се користат специјални сателити, сензори на атомски погони, радио и радарски системи и други достигнувања на науката без кои денес не може да се замисли работата на овие служби.Со класниот карактер, масовноста, професионализмот, соодветната техничка опременост, ги окарактеризираме овие институции на државата кои се и нејзини "тајни сили" во остварувањето на нејзините цели.Сите овие разузнавачки служби или организации имаат свои цели и задачи, кои мора да си ги извршат со цел нивната мисија или задача да биде успешно извршена. Ние живееме во ера на тероризмот кој не дава сигнали дека ќе изчезне.Меѓународниот тероризам е растечка индустрија која се повеќе се доближува кон бизнисот, луѓето, институциите, па и се друго понатаму.Тероризмот може да удира секаде и во секое време.Тој е универзално препознатлив криминалитет, криминалитет кој на моменти може да не допре во секој аспект од нашите животи и може понекогаш да доминира со нашето постоење.Ако не е тешко да се дефинира тероризмот, сепак целите на тероризмот и начинот на неговата примена се тешки за дефинирање.Кога терористичката тактика се применува кон деловниот свет, таа не подлежи на никакво објаснување.Деловниот свет не треба да биде збунет од неговата неспособност да го разбере, или да го објасни тероризмот.Дали еден акт на насилство е тероризам,

генерален криминалитет, саботажа или дел од војните за независност, зависи од социјалните перспективи на индивидуалецот.И навистина многу малку луѓе се согласуваат со тоа себе си да се наречат терористи.Значи тероризмот нема прецизна дефиниција.Заедничка општа дефиниција е дека “тероризмот е акт на насилство, или закана со насилство поврзано со намерата да се предизвика страв”. Глобалниот тероризам е еден од многуте фактори кои го опфаќа светот, и разузнавачките служби се тие кои со нивната функција би го спречиле секаде каде што би се појавил овој феномен.Тие сите заедно при извршување на многу разузнавачки задачи пристапуваат специјалистички, и во текот на своето делување тие континуирано настојуваат да пронајдат и да применуваат што е можно пооригинални решенија. Примарна цел на секоја разузнавачка служба претставува превентивното делување за спречување на развојот на тероризмот повисоко од почетната фаза.Секое повторување на разузнавачките постапки осудено е на откривање, попречување, односно на пропаст на разузнавачката акција. И секоја поголема и позначајна операција, разузнавачките служби целосно ја планираат и детално ја подготвуваат без можност за каква било импровизација и со примена на оригинални постапки.Содржината на разузнавачките служби ги опфаќа следните дејности кои треба да ги вршат: разузнавачка дејност, субверзивна и контраразузнавачка дејност. Значи во текот на разузнавачката дејност, разузнавачките служби опфаќаат прашањата кои се од политички, воен, економски или друг интерес на својата држава.Тие собираат податоци, ја изучуваат внатрешната и надворешната политика на оние земји спрема кои постои интерес.Покрај тоа разузнавачките служби работат и на формирање и на организирање, опремување и обучување на одредени сили, наменети за специјални дејства на територијата на други земји и нивна примена како во мирновременски така и во воени услови.Разузнавачките служби делуваат и контраразузнавачки, било во соработка со други структури во својата земја или самостојно.Тие ја бранат и ја штитат сопствената држава од делувањето и влијанието на странските разузнавачки служби и другите непријателски организации. Разузнавачките служби даваат, односно треба да даваат одговори на прашањата што се значајни за стратегиско и за практично водење на политиката. Информациите што ги нудат разузнавачките служби првенствено ги користат носителите на највисоката државна власт, кои ја креираат надворешната и внатрешната политика. Современите промени се манифестираат и во примената на новите, поразвиени и поусовршени форми и методи на дејствување. Мошне значајни промени се

забележуваат во областа на меѓусебната соработка.Тие денес соработуваат меѓусебно, па дури некогаш и се принудуваат да работат сите заедно, за да дојдат до некое решение за некој проблем, кој не може да се реши само од една служба. Тие сите заедно кога се обединуваат побрзо наоѓаат решение за проблемот кој го имаат, и во оваа сфера на заедничко едуцирање и оспособување и во соработката при заеднички проекти од разни области.

За успешна борба против тероризмот и за целосно и ефикасно превенирање менацирање на кризата предизвикана од појавата на терористички активностидржавите ќе мора да располагаат со првокласни разузнавачки податоци.Овие новоформирани разузнавачки служби треба максимално да ги користат овие можности, но само врз принципот на полноправност и само во функција на остварување на интересите на националната безбедност на сопствената држава.За успешна реализација на борбата против тероризмот неопходни се континуирани, целосни и синхронизирани напори на националните разузнавачки и контра разузнавачки служби, но и целосна соработка на владите на современите држави во меѓународната заедница.

Целта на безбедносните структури е благовремено да се превземат сите неопходни безбедносни мерки за спречување на терористичките напади (функција на превентивно делување).

## 2. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување на магистерскиот труд е да се даде осврт засовремените разузнавачките служби,кои со својата беспрекорна професионална работа би го запреле глобалниот тероризам.Исто така со овој магистерски труд сакаме да истражиме уште и некои задачи кои ни изгледаат како најзначајни, како што се: Да се дефинира глобалниот тероризам;

Да се дефинираат современите разузнавачки служби;

Да се потенцира потребата од оперативна дејност во борба против глобалниот тероризам;
Да се потенцира потребата за обединување на современите разузнавачки служби против глобалниот тероризам.

Доколку би се обединиле сите современи разузнавачки служби против глобалниот тероризам, тогаш нивната работа би била поуспешна, и нивните дела ќе беа позначајни, бидејќи сите заедно ќе бидат посилни и ќе најдат побрзо заедничко решение кое ќе ги реши сите проблеми без разлика за која област се работи.

## 3.Цели и задачи на истражувањето

Истражувањето има една општа и неколку посебни цели.Преку теоретски осврт да се дојде до одговори на прашањата поврзани со појавата на глобалниот тероризам, како и мерките кои би требало да се спроведат од страна на разузнавачките служби кои ќе гарантираат безбедност на државите како дел од националната безбендност. Значи општата цел на истражувањето ќе биде фокусирана кон истражување, утврдување и објаснување на разузнавачките агенции во борбата против глобалниот тероризам. Дополнителни цели на истражувањето е да се дојде до заклучоци за мотивите и факторите кои влијаат на појавата и застапеноста на глобалниот тероризам. Да се согледа улогата на разузнавачките агенции против глобалниот тероризам;

Да се развие и унапреди разузнавачката дејност во насока на ефикасна борба против глобалниот тероризам;

Да се согледа колку разузнавачки служби не се во можност да се справат со глобалниот тероризам.
Во трудот се очекува да се дојде до одговор на прашањето - кој е најдобриот начин за да се одбегне феноменот на глобалниот тероризам, доколку би се здружиле сите разузнавачки служби заедно.Со тоа ќе се продлабочат сознанијата за современите разузнавачки служби, ќе се подигне нивото на совеста на научната и општествената јавност за значењето и улогата на службите.

Па така со нивна целокупна помош ќе се изнајде решение за сите проблеми кои го мачат општеството, со поголем акцент на глобалниот тероризам кој го опкружува светот насекаде.

# 4. Хипотези

## Основна хипотеза

- Ефикасното водење на борбата против тероризмот во голема мера зависи од соработката и обединувањето на разузнавачките служби и размена на разузнавачки иформации.

## Посебни хипотези

Како поединечни хипотези кои произлегуваат од главната премиса може да се изведат следниве:

1. Практичните и теориските анализи можат да изнајдат и идентификуваат најсоодветни начини и алтернативи за одговор на овој предизвик кој ги обединува сите влади низ светот кои ја препознаваат неговата сериозност и тежина. Така се наметнува и потребата за обединувањето на разузнавачките служби што ќе го олесни и ефектуира процесот на справување со глобалниот тероризам.
2. Дефинирањето на разузнавањето и органите надлежни за оваа државна дејност упатува на нивната димензија при определување на приоритетните мерки за преземање заштита во ерата на глобалниот тероризам како средство за војување.
3. Интегрираноста на разузнавачките служби означува иницијатива и капацитет за соработка на полето на размена на информации, искуства и методологии, како и употреба на најсофистицирани технолошки средства и превентивни дејства.
4. Употребата на модерната технологија е исто така предизвик заради нејзината ранливост и подложност на напади од глобалниот сајбер тероризам, антагонизмот со приватноста на граѓаните и големите трошоци за нејзина опрема, користење, надградување и одржување.
5. Тоа значи моделирање на заедничките политики во однос на планирањето на против терористичките дејствија и програми за взаемна координација и оперативност.
6. Оттука, може да се изведе хипотезата што ја истакнува потребата за синхронизација, подготвеност и флексибилност на разузнавачките тела и што ја потврдува нивната битна улога за остварување на националната безбедност

преку сузбивање на тероризмот во однос на употребата на оригинални, прецизни и ризични активности.

Неопходно е да се потенцира потребата од рано откривање на појавите кои доведуваат до употребата на глобалниот тероризам како начин на војување и демонстрирање насилство и страв на економска, политичка и социјална база.

## 5.Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оравданост на ова истражување се состои во резултатите односно, сознанијата до кои ќе се дојде со ова истражување, значи обединувањето или сложеноста на современите разузнавачки служби ќе помогнат или ќе ја олеснат борбата против феноменот глобален тероризам како растечка закана не само во регионот туку и за останатиот дел од светот.Имајќи предвид дека економската и политичката криза со која се соочуваат највлијателните држави во светот, а секоја криза создава услови за развој на нови закани за општеството, неопходно би било обединувањето на современите разузнавачки служби како позитивен придонес во борбата против заедничката закана која често излегува од границите на националните држави, па се јавува потреба за координирана меѓудржавна соработка за спротиставување или пак превенција на глобалниот тероризам.Општествената оправданост е уште поголема ако се има предвид фактот дека главната причина за обединувањето на современите разузнавачки служби е сузбивањето на глобалниот тероризам и воспоставување на владеење на правото, како зајакнување на превентивните мерки кои се неопходни за борбата против тероризмот, како и осигурување на ефективноста на ефикасноста на современите разузнавачки служби.

## 6. Методолошки пристап во истражувањето

Поаѓајќи од целите на истражувањето, како методи за пристап за истражување на овој магистерски труд ќе бидат следните:

- Метод на наблудување;
- Метод на дескрипција;
- Метод на анализа и синтеза;
- Метод на компарација.

# II Дел: Глобален тероризам

## 1. Историја на тероризмот

Тероризмот како феномен настанал во дамнешно време и ја прати целокупната историја. Еден од водечките теоретичари на меѓународното право Георг Шварценбергер (*Georg Schwarzenberger*), како пример на тероризам,го наведува Самсоновото уривање на храмот на Филистејците воинствен народ во југозападниот дел на Палестина кој долго време се бореше со Израелците.[1] Луис Рене Берес (*Louis Rene Beres*) истакнува дека тероризмот е појава постара од античката цивилизација на Грција и Рим и го наведува за пример убиството на Цезар (*Julius Caesar*) од страна на Брута(*Marcus Iunius Brutus*) 44 години пред н.е. во Римпример за верски секти и борбата против фанатици (една еврејска секта која отворено се борела против римската власт во Палестина околу 6 век пред н. е. до падот на Ерусалим), акти на тајни великоисламски вооружените групи во XII и XIII век.[2]

Исто така постојат пишани документи и за сектата на Асасините која се формира некаде во VIII век од нашата ера, после шиитската шизма на територијата на денешен Иран. Дури и зборот кој во англискиот јазик значиубиец „assassin" етимолошки има корен од арапско потекло односно е поврзан со името на сектата на Асасините.[3]

Во современата теорија тероризмот има различни корени и облици, почнувајќи од расна, верска, национална и класна нетрпеливост, стариот и новиот анархизам, до сепаратистички програми и тенденции во рамките на разни национални движења.Во најново време тој т.н. традиционален концепт го замени еден нов кој во теоријата се нарекува супертероризам, а е претставен и применет од страна на култови или религиозни мотивирани групи, опремени со оружје за масовно уништување, кои се подготвени да го употребат во секој момент.Без сомнение, тероризмот е најголема актуелна закана за современиот свет откако е урнат биполарниот систем.Интересно е дека крајот на студената војна не доведе до поголем систем на безбедност и до

---

[1] Miroslav M. Šepić, TEHNIČKO – TEHNOLOŠKI ASPEKTI PREVENCIJE I SUZBIJANJA TERORIZMA - Doktorska disertacija -Beograd, 2013.g. str. 42

[2]Louis Rene Beres, *Terrorism and Global Security: The Nuclear Threat*, Westview Press/Bolder, Colorado.

[3] Шалијан, Ж.,& Блин, А. (2008). Историја на тероризмот од антиката до Ал Каеда:Праисторија на тероризмот: Зелоти и Асасини, 61.

поголемо владеење на меѓународното право.Интересно е тоа што различни експерти во најголемиот број случаи не можат да се сложат во однос на тоа што претставува тероризмот, но од друга страна се согласни во тоа што не е тероризам. Една од најсеопфатните и најпрецизни дефиниции за тероризмот настанала во втората половина на 80-тите години на 20 век, која без оглед на тогаш непосакуваната „преобемност“ доста успешно се одржала низ времето. Истата гласи: „Современиот тероризам, како повеќедимензионален политички феномен, претставува сложен облик на организирано, индивидуално и ретко институционализирано политичко насилство, обележан со застрашувачки физички и психолошки методи на политичка борба, со помош на кои обично во време на политички и економски кризи, а ретко во услови на остварена економска и политичка стабилност на едно општество, систематски се прават напори за остварување на 'големи цели', на начин потполно несоодветен на дадените услови, пред сè општествената ситуација и историските можности на оние кои го практикуваат како политичка стратегија“.[4]Еволуцијата на тероризмот ја отсликува неговата комплексност, динамичност интензивност, но и неговата огромна опасност за националнатабезбедност на државите, како и на севкупната меѓународна безбедност.Корените на модерниот тероризам се врзуваат за Русија во 80-тите години на XIX век, за по една декада тој да се појави во Западна Европа, на Балканот и во Азија. Иницијатори на овој бран беа анархистите и нивната првична стратегија. Кампањата на атентати врз истакнати јавни личности беше присвоена од други групи во тоа време, дури и од оние со национални цели на Балканот и во Индија. „Бранот анархисти“ е прво глобално или вистинско меѓународно искуство во историјата: следуваат три слични, консекутивни примери. „Националниот бран“ почна во 1920-тата година на минатиот век и траеше околу четириесет години. Потоа следеше „Бранот на нови леви“, кој речиси исчезна до крајот на XX век, оставајќи зад себе само неколку групи, денес сè уште активни во Непал, Шпанија, Обединето Кралство, Перу и Колумбија. Во 1979 година се појави „религиозниот бран“. Според шемата на овие три брана, би значело дека тие ќе исчезнат до 2025 година, кога би се родил нов бран.Искуството на уникатност и упорност на брановите покажува дека теророт е длабоко вкоренет во модерната култура.Како што стариот бран почна да бледнее, религиозниот бран стапи на сила.Религиозните елементи отсекогаш биле важни во

[4] Милошевић, М., Стајић, Љ., Модалитети борбе против тероризма у савременим условима, НБП Наука - безбедност - полиција, Часопис Криминалистичко-полицијске академије, Београд, Vol III, No.2, 91-105, 1998, стр.105;

современиот тероризам, бидејќи религиозниот и етничкиот идентитет често се преклопуваат.Американските, македонските, ирските, кипарските, француско-канадските, израелските и палестинските немири го илустрираат овој факт.Во сите случаи единствена цел е да се креира религиозна држава.Исламот е во срцето на бранот.Исламските групи ги изведоа најважните, најсмртоносните меѓународни напади.Иако не постои директен доказ за нивната поврзаност, хронологијата наведува на тој факт.Еврејските терористи се обидоа да го уништат најсветиот храм на исламот во Ерусалим и започнаа кампања на атентат против палестинските градоначалници. На гробницата на Аврам (Хеброн 1994), еден Евреин убил 29 муслимански идолопоклоници, додека на другата страна на светот, „Он Шинрикјо", група комбинирана од будисти, хинду верници и христијани, испушти гас во една подземна станица во Токио (1995) и уби 15 лица, а три илјади беа повредени. Со тоа се создаде страв дека наскоро некои групи ќе посегнат по оружјето за масовно уништување.Сличен напад ќе се случеше и во Јордан во 2004 година кога терористите беа откриени додека ги преземаа првите чекори за она што им беше планирано како голем напад со хемиско оружје.Доколку успееше овој напад, се претпоставува дека бројот на жртвите би изнесувал од 20000 до 80000 илјади.Оптимизмот на деведесеттите бил базиран врз многу аспекти на илузија: администрацијата на Клинтон ја дефинирала безбедноста на САД првенствено во однос на одржување на просперитетот. Влијанието на организираниот криминал и корупција на државите во транзиција било прифатено концептуално, но во голема мера било игнорирано, во формулацијата и во имплементацијата на политиката на САД кон Русија, додека пак предизвикот од страна на Ал Каеда и меѓународниот тероризам бил третиран како споредна атракција која не бара особено внимание и без средства. Сепак, илузијата продолжила во првите осум месеци од претседателскиот мандат на Буш. Додека проектилната одбрана се сметала за важна, во најголем дел, континуитетот на претпоставките и принципите биле гледани како главни. Денес меѓународните односи се карактеризираат со појавување на нови поопасни форми на тероризам со можност да предизвикаат и масовни последици, со што светот полека станува заложник.[5]

- <u>Меѓународниот тероризам за време на Студената војна -</u>По крајот на Втората светска војна, Источна и Западна Европа се разбудуваат разделени од

---

[5] Николовски, М., Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Графотекс, Скопје, 2008г., стр. 37;

идеолошките и политички бариери на Студената војна. Во периодот од 1947 до 1952 година планот Маршал им дава средства на западноевропските економии за обновување и стабилизирање, а улогата на НАТО е да ја гарантира колективната одбрана против секаков тип на агресија, како и да обезбеди безопасна средина за развој на демократијата и економскиот пораст. Според зборовите на тогашниот американски претседател Хари Труман, планот Маршал и НАТО се „две половини на ист орев".[6] Во почетокот на 50-тите години на 20 век сложеноста на меѓународните односи достигнува кулминација во Корејската војна и ги потврдува стравовите на западниот свет во однос на експанзионистичките амбиции на Советскиот Сојуз. Тоа ги предизвикува земјите-членки двократно да ги зголемат своите напори за зацврстување на воените структури, неопходни за гарантирање колективна одбрана. Присуството на американска војска на европска територија придонесува да биде убеден Советскиот Сојуз дека агресија од негова страна нема шанси да биде успешна. Со годините и други земји добија членство во НАТО, во 1952 година Грција и Турција, во 1955 година ФР Германија, а во 1982 година Шпанија. Благодарение на НАТО, Западна Европа и Северна Америка не само заеднички ја гарантираат својата безбедност, но и постигнуваат ниво на стабилност без преседан. Оваа стабилност е во основа на економската соработка и интеграција. Во почетокот на 90-тите години на 20 век таа придонесува за крајот на Студенатата војна и надминување на поделбата на Европа.

- <u>Меѓународниот тероризам по завршување на Студената војна</u>- Спротивставувањето на двата блока и советската закана, на која Алијансата првоначелно е призвана-наменета да се спротивставува, одамна е минато. Карактерот на современите предизвици за сигурноста е драматично променет. И покрај прогнозите на многумина скептици, НАТО не само што го надживеа крајот на Студената војна и својот антагонист во лицето на Варшавскиот договор, туку и се наложи како најефикасна современа организација во сферата на безбедноста чиј членски состав и круг од партнери постојано се прошируваат.
- <u>Меѓународниот тероризам по 11 септември</u>- И покрај сериозноста со која се заканување меѓународниот тероризам до нападите од 11 септември, тој не го

[6] Димовски, З., Тероризам, Скопје, 2007, стр.105

доби потребното внимание. Заради политичките интереси на големите сили, како САД и В.Британија, тежиштето на загриженост околу употребата на вооружена сила беше врз трите најфреквентно спомнувани закани: организираниот криминал, внатрешните конфликти и меѓународните конфликти. Нападите од 11 септември, сепак, претставуваат пресвртница на нештата во погорната насока.[7] По нападите, САД во својата Национална стратегија, ЕУ во својата безбедносна стратегија и извештајот на генералниот секретар на ООН го вклучуваат и тероризмот како „чиста и присутна опасност која ја наметнува потребата од поинаков пристап во размислувањето на употреба на сила во меѓународните односи".По 11 септември 2001 година, САД станаа епицентар на меѓународната борба против тероризмот. Единствената суперсила или „хиперсила", Соединетите Американски Држави, по тој ден ја заменија војничката униформа (од Студената војна) со облека на крстоносец, жесток напаѓач на тероризмот. За овој сложен и злокобен развој на тероризмот професорот Митко Котовчевски ќе истакне дека во голема мера тој треба да претставува сериозно предупредување за современите држави кои неминовно треба да се подготват за сите предизвици кои ќе ги продуцира ова зло на иднината.

[7] Јонче Манојлов, „ПРИМЕНА НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА КАКО ИНСТРУМЕНТ НА ДРЖАВНА (ПОЛИТИЧКА) МОЌ ПРИ СПРАВУВАЊЕТО СО СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ" МАГИСТЕРСКИ ТРУД Штип, ноември 2013, стр. 12

## 2. Поим на глобален тероризам

Зборот тероризам доаѓа од латинскиот збор терор што значи страв, ужас, задавање страв, изазивање страв и трепет, примена на насилство се до физичко уништување на противникот.[8]

Тероризмот е универзално препознатлив криминалитет, криминалитет кој на моменти може да не допре во секој аспект од нашите животи и може понекогаш да доминира со нашето постоење.[9]

Брус Хофман (Bruce Hoffman)шеф на одделот за тероризам во РАНД-корпорацијата, воедно и еден од водечките експерти за тероризам во светот, вели:„Не би сакал да звучам перверзно, но ми се чини дека постои носталгија по стариот стил на тероризам во кој не постоеше страв од закана за масовни жртви". [10]

На еден сличен начин и Џон Мершимер (John Mearshemer) зборува за тоа дека на многу разузнавачи, аналитичари, воени лица и академци ќе им недостасува познатата форма на тероризмот, која повеќе или помалку, беше спонзорирана од конфликтот на релација Исток-Запад, којашто лесно можеше да се предвиди.[11]

И покрај тоа што тероризмот го следи човекот и организираниот начин на неговото опстојување уште од дамнешни времиња, досега не постои меѓународно усвоена дефиниција за тоа што е тероризам. Без да се задржуваме на дебатите кои се водат околу дефинирањето на тероризмот ќе заклучиме дека, тероризмот е феномен кој во меѓународните односи предизвикува посебно внимание по завршувањето на Втората светска војна и ограничувањето на употребата на сила со одредбите од Членот 2 (4) од Повелбата на Обединетите нации. Како тактика на послабиот, или како специјален метод на војување, тероризмот интензивно започнува да се применува за време на блоковската рамнотежа. Од констелацијата на односите се појавуваат неколку вида на терористички групи/организации, за кои се вели дека се претставници на класичниот тероризам.

[8]Klaić, Bratoljub: „Terror", u: Rječnik stranih riječi, Zagreb, Nakladni zavod Matice Hrvatske, 1978.,str. 1344.
[9]Антони Џ. Скоти, Заштита на функционерите и меѓународниот тероризам, Култура, Скопје, 2004. Стр.15
[10] "Terror Cells of Today Hard to Combat", The New York Times, August 20, 2002, dostapno i na: http:// www.nutimes.com/aponline/international/AP-Evolution-of-Terro.html
[11] John Mearsheimer, "Why We Will Soon Miss the Cold War", Atlanttic Monthly, 1990.

Првата група ја сочинуваат терористички организации кои се појавуваат во времето на деколонизацијата и кои се поистоветуваат, или директно учествуваат во борбата против колонијалното ропство.

Нешто подоцна, или дури и во самото време на револуционерните движења во име на деколонизацијата се појавуваат терористичките групи кои се импресионирани од борбата на народите за ослободување на колонијалното ропство (втора група на терористички организации). Најчесто станува збор за сецесионистички и сепаратистички движења на одредени малцинства, кои со прекројувањето на границите се нашле во различни држави, па основната кауза е посветена на обединување на некогашните нивни територии. Такви се ЕТА, ИРА, Работничката партија на Курдите во Турција и др.

Третата група на терористички организации се организации кои своите мотиви не ги бараат во името на правото на самоопределување како втората група, туку во наметнувањето на својата идеологија. Ова е посебно карактеристично за Јужна Америка, а како таква, која и денес егзистира е ФАРК во Колумбија.

Четвртата група терористички организации се организации кои се обоени верски и кои главно се претставници на т.н религиозен тероризам. Најзастапени се на Блискиот Исток.[12]

Современиот тероризам е криминал од мултикаузална природа, затоа што го предизвикуваат и условуваат голем број на субјективно-објективни теризмогени фактори. Неговата феноменологија е мултиманифестна, бидејќи мултиваријантноста на појавните облици на тероризам е „ограничената имагинација на терористите". Го одликува употребата на насилство и тоа физичко (физичка сила, огнено оружје, експлозивни направи, отрови, радиоактивни материи и сл.), а неретко и разни облици на ментална манипулација и индокринација (спрема јавноста, но и спрема жртви на киднапирања кои после „перење на мозокот" се придружуваат на терористичките организации). Жртвите на тероризмот се разноврсни, од оние кои се вплеткани во политичко-идеолошки проблем (целно-селективни жртви), до оние кои со тоа немаат никаква поврзаност(недолжни граѓани како деперсонализација на земјата.) до следни ефекти на изненадување, дури и кога терористичките напади се очекуваат, изборот на

[12]Министерство за одбрана на Република Македонија, Современа македонска одбрана, Скопје, достапно на http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/Sovremena-makedonska-odbrana-br_15.pdf стр. 187

метите, времето, местото и начинот на нападот ги изненадуваат државите, домашната и меѓународната јавност, со што се создава неизвесност, несигурност, паника и страв дека секој е потенцијална жртва.[13]

Современиот тероризам се разликува од класичниот и по систематичноста односно целно планирано и организаирано делување потоа неморалност и противзаконитост, економичност во постигнување на целите, разновидност на објектите на напад итн.

Во теориите на безбедносните науки, како одредница на современиот тероризам (по кои тој се разликува од традиционалниот), може да се издвојат: глобалност (границите повеке не се бариера за тероризмот), леталност (промена на тактиката со која некогаш се тежнееше кон вознемирување на јавноста со жестоки акции, нови тактики за убивање на што поголем број на цивили и заплашување на што поголем број на луѓе), значително поголема координираност на терористите и поголем обем на насилство, употреба на најразвиена технологија и насоченост кон уништување на развиената технологија и насоченост кон уништување на технологијата која ја загрозува „светата традиција„ на терористите, го организира и спроведува транснационална организирана мрежа, го спроведуваат фанатични екстремисти желни за што повеке унишување со примена на самоубиствени методи, неспремни за преговарање и компромиси, како и голема омраза спрема метата.[14]

Како што наведовме современиот тероризам по многу нешта се разликува од класичниот тероризам. Таквата разлика придонесе на меѓународен план државите да започнат да применуваат поинаков начин за негово справување. Така на пример, ако при справувањето со тероризмот државите и меѓународните организации од меѓународно-правен аспект се повикуваа на кривичното право (усвоени низа конвенции во кои тероризмот се инкриминира како кривично дело кои подоцна се имплемнтирани во националните законодавства), по 11 септември 2001 година дојде до значителна промена во справувањето со истиот. Резолуцијата 13731 на Советот за безбедност на ООН го поврзаа правото на самоодбрана (во случајот на САД) со борбата и начинот за справувањето со тероризмот.На тој начин правната основа за

---

[13] Republika SrpskaVladaMinistarstvo unutrašnjih poslovaUprava za policijsko obrazovanjeVisoka škola unutrašnjih poslovau saradnji saHans Zajdel fondacijom, ZBORNIK RADOVA, Međunarodna naučnostručna konferencijaSUPROTSTAVLJANJE TERORIZMU– MEĐUNARODNI STANDARDI IPRAVNA REGULATIVAKozara, 29. – 30. marta 2011. Godine стр. 5

[14]Kegli, Č. V.; Vitkof, J. R.,Svetska politika – trend i transformacija.Beograd: Centar za studije Jugoistočne Evrope, Fakultet političkih nauka iDiplomatska akademija MSP SCG. 2006. Стр. 632

преземањето на мерки и активности од страна на државите како субјекти на меѓународната сцена не е повеќе единствено националната кривична легислатива, туку меѓународно право за вооружен конфликт.Тоа значи дека наместо полициски сили, операциите против тероризмот ги изведуваат воени сили. Со појавата на современиот модерен тероризам всушност на секоја чанта гледаме како на потенцијална бомба, а на секој агол – непријател. Почнуваме да се подготвуваме за најстрашното. Како што ги барикадираме прозорците пред надоаѓањето бура, така ги ограничуваме нашите движења, очекуваме да ги чуеме последните предупредувања и чекаме. Постепено, нашиот свет се менува, станува помал и исполнет со страв, а извесноста на насилството се совпаѓа единствено со неговата непредвидливост. Ова е крајната цел на тероризмот, да ја разниша нашата безбедност, мирната реалност и да нѐ потсети преку шокот од крвопролевањето, дека без разлика на тоа дали го прифаќаме или не, дали го признаваме тоа или не – ние сме во војна. Политиката ретко претставува игра меѓу еднаквите, а битката за моќ меѓу оние што ја имаат и оние што ја посакуваат според својата природа претставува неизбалансирана битка. Во суштина, таа е асиметрична. Денес, на почетокот на XXI век, балансот на глобалната сила останува во рацете на западните отворени општества. Сепак, по својата природа, отворените општества се на специфичен начин ранливи во однос на ескалирачката форма на асиметричното политичко насилство. Оваа форма се нарекува тероризам. Оние што ја спроведуваат го користат стравот за да го уништат силното чувство на безбедност. Користејќи силно адаптибилни методи, почнувајќи од импровизирани експлозивни направи, па сѐ до примената на авионите како ракети, тие успеваат да го нарушат балансот на силата, во потрага по нивните сопствени политички цели. Политичкото насилство не е нов феномен. Примената на сила, како средство за постигнување политички цели, претставува основен аспект на политиката од најдревните времиња. Без разлика на тоа дали се спроведува од страна на оние што се на власт, како, на пример, државниот терор од страна на нацистичка Германија или сталинистичка Русија или од страна на оние што бараат политичка промена, како што се, на пример, персиските убијци од XI век или „Ал Каеда“ од современите денови, од страна на слабиот или силниот, примената на сила за постигнување политички цели е и заедничка и природна.

Ако постои победничка формула во која било асиметрична битка, таа се состои во изнаоѓањето и искористувањето на слабоста на непријателот, што е можно порано и почесто. Тоа е формула која е сфатена од страна на кинескиот теоретичар Сун Цу,

германскиот Клаузевиц, мислителите за герилски тактики од XX век, денешните теоретичари на четвртата генерација на војување и спречување бунт и решителниот напад врз Ирак. Едноставно кажано, со зборовите на Самуел Шуберт, се работи за вештина на претворање на нееднаквоста во предност. Основачите на САД ова добро го разбираа. Нивната комбинирана милиција истапи против британските полициски сили, користејќи ја тактиката „удри и бегај“ за максимизирање на победата. Послаби во бројка и вооружување, тие избраа да се борат во индиректни битки, користејќи ги ригидните структури на војската на кралот Џорџ. Тие видоа и искористија асиметрична предност. Нивните дела создадоа нација која за само два века стана доминантна светска сила, додека нивните методи оттогаш станаа „modus operandi“ за речиси секое националистичко, сепаратистичко и револуционерно движење. Во последните 50 години оваа стратегија прерасна во тренд. Во битките меѓу слабите и силните, слабите сè почесто ги добиваат војните. Меѓу 1800 година и 1949 година, четири од пет асиметрични конфликти резултираа со победа за силните актери. Сепак, во периодот меѓу 1950 година и 1998 година, трендот драматично се промени. Во далечните места како Куба, Алжир, Мозамбик, Авганистан и Виетнам, послабите сили победуваа 45% од случаите. Апсолутните сили од аспект на материјал и човечки потенцијал не се повеќе гарант за победа. Наместо тоа, послабите сили сè повеќе избираат индиректни битки во урбани средини. Во дејствувањето насочено кон заштита на сопствените граѓани, многу западни демократски влади ја зајакнуваат безбедноста, ограничувајќи ја приватноста и домашните индивидуални права, и водат војни надвор од своите граници.[15] Постојаната закана од напад негативно влијае врз слободните пазарни економии, зголемувајќи ја цената на добрата и на услугите, нарушувајќи ја слободата на печатот, ограничувајќи отворени дискусии за домашни и меѓународни прашања, загрозувајќи ги меѓународните алијанси и основното функционирање на отворените влади. Спротивставувањето на таа закана е неопходно за опстојувањето на моделот на западната демократија, слободното движење, изразување и приватност. Во текот на 39 години од собраните податоци за терористички инциденти, само бомбашките инциденти бројат повеќе од 107 000 жртви и речиси 57% од сите терористички инциденти до денес. Уште полошо, бројот на напади годишно се зголемува. Опасниот тренд ја наметнува најсериозната закана која може да се замисли за отворените општества и нанесува удар на непроценливото чувство на безбедност, кое е од

[15] Ненад Танески, Методија Дојчиновски, Старо-нови безбедносни закани, Министерство за одбрана, 28-03-2016 достапно на: http://morm.gov.mkм

суштинско значење за слободното движење. Накусо, најголемата закана од тероризмот за отворените општества лежи во немирот што тој го поттикнува, наведувајќи ги граѓаните доброволно да ги жртвуваат своите слободи кои тешко ги заработиле, во потрагата по безбедност, со што во крајна инстанца се менува природата на самите отворени општества.

Нападите од 11 септември направија пресврт, не само во меѓународно политичка смисла, тукуконсеквентно, и во меѓународно безбедносна смисла. Потребата од соработка и размена на информации на довчерашните служби кои себе си се гледале како цел или предмет на интерес, во услови на егзистирање на заедничко зло, ги руши сите веќе надминати бариери изградени од времето на Студената војна. Колку и да звучи параноично, носталгијата по старите терористи од т.н. „класична ера„ на тероризмот е присутна и кај воениот и кај оперативно-разузнавачкиот персонал. Современите терористи се разликуваат во организацијата, идеологијата, начинот на финансирање, вештините со кои располагаат и во операциите, од класичните терористи. Опасноста од линкот помеѓу нуклеарното оружје и современите фанатизирани терористи претставува кулминација во заканата по светскиот мир и безбедност. Наместо секуларен, современиот тероризам се заканува со апокалиптичен пристап кој може да биде кобен.[16] Тоа ја алармира целокупната меѓународна безбедносна структура и ја турка во итната потреба од меѓусебна соработка.

---

[16]Методи Хаџи-Јанев, Разбирањето на современиот тероризам преку концептот на Ал Каеда, Современа македонска одбрана, Списание на Министерството за одбрана.

## 3. Дефинирање на современиот глобален тероризам

Ако не е тешко да се дефинира тероризмот, сепак целитена тероризмот и начинот на неговата примена се тешки за дефинирање. Тероризмот нема прецизна дефиниција. Заедничка општа дефиниција е дека е акт на насилство, или закана со насилство поврзано со намерата да се предизвика страв. Во појмовното одредување на современиот тероризам присутни се академски и административни дефиниции.

Во речникот на францускиот јазик тероризмот се тумачи како „ збир на акти на насилство кои некоја политичка организација ги врши зада влијае на населението и создава клима на несигурност."[17]

Во англискиот речник тероризмот се прецизира како „методна управување или спротивставување на некои влади обидувајќи се да предизвика страв".[18]

Во италијанскиот речник тероризмот претставува „ средство на екстремно и илегално насилство во политичката борба."[19]

Според Радослав Гачинович, Современиот тероризам е форма на насилно однесување, тој е генератор на насилство или претење со насилство, со цел блокирање и функционирање на влади, односно, на општествено-политичкиот систем и промовирање на политички, идеолошки или повисоки верски принципи на севкупното насилство.

Лимкин (Raphael Lemkin) гоодредува тероризмот како промислена употреба на било какво средство со кое може да се создаде општа опасност. Таа општа опасност е уствари опасност која им се заканува на интересите на повеќе држави и нивните граѓани.[20]

---

[17] Dictionnaire de la langue francais pae Paul Raubert, redaction dirig, par A. Reyet, J. ReyDebove: Paris, 1979, p. 1950.
[18] The Random Hause Dictionary of the English language, The Unabridged Edition, Edit, Director S. B. Flaxner: New York, p. 1466
[19]Il grande Dizionario Garzanti dela lingua italiana, l`opera e stata reallazzata dalla Redazioni, dirette du Lucio Felici, Milano, 1989, p. 2006.
[20] Lemkin, R.: Faut il un nouveau deit de droit gens nomme terrorisme, Revue de droit penalet criminologie, Belge, No. 13/1933, p. 900–901.

Под тероризам А. Сотиле подразбира метод на криминална активност кој го карактеризираат терор и насилство заради постигнување на одредени цели. Тоа е криминален акт кој е изведен со заплашување и насилство заради остварување на одредени намери.[21]

Понтера го дефинира тероризмот како секои акт кои е изведен како метод на политичка борба, со употреба на екстремно насилство спрема жртвте.[22]

Теоретичарот Гласер смета дека тероризмот е користење насилство со помош на различни средства со цел да се постигне поединечна, лична корист на сметка на одредено друштво или да се оствари одредена политичка доктрина од која зависи дали е во прашање злочин од обичајното право или во прашање е политички деликт.[23]

Владата на САД уште од 1983 година употребува дефиниции за тероризмот кои во суштина се детерминирани од следните елементи: Поимот тероризам претставува промислено, политичко мотивирано насилствоизвршено против невоена цел од страна на субнационални организации или тајни агенти. Поимот меѓународен тероризам подразбира тероризам во кој се вклучени граѓаните или територијата на повеќе од една земја.

Стејт департментот ја користи следнава дефиниција на тероризмот: "Политички мотивираното насилство во прв степен, кој ќе се одржи против цивилни (noncombatant) цели од локалните групи или лица со прикриен идентитет, обично се наменети да влијае врз јавното мислење", "незаконско користење на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши владата, цивилното население или други сегменти и да се промовира на политички или општествени цели".

Американското Министерство за одбрана го дефинира тероризмот како: "На незаконско користење на - или заканата од - на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши владите или општествата, почесто за да се постигне политички, религиозни или идеолошки цели".

Професорот Сименуновиќ смета дека феноменот современ тероризам може теоретски најопшто да се одреди како сложен облик на организирано, индивидуално,

---

[21] Sottile, A.: Le terrorisme international, Recueil des Cours, Paris, T. 65, 1938, p. 96.
[22] Pontera, G.: Violenyia e terrorismo, Il pproblema delia definizione e della guistificayione, Dimensioni del terrorismo politico, Milano, 1979. p. 58
[23] Радослав Гаћиновић, Феноменологија савременог тероризма, ДК: 327.88 (100) 323.285 (100)

институционално политичко насилство, кое го обележува застрашувачко насилство, со физички и психолошки методи на политичката борба кој се јавува обично во време на економски и политички кризи (ретко во услови на економска и политичка стабилност) систематски обидувајќи се да оствари „големи цели„ кои се целосно несоодветни за условите, пред се, социјалната состојба и историските можности на оние кои се загрозени.[24]

Дефинирањето на поединците кои извршуваат терористички акти често пати е полесна задача. Повеќето терористи се наградени за тоа што го направиле. Во многу случаи ќе остварат контакт со информациски центри, или со еминентни новинари за да го објаснат поводот и причината зошто го направиле терористичкиот акт.

Во дефинирањето на тероризмот постојат два основни пристапи, научно –теориjски, кои се ослонуваат на употребата на методите на друштвентите науки и правни кому задачата вредносно ја одредува самиот поим, како ипрепишување адекватни санкции пошто тероризмот сепак е кривично дело. Битно е да теориската и правна дефиниција не се раздвојуваат, со тоа што теориската дефиниција секогаш треба да претходи на правната. [25]

Од сите овие дефиниции постои една заедничка одредница која би помогнала во дефинирањето на тероризмот, а таа е да тероризмот е напад или насилство над недолжни граѓани во политичките или други сфери, а ја започнуваат елементи кои не се означуваат како државни (иако многу често знаат тоа да бидат).[26]

---

[24]Симеуновић, Д.: Међународни тероризам, Београдски форум за свет равноправних, Београд, 2002, стр. 13.

[25]Иван Димитријевић: Проблематика научнотеоријског дефинисања тероризма, у: Часопис Безбедност, број 6/05, Београд, 2005, стр. 967.

[26]Silvana Marić, Terorizam kao globalni problem, Pregledni rad UDK 323.28:327.88 (87-102) Primljeno: 25. travnja 2012. Str.87

## 4. Феноменот на глобалниот тероризам

Датумот на терористичките напади врз САД, 11 септември 2001 година, воуниверзалната историја на современиот свет доби симболично значење, какоперсонификација на голем дисконтинуитет. Американците го нарекоа dividing, со целда се истакне дека во иднина секогаш ќе постои едно пред, и едно по овој датум. Одсвоја страна, некои европски експерти, како Ибер Ведрин (Huber Vedrin), поранешенминистер за надворешни работи на Франција, не го делат таквото мислење,истакнувајќи дека епохата се промени со падот на комунизмот и распаѓањето на СССР,

а не со терористичките напади од 11.09.2001 година. Без да се навлегува во оваареторика, факт е дека терористичките напади врз САД ја забрзаа светската историја.Според американскиот историчар Пол Кенеди: „САД целосно влегоа во 21-от век на 11

септември 2001“. (Paul Kennedy, автор на делото „Да се подготви 21-от век“, Preparerle XXI siecle, ed. Odil Jacob, 1996 г.)Изразите „војна против тероризмот“ (War on terrorism), „војна против теророт“(War on terror), „глобална војна против теророт“, Global War Terror (GWOT), се еденгеополитички концепт кој го развила американската администрација на претседателотGeorge W. Bush, по атентатите од 11.09.2001 година. Со доаѓањето на власт наадминистрацијата на Обама, на почетокот на 2009 година, овој термин сé поретко сеупотребува и, речиси, е надвор од циркулација. Претходно, на почетокот на својот мандат, изразот го користел и претседателотReagan, а подоцна и претседателот Bill Clinton, кога кон 2000-тата година посочил назаканите од тероризмот. Надругата страна на светот, Организацијата за соработка од Шангај, во која членувалеРусија, Кина и други нации од Централна Азија, уште на 15 јуни 2001 година објавилевојна против „трите сили на Злото: тероризмот, сепаратизмот и екстремизмот“ ворамките на Конвенцијата за борба против: тероризмот, сепаратизмот и екстремизмот.Се работи, всушност, за разни полициски, политички и воени безбедносни сили со коираководат САД, поддржани од страна на бројни сојузници на НАТО, против разниорганизации поврзани со исламскиот тероризам, во преден план Ал Каеда.Антитерористичките операции се поддржани од страна на координацијата нанивo на ООН, од страна на разни комитети создадени од страна на Советот

забезбедност на ООН, која со Резолуцијата 1373 од 28.09.2001 година ги задолжи ситедржави на Обединетите нации да преземат најразновидни законски мерки противтероризмот.Инаку, во првите месеци по атентатите од 11.09.2001 година, претседателотЏорџ Буш почнал да зборува за крстоносните походи против тероризмот. Наинсистирање на неговите советници, формулата која премногу асоцирала на епохатана Крстоносните војни во Светата земја од средниот век, набргу била напуштена, соглед на тоа што ја алиментирала војната меѓу религиите. Наместо Хатингтоноватаерминологија за „шокот на цивилизациите“, Бушовата администрација почнала да гоупотребува изразот „борба против тероризмот“. Овој флуиден израз, инаку сé уштенемал своја прецизна дефиниција, а во најголем број случаи, не можела да сеповлече ниту јасна граница меѓу тероризмот и разните форми на отпор и герила. Заголем број експерти, со оглед на различните искуства на бројните ослободителнидвижења во светот и натаму останала неразјаснета дилемата: дали значи дека вомеѓународната заедница постои добар и лош, позитивен и негативен, продуктивен инепродуктивен, напреден и конзервативен тероризам? Иако субјективните толкувањасе различни, по неколкуте терористички акти и бројните невини жртви, станува јаснодека тероризмот не може да се систематизира. Со право, шефот на Разузнавачкатаслужба на Израел - Мосад, Ефраим Халеви истакнува дека „не постои разлика меѓудобриот и лошиот тероризам”. Walter Laqueur, авторот на популарната студија „The new terrorisme“, сметадека: „Тероризмот е насилство, но секоја форма на насилство не е тероризам.Тероризам не е граѓанската војна, бандитството или герилата...”. Терористичките напади од 2001 година отворија една широка дебата на дветестрани од Атлантикот. Освен ургентната потреба за заштита на цивилното население,тероризмот се конфронтира со демократиите на едно двојно отежнувачко ниво. Настратешки план, традиционалните правила на играта повеќе не функционираат.Наспроти една закана, која според својата природа е анонимна, недржавна инепредвидлива, речиси не е можно да се изгради еден систем на одбрана запревенирање на тероризмот. На психолошки план, од друга страна, меѓународниоттероризам настојува да ги потхранува екстремните реакции. САД презеде лидерствона антитерористичката војна, понекогаш со ексцеси и симплифицираност, но секогашистакнувајќи го уништувањето на тероризмот како апсолутен приоритет нанадворешната политика. Во оваа насока може веќе да се зборува и за извесниконсеквенци на настаните од 11.09.2001 година врз надворешната политика на САД и

на нејзините односи со главните светски актери - ЕУ, НАТО, Русија.

Таа антитерористичка војна се разликува од традиционалната антитеро-ристичка војна, како според воените акции од широк обем во странство, поактивниотинтервенционизам, фактот што не конфронтира со држава (инаку дефиниција навојната според меѓународното право), туку со недржавни групи. Оваа конвенција ќе се

сведе на стратегијата на превентивни војни против државите кои се осомничени декаги згрижуваат терористичките групи, или постои подготвеност да ги снабдат со оружје за масовна деструкција. Антитерористичката војна подразбира директни удари против терористичките ќелии, деструкција на логорите за тренинг и индиректна војна. Индиректната војна значи истражувања и притисок врз владите, организациите и лицатакои ги поддржуваат терористичките организации. Воедно, означува и финансискапомош кон државите-учеснички во антитерористичката војна, пораст на меѓународната полициска соработка, како и соработка меѓу разузнавачките служби (создавањена Alliance Base, со седиште во Париз), обиди за политичка реорганизација наСредниот Исток, проектирана од страна на администрацијата на Буш, проектот заГолемиот Среден Исток, инициран од страна на неоконзервативците, и сл.За сметка на тоа, Европејците, често одбележани со сопствените различнипристапи кон феноменот, како во анализата, така и во изборот на антитерористичкатастратегија, оддаваат импресија на расчекор и хетерогеност во однос на американскитесојузници. На тој начин се наметнаа два антагонистички пристапа кон феноменот натероризмот. Едниот е американскиот пристап на „војна", кој смета дека со тероризмоттреба да се води решителна војна, со масовна мобилизација и обединување нарасположивите извори и паралелно ограничување на индивидуалните слободи. Вториот пристап „управување со ризиците" е европскиот кој смета дека „не е соодветнода се зборува за војна, бидејќи за да се победи тероризмот, неопходно е тој да биденападнат во неговите корени. Таквата сртатегија не може да се ефектуира со помошна воени средства. Споменатите два пристапа заемно не се исклучуваат, ноимплицираат разновидни приоритети, стратегии и концесии за да се достигне еднаколективна акција. Извесно е дека елементите на опишаните две стратегии сенеопходни за да се води една ефикасна војна против тероризмот.[27]

[27]Нано Ружин, НАТО во современите меѓународни односи, Скопје, 2010, стр. 106-107

Разгледувајќи го тероризмот, како акт на насилство, би можеле да заклучиме дека тој, особено денес, има политички префикс и, исто така, може да го вклучиме во групата на политичко насилство.Со констатацијата не се запоставуваат другите видови на тероризмот, како штоверски, етнички, итн .Во меѓународниот правен и политички кругови, изразена е желба да тероризмот, како начин на делување во старт да се осуди.Неспорно е правото на државата дабило каква форма на штета на неа и на општеството во целина се карактеризира какокривично дело и дека како такви да бидат соодветно санкционирани. Во "правното владеење" на земјите тоа е така . Убиство, без оглед на мотивите кои го покренуваат е забрането дело.Терористички чин се состои од извршување на кривични дела, но не е било кое дело тероризам. Покрај тоа, со националното законодавство на некоиземји, особено оние кои "мотивираат" тероризам, не се согласни со тоа кое кривично дело е тероризам. Се поставува прашањето зошто државите членки на меѓународната заедница имаат различни ставови за тероризамот како кривично правен поим. Додека од една страна имаме националното законодавство на поедини земјикои го санкционираат тероризамоти терористичките акти, какочин забранет со закон, кои се регулира не само со кривичниот закон, туку и со посебни закони против тероризмот односно законите за борба против тероризмот,од друга страна имаме земји кои овој поим го немаат вклучено во своите закони ни како кривично дело. [28]

Образложението во прв ред лежи во фактот што не се сите држави во иста мера погодени од тероризмот, па со самото тоа во своето национално законодавство не инкорпорирале начин на свое делување на состојбата со односите во своето друштво или пошироко во меѓународната заедница, истотака условува формирање адекватен кривично правен став за тероризмот во таквата држава. Да се окарактеризира тероризамот како кривично- правен феномен е можеби и премногу јака констатација, но различностите во законските регулативи кои се евидентни меѓу државите не наведува на таков заклучок.

[28] Stevo Ivetić, Tatjana Maričić, TERORIZAM I MEĐUNARODNI ODNOSI, UDK 323.285: 327.7/.8, стр. 512

# 5. Карактеристики на современиот глобален тероризам

Карактеристиките на современиот глобален тероризам се поврзани со неговото манифестирање, кое го прави специфичен. За основни карактеристики на современиот глобален тероризамот се сметаат:[29]

- Акт на насилство;
- Предизвикување страв;
- Остварување на политички (криминални) цели;
- Пренесување одредена порака;
- Организираност;
- Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичкиот акт;
- Избор на жртви и објект на напад;
- Противзаконитост на терористичкиот акт и
- Осуда на тероризмот

*Акт на насилство*-еден од најважните елементи на тероризмот е насилството. Секој терористички акт е всушност акт на насилство. Насилството најчесто се согледува во грубата употреба на сила, по пат на различни начини и средства. Една од карактеристиките на насилство е неговата несразмерност заради остварување одредени цели. Истотака насилството се третира и како облик на општење и комуникација помеѓу носачите и жртвите на тероризмот.

*Предизвикување на страв*- предизвикување на страв и други психички реакции спрема жртвите и објектот на напад е втор битен елемент на тероризмот. Предизвикување на состојба на страв, како последица на терористички напад, е посакуван ефект кон кои тежнеат носачите на тероризмот. Поради тоа со терористичкиот акт не е посакувано да се погоди само непосредна (попатна) жртва на напад, туку целиот терористички акт изазива чувство на интензивен страв кај широка група, која се поистоветува со жртвите на напад.

*Остварување политички (криминални) цели* – општо е познато дека со терористичкиот акт се тежнее да се остварат одредени политички цели. Лепезата на терористички цели

[29]Миле Шикман, op. cit., стр. 82. Упореди: Душко Вејновић, Миле Шикман, Слободан Радуљ, op. cit., стр. 32.

кои се посакува да се остварат со тероризмот е широка и захтева согледување на сите аспекти кој на терористичкиот акт му даваат елементи на политичност. Најчесто се работи за неусогласеност на политичките цели и средства за нивно остварување, што значи да политичките цели настојуваат да ги остварат на недозволен и според општествените норми неприфатлив начин.

*Пренедување одредена порака* – составен елемент на терориззмот е пренесување на одредена порака, со која носачите на тероризамот укажуваат на своите цели, намери, мотиви итн. Пораката е насочена како спрема жртвите и објектот на напад, така и спрема истомислениците. Поради таа причина присутен е феноме „преземање на одговорност„ за извршени терористички акти.

*Организираност*- организираност е особина која подразбира постоење на терористичка организација како непосреден носач на тероризмот кои се основаат и делуваат во илегала. Терористичките организации ги карактеризира препознатлива линија на командување, со поединец на чело, кој привидно делува по своја волја. Разни се облиците на организираните терористички организации, но се повеќе се бележи тенденцијата на т.н „мрежно" организирање на терористички организации.

*Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичките акти* - Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичките акти се карактеристики на терористичкиот акт кои му даваат посебна конотација и припаѓаат на редот најголеми злосторства и оапасности на денешницата. Овие карактеристики укажуваат на смислата на тероризмот како брутално насилство кое нема обзир спрема никакви морални, обичајни, општествени и други норми, а се заради остварување на некакви ирационални цели.[30]

*Избор на жртви и објект на напад* – ова е една од најзначајните карактеристики на тероризмот. Подразбира голема разноликост на жртви објекти на напад. Се остава впечаток дека нема жртви ниту објекти кој не може да бидат мета на терористички напад. Терористичките мети може да се поделат на: мети на напад на луѓе и мети во облик на објекти. Терористички мети на напад на луѓе се: председатели на држави, истакнати политичари, дипломати, важни воени лица, успешни научници, случајна група на луѓе итн. Терористички мети во облик на објекти обично се: владини згради,

---

[30] Радомир Кеча, ТЕРОРИЗАМ- глобална безбједносна пријетња - Бања Лука, 2012, стр.32

воени и полициски објекти, дипломатско-конзулатски претставништва, научни објекти и институти, туристички објекти, хотели, плажи, превозни средства итн.

*Противзаконитост на терористичките акти* – ова е општа карактеристика, бидејќи секој терористички акт пред се, со правни норми забранет акт. Со тоа вршењето на терористичкиот акт како со меѓународни, така и со внатрешни правни прописи, е окарактеризирано како кривично дело и како такво е најстрого забрането.[31]

*Осуда на тероризмот*- ова би била една атипична особина на тероризамот, која не е во врска со конкретното вршење на терористички акт, но de facto секогаш постои кога се говори за тероризам. Нема терористички чин кој не е осуден како таков, било да станува збор за званични осуди, било да се работи гадење од самиот терористички чин.

[31]Радомир Кеча, ТЕРОРИЗАМ- глобална безбједносна пријетња - Бања Лука, 2012, стр.33

## 6. Облици на современиот глобален тероризам

Еколошки тероризам – еколошкиот тероризам во почетокот на 21 век станува најизразена опасност за човештвото. Овој облик на тероризам е карактеристичен по тоа што во своите активности користи „ ресурси како алат„ и „ресурси како мета". До видот на тероризам, ресурси како алат, доаѓа кога еколошките ресурси користат како пренесувач деструктивен т.е. опасен аген на популацијата. Терористите кои користат ресурси како мета можат да дигнат во воздух брана и да поплават град или повеќе градови. Овие напади се за сега нетипични, но не е исклучено дека терористите во иднина нема да посегнат и по таква активност. Еколошкиот тероризам како облик на тероризмот го сочинуваат:[32]нуклеарен, хемиски и биолошки тероризам.

- Нуклеарен тероризам- под нуклеарен тероризам се подразбира употреба или закана за употреба на радиоактивна материја. Нуклеарното оружје на терористите може да му овозможе значајна предност во процесот на остварување на нивните политички цели, а посебно во привлекување внимание од светските медиуми. Можноста од примена на нуклеарен тероризам е факт кој предизвикува загриженост. Нуклеарниот тероризам е поим кој опфаќа повеќе можности кој не мора нужно да вклучува и нуклеарно оружје.

  Затоа,најсоодветно е да се зборува за користење на нуклеарни материјали за терористички цели, кој е најстариот сеопфатен преглед на нуклеарен тероризам. Во таа смисла може да се дефинираат три основни принципи на дејствување:

  1) употреба на нуклеарно експлозивни направи (нуклеарни експлозии)

  2) напад или саботажа на постојните нуклеарни објекти;

  3) користењето на т.н.. валкани бомби (класична експлозија со која радиоактивен материјал се распрснува во животната средина).

- Биолошки тероризам- Биолошкиот тероризам е злоупотреба на отрови, патогени микроорганизми или биолошки агенси со цел да се предизвика болест и/или смрт на луѓе, животни и билки. За да би можело да се употребат овие средства потребно е тие да бидат инфективни, релативно отпорни на атмосферските влијанија, доволно цврсти за да го издржат процесот на производство, чувањето, транспортот и користењето како и да бидат живи.

[32]Radovan Jović i Andreja Savić, Bioterorizam, Institut za političke studije, Beograd, 2004.

Терористите побрзо би го употребиле биолошкото оружје отколку сексплозивните средства поради високиот степен на смртност кај луѓето; бидејќи со мала количина на патогени може да се постигне стратегиски ефект на деструкција; затоа што агенсите многу лесно и брзо се активираат; опремата која е неопходна не е скапа и лесно се набавува.[33]

Биолошкиот тероризам може да се подели на три врсти: употреба на биолошки агенси во терористички напади против луѓе; терористички напади против домашни животни илиодгледувани билки; употеба на биолошкото оружје против животната средина и нејзино контаминирање;.Употребата на ваков вид на оружје е многу поверојатен отколку на нуклеарното оружје.[34]Терористички напади со ваков вид на оружје би предизвикале висок степен на смртни случаи, а е многу поедноставно да се направи и употреби.Терористичките напади со биолошко оружје би можеле да се извршат со употреба на експлозивни средства кои би се полнеле со микроорганизми или заразени животни (најчесто инсекти) и би можеле да се изведат на три начини: со растурање низ воздухот, вметнување или оставање на преносители на заразата со внесување на патогени микроорганизмми или вдишување на нивните токсини преку контаминиран воздух; користење на контаминирана храна или вода со предизвикувачи на одредени болести; преку кожата или слузокожата или преку рана од контаминиран воздух или предмет или друга површина.

- Хемиски тероризам- Извршување на терористички напади со хемиско оружје веќе е реалност. Отровните хемиски супстанции исфрлени од некое оружје можат да се распространат на простор од неколку десетици хектари до неколку стотици хектари, а пареата или облакот можат да се разнесат од ветерот на повеќе квадратни километри. Со терористичките напади со хемиско оружје се уништува животинскиот и растителниот свет, а се контаминира и водата и почвата. За да се употребат одредени хемиски супстанции за терористички напади потребно е да имаат одредени карактеристики како што се: да бидат високо токсични, да бидат релативно отпорни на атмосферските дејствија и да бидат масовно произведувани.

[33]Radovan Jović i Andreja Savić, Bioterorizam, Institut za političke studije, Beograd, 2004.
[34]Pesto, H. (2011).Pojavni oblici terorizma.Godisnjak, Fakultet politickih nauka, Univerzitet u Sarajevu, 468-486.

Хемиските супстанции терористичките групи можат да ги добијат или купат од одредени држави кои ги поседуваат или ги произведуваат, а се поддржувчи на терористички организации, можат да ги украдат од некој кој ги поседува или пак можат и самите да ги произведат доколку имаат можности и обучен кадар за тоа. Постои објективна опасност од употреба на хемиски средства од страна на терористичките организации. Најтежок терористички напад во кој е употребено хемиско оружје се случил во 1995 година во подземна железница во Токио. Сектата Аум Шинрикио испуштила нервни гас помеѓу патниците, и во таа прилика 12 лица загинале а повеќе од 5.500 луѓе биле тешко повредени. Многу од тие луѓе имале трајно оштетување на нервниот систем.[35] Јачината на употребениот сарин била само 30% од токсичност на тие супстанци кој се применуваат во воени цели.

Сајбер тероризам - Сајбер тероризмот е злоупотреба на информациските системи со заплашување или изнудување при што со последицата од оваа злоупотреба директно не се погодени луѓето. Меѓутоа луѓето може на посреден начин да бидат засегнати од сајбер терористичките напади на пример со онеспособување и уништување на одредени витални општествени функции со кои би се предизвикало хаотична состојба или страв.Терористичките организации се застапени на интернет и со свои сопствени веб-страни шират одредена пропаганда, собираат финансиски средства, регрутираат нови луѓе.Сајбертероирстичките напади најчесто се вршат врз веб-страни на државни органи или пак на некои организации.Во време кога тешко може да се спротистави на надмоќниот противник, терористите применуваат нови модерни и технолошки современи системи и методологија за судир на противничкиот политички систем. Новото оружје во новиот сајбер свет го сочинуваат логичките бомби (logic bombs), ”тројанци” (Trojan horses), ”црви” (worms), вируси кој треба да предизвикаат престанок на работата на системот и губење на информации. Интернет тероризмот (cyber terrorism) и интернет војувањето (cyberwarfare) стануваат се поприсутен облик на терористички активности.[36] Со помош на ова оружје интернет терористите можат да: преоптеретат телефонска линија со специајлизиран софтвер; попречуваат авионска контрола и компјутери задолжени за контрола и работа на други видови сообраќај; злоупотреба на програми кој ги користат големи финансиски институции, болници и

---

[35]Radosav Gaćinović, Terorizam u političkoj i pravnoj teoriji, Evro-Giunti, Beograd, 2010.

[36]Miroslav M. Šepić, TEHNIČKO – TEHNOLOŠKI ASPEKTI PREVENCIJE I SUZBIJANJA TERORIZMA - Doktorska disertacija -Beograd, 2013.g. str. 61

други хитни служби; промена на формула за правење лекови во фабрика, промена на притисок во гасовод, саботажа на берза итн.

## 7. Полиња на терористичко делување

Политичко – терористичките групи можат да бидат разложени по однос на географските области во кои делуваат.

*Транснационални групи:* овие групи во основа дејствуваат самостојно. Иако не се под контрола насамо една влада, тие добиваат финансиска помош, или вооружување од една, или од неколку влади. Ова се нарекува тероризам со државна подршка. Режимите како што се оној во Либија, во СССР, во Северна Кореја, во Виетнам и во Сирија обично ги снабдуваат и ги обучуваат овие групи. Иако сите овие земји го побиваат фактот дека во рамките на нивните граници постојат кампови за обука на терористи, има податоци кој го тврдат спротивното. Иако транснационалните групи оперираат во повеќе од една област тие се верни на сопствената цел и на сопствената група. Високо се мотивирани и добро обучени според модерната терористичка тактика. Тие се високо мотивирани да предизвикаат пустош, деструкции и да влеваат страв. Тие патуваат од земја во земја потпомогнати од нивните спонзорски нации, или националисти. Ваков тип на група ке влезе во аеродром и ќе отвори оган врз патниците кој чекаат да влезат во авион. Групата која пред извесно време пукаше во патниците во Италија кои го чекаа авионот на  EI AI не беше од Италија. Таа отпатува во Италија со цел да го изврши терористичкиот акт.[37]

*Интернационални групи:* интернационалните групи се слични со транснационалните групи по тоа што тие оперираат без оглед на националните граници, сепак интернационалните групи се контролирани, или се управувани од специфични суверени влади. Тие може да бидат употребени како паравојски од влади кои сакаат надмоќ без легални одговорности. Сандинистите од Никерагва беа и се подржувани од Советскиот Сојуз и од Куба. Има групи во Африка и во Централна Америка

[37]Антони Џ. Скоти, Заштита на функционерите и меѓународниот тероризам, Култура, Скопје, 2004. Стр. 25

подржувани од други влади. Куба е многу активна во многу земји преку снабдување на терористите со опрема и со обука.

*Национални групи*: национални или домашни групи се автономни и дејствуваат во рамките на една земја, најчесто, актуелната влада на земјата не ја контролира или не ја управува групата. Во Перу групата наречена Shining Path (Светлечка патека) делува низ земјата обидувајќи се да ја собори владата. Феноменот на имитирање истотака се среќава во Перу. Криминални групи ги имитираат терористите, киднапираат деловни луѓе и ги задржуваат заради изнудување.

## 8. Чувството за сигурност и реалноста од терористичка закана

Чувството за сигурност претставува лично искуство на секоја индивидуа, но во научната терминологија многу ретко се зборува за чуството за сигурност, воглавно станува збор за чувството за несигурност, а што е всушност свртена перцепција.Во основа зборуваме за иста појава чуство за сигурност или чуство на несигурност, пришто и двата термини се однесуваат на истата перцепција на индивидуите или евентуално колективитетите-заедниците.Чувството на заедницата или колективитетот е всушност збир на изградените чувства на поединците во општеството во однос на националната сигурност или личната и јавната сигурност.Чувството за несигурност е изразено како намалена безбедност во секојдневниот живот.[38]Воглавно, тоа зависи од целната група која се чувствува небезбедна, нивната културолошка основа, секојдневните навики и социјалното опкружување, а особено од безбедносната култура на граѓаните.Ова особено се однесува на стравот од тероризам и неговите нови појавни облици кои може да дејствуваат врз повеќе безбедносни и општествени сегменти, секако вклучително и економската или еколошката безбедност. На пример, може да зборуваме за јавната перцепција на американските граѓани во однос на загрозеноста по 11-ти Септември 2001 година, за чувството за безбедност кај граѓаните на Лондон по бомбашките напади врз јавниот превоз во 2005 година и вовед во нов вид на закана наречена како "home-grown" тероризам. Интересно би било доколку спроведеме едно слично истражување во Бугарија во врска со прашањето за чувството за несигурност и

[38] D. Webb, E. Wills-Herera, "Subjective Well-Being and Security", Springer, London, 2012, pp. 39.

загрозеност од терористички напади на граѓаните на Бугарија, а како основа имајќи го терористичкиот напад на аеродромот Сарафово.[39] Може да очекуваме многу дивергентни одговори, пред се во зависност од целната група на испитаници, но и во зависност од временската дистанца од овој последен терористички напад и секако медиумската покриеност како резултат на креирањето на јавна политика за сигурност или несигурност. Во практика, чувството за лична безбедност е поврзаност помеѓу факторите на влијание на микро и макро ниво. Истото важи и за перцепцијата во однос на јавната и националната безбедност, но со повеќе влијанија на макро ниво, бидејќи главен фактор за креирање на чувство на сигурност или несигурност и за личната и за јавната и за националната безбедност е субјективното чувство, особено изразени на макро ниво во врска со прашања кои ја засегаатцелата заедница или нејзин поголем дел како што е случајот со тероризмот.од аспект на општата теориска поставеност на сигурноста може да констатираме дека современата безбедносна парадигма е концентрирана кон човековата безбедност. Човекот е поставен во средината на безбедносниот интерес, тој е објект на безбедноста и основна цел на заштита од ризици и закани.Оваа се однесува и на вториот дел од заканата, а тоа е кој ја испраќа заканата, во нашиот случај терористичката организација.Во основа главен објект и субјект на сигурноста е човекот, најценетото, но и најопасното за себеси и за опстанокот на средината создание на Земјата.[40] Поаѓајќи од оваа основа и заканите претставуваат пред се човекова перцепција, особено нивната реалност.Сојеберг констатира дека заканите создаваат еден вид на зголемено ниво на перцепција на заканите.Овој процес тој го нарекува асимилација и смета дека само доколку, заканата е многу веројатна (непосредна) ќе го истакне ризикот.Заканите во вкупната теорија на безбедноста се почеток на создавањето на теорискиот модел и ја определуваат нејзината динамика.Тој модел треба да даде одговор на тоа во кој правец ќе се движи операционализацијата, но не во однос на постапките на институциите, туку во однос на создавањето на моделот за заштита на државата.Тој модел се дефинира низ воспоставувањето на безбедносната стратегија, а преку неа во определување на непосреден еластичен модел кој треба да одговори на ризиците и заканите.Моделот се имплементира низ инструментите кои одговараат на стратегиските цели, а овие инструменти ги спроведуваат

[39]Оливер Андонов, ТЕРОРИЗМОТ – РЕАЛЕН ИЗВОР НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИЛИ НЕЗАГРОЗУВАЧКА ПЕРЦЕПЦИЈА (еден истражувачки поглед низ перцепцијата на граѓаните на државата), София, 2015, стр. 7

[40] И. Жељазков, Т. Трифонов, „Енергијната сигурност на Блгарија", Фондација национална и меѓународна сигурност, Софија, 2012, стр. 15.

институциите.Институциите мораат да се прилагодат во одвраќањето на заканите преку својата ефикасност, но и заканите и одговорите претставуваат динамичен процес во кој се вклучени повеќе елементи, а за кои во овој текст нема да зборуваме.Предизвиците врз сигурноста во крајна линија се реални процеси и промени во општеството, гледани како тенденции за развој, кои ќе ги дестабилизираат и изместат од усогласената состојба основните сфери на општествениот систем.Главната ролја во овој контекст на создавање чувство на загрозеност од терористички напади ја играат медиумите. На глобално ниво медиумите ја придвижија „глобалната војна против тероризмот“ како веќе подготвена стратегија на САД. Мотивите или финансиските бенефити за медиумите од оваа кампања нема да ги разгледуваме.

## 9. Развој на тероризамот во XXI век

Имено, напоредно со фактичките последици – загрозување или уништување на човечки животи, тероризмот предизвикува објективни кризни состојби и во вистински смисол на зборот претставува опасност по мирот и територијалниот интегритет на државите кои се изложени на неговото дејствување.

Ова оттаму што актите на тероризам вперени против државите всушност честопати се експлицитен повод за засилување или продлабочување на внатрешнитеполитички, верски или други поделби, со паралелни, исто такви рефлексии и во рамки на меѓународната заедница.

Во тој смисол сакам уште еднаш да потенцирам дека темпото на - условно кажано - развојот на тероризмот, е исклучително брзо како по формата така и по неговата содржина, типови или облици на органзирање, опременост и дејствување.

Говорејќи од безбедносен аспект, согледувањата и анализите покажуваат дека терористичките групи денес сè повеќе ги карактеризира факторот на изненадување, особено по примарната цел – државата или системот на истата. Дополнителниот елемент што ја усложнува состојбата во контекст на безбедноста е што предмалку споменатата интернационализација на тероризмот овозможува и негова соодветна

динамичност и прилагодливост не само кон и во различните држави и околности, туку и во поглед на самото спроведување на терористичките акти.

Ова, пак, нè доведува до новиот детектиран атрибут на денешниот тероризам – а тоа е масовноста на целите на напад пред сè меѓу цивилното население, што ги мултиплицира, како ефект, чувствата на несигурност, загрозеност, страв, деморализираност, колебливост и слично.

Изложени на ваквите сериозни предизвици кои ги наметнува феноменот на тероризмот сведоци сме дека државите, на национално, но и на меѓународно рамниште, во изминатите години беа соочени со потребата за адекватен одговор кон тие закани.

Морам да забележам, всушност, дека меѓународната заедница по падот на Берлинскиот ѕид, со што беше окончана ерата на „студената војна" и „биполарниот свет", интензивно отпочна со редифинирање и конципирање на едни поинакви стандарди, како во нормативен, така и во секој друг општествен поглед, а во функција на што поуспешно спротивставување на тероризмот. Тие напори по познатите настани од 11 септември 2001-та година, сосема разбирливо, добија уште поголем интензитет. Притоа, во основата на сите меѓународно промовирани и верификувани документи јасно е зацртано дека е невозможно спротивставување и борба против тероризмот без истовремено почитување на меѓународните принципи на заштита на човековите права.

Односно, дека борбата против тероризмот не смее да биде на сметка на намалување или укинување на тие вредности и слободи кон коишто реално се насочени терористичките акти. Врз основа на таквиот фундамент се креираат и националните и меѓународните безбедносни стратегии.

Мора да се признае дека димензијата на глобалната безбедност како никогаш порано, во актуелниот момент, со право е високо позиционирана во рамките на меѓународните односи.

## 10. Глобалниот тероризам и терористичките напади во светот

Тероризмот обично се сфаќа како користење на закана или насилство за одредена политичка цел.Користењето на тероризмот за понатамшни политички цели во голема мера дојде после Втората светска војна со појавата на националистичките движења во старите империи на европските сили.Терористичките групи прават пресметани одлуки за терористички напади, и тероризмот е логичен избор.

Според глобалниот индекс на тероризам за 2014 година, Ирак беше земја во која се случиле најголем број на терористички напади, со добиена оценка 10.Веднаш после неа се Авганистан, Нигерија, Пакистан, Сирија, Индија, Јемен, Сомалија, Либија и Тајланд со кој завршуваат топ 10-те земји со највисока оценка на терористички напади. Уште од почетокот на 21-от век, бројот на смртни случаи од терористички напади се искачи од 3.329 во 2000 година на 32.685 во 2014 година.

Според податоците од 2016 година, Франција се најде меѓу 40-те земји низ светот каде опасноста од тероризам е рангирана на високо ниво. Другите земји во кои тероризмот се смета за висока закана се Турција и Белгија. Сепак, тероризмот останува високо концентриран во петте земји - Ирак, Нигерија, Авганистан, Пакистан и Сирија. Во овие земји се случиле над 78% од терористичките напади во 2014 година. Меѓутоа, луѓето како да ги игнорираат нападите надвор од западниот свет. Изминатава година, од самиот почеток на 2016 година се случиле вкупно 97 терористички инциденти од кои повеќе од половина се случиле во Ирак, Авганисттан, Јемен, Сирија... Само во Ирак, двете огромни експлозии од бомби убиле над 100 луѓе, додека терористичкиот масакр на 16 јануари уби над 300 луѓе во сирискиот град Деир ал-Зор, додека повеќе од 400 биле киднапирани.

Во февруари, најголемиот терористички напад се случил во Мосул, Ирак кога Исламската држава убила повеќе од 300 луѓе меѓу кои имало полицајци, војници и цивилни активисти.

Во март, бомбаш самоубиец во најголемиот парк во Лахор, Пакистан убил повеќе од 72 луѓе, меѓу кои 29 деца, а над 200 луѓе биле повредени. Целта на нападот биле христијани кои го прославувале Велигден.

Во април се случи уште еден масакр со над 170 загинати лица кога членовите на Исламска држава убиле 175 од 300-те киднапирани работници во главниот град на Сирија, Дамаск, додека во Иран биле убиени над 250 жени од војниците на Исламска држава бидејќи одбиле да бидат нивни робови за секс.

Во мај, во масовниот геноцид спроведен од ИСИС биле откриени повеќе од 160 луѓе во 50-тина масовни гробови во Рамади, Ирак. Исто така, во Сирија над 180 луѓе биле убиени и најмалку 200 ранети во серија на автомобилски бомби и самоубиствени напади во градовите Јаблех и Тартус.

Во јуни, во Сирија биле убиени над 40 лица, додека Боко Харам во Босо, Нигер убил над 32 лица, а 67 лица биле повредени. Во Ирак биле пронајдени над 400 тела на војници со прострелни рани.

Овој месец, во Багдад, Ирак најмалку 308 луѓе биле убиени и 246 повредени после експлозија на автомобил со бомба на сред пазар.

*Сл. бр. 2. Земјите со најголем број терористички напади*




Според Индексот за глобален тероризам 2015, Ирак и Нигерија се земјите во кои се случиле 53% од смртните случаи предизвикани од тероризмот. Нивото на смртни

случаи во Ирак е највисоко некогаш забележано. Во 2014 година, во Ирак имало три пати повеќе смртни случаи од тероризам отколку во целиот свет во 2000 година. Исто така, Ирак и Нигерија се земјите во кои се наоѓаат најсмртоносните терористички групи. Во 2014 година, 50% од терористичките напади биле предизвикани или од ИСИС или од Боко Харам.

# III Дел: Современи разузнавачки служби и глобалниот тероризам - Активности и предизвици за обединување и унификација

## 1. Поим на разузнавањето и разузнавачката служба

Разузнавањето, како активност насочена кон доаѓањето до тајните на противникот, старо е колку и човековата цивилизација.[41]

Почетокот на разузнавањето е всушност почеток на откривањето на ризиците и заканите по животот на луѓето.Физичката безбедност претставувала основ за откривање и навремено предупредување, како и реакција на загрозувањата од физичко уништување на членовите или поединците во првите социјални организации или првите општества.Од тој аспект гледано, разузнавањето претставува исклучиво заштита од непријателски општества или држави, односно воено разузнавање.

Втората фаза во развојот на разузнавањето е резултат на недостатокот на основните животни ресурси, а кои влијаат врз опстанокот на општеството.Тие ресурси се поврзани со недостатокот од храна и вода, односно ресурсите за нивно производство и допир до земјиштето и водата.Овој вид на разузнавање претставува почеток на економското разузнавање или прапочеток на индустриското разузнавање кое се однесува на потребата од допирот до технички средства за зголемување на економските ресурси и благосостојба.Социјалниот развој поттикнат со идејата да се оствари општествена моќ и со тоа контрола над допирот до општествените ресурси и нивна употреба, прераснал во потреба од добивање информации за постапките на другите луѓе и групи во општеството кои имаат исти стремеж.На овој начин се започнува со политичкото разузнавање, а кое ги поврзува сите претходни разузнавања, обединувајќи ги во еден сложен, но и динамичен разузнавачки концепт.

Криминалистичкото разузнавање претставува современ одговор на новите облици на загрозување и закани од зголемувањето на различните облици на криминал во современите општества.Особено е изразено во однос на процесот на глобализација и излегува од националните рамки.

Криминалистичкото разузнавање се однесува на:[42]

-тероризам

---

[41]Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање) Скопје, 2008г., стр.15
[42]Ибид, Батковски, 2008:16

-организираниот криминал,

-финансискиот криминал,

-нелегалното поседување и шверц на мало и лесно оружје,

-шверцот на нуклеарно оружје и радиоактивни материи,

-нелегална трговија со дрога,

-насилен криминал,

-корупција,

-илегална миграција и шверц на луѓе,

-еколошки криминал и

-други облици на криминал

Сите овие облици на криминал го загрозуваат јавниот ред и личната и јавната безбедност.Овој вид на разузнавање не е исто што и разузнавачката и контраразузнавачката дејност која ја остваруваат традиционалните разузнавачки или безбедносни служби.Сепак, постои поврзаност во начинот на делување и примената на некои методи на прибирање на разузнавачките податоци, односно информации.Основната разлика е во начинот на пристапот кон објектот на интерес и анализата на добиените информации и нивна проценка и предвидување на настаните.

Разузнавањето претставува организирана активност на општествена група, движење, партија и дел од државниот апарат (државата), насочена кон прибирање тајни податоци и информации од потенцијален или актуелен противник од воен, политички, економски и културен карактер, а со цел реализирање на сопствените витални интереси.[43]

Разузнавањето се однесува на свеста и разбирањето на државата за нејзиното стратешко опкружување стекнато преку собирање и анализа на тајни и достапни информации. Покрај ова, разузнавањето исто така може да означува:[44]

- организации кои произведуваат такво знаење;
- активности што ги извршуваат тие организации;
- организационите процеси кои ги насочуваат овие активности; и
- призводот кој произлегува од овие активности.

Разузнавачка служба претставува специјализиран дел од државната управа што прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв

[43]Ибид, Батковски, 2008:17

[44]Котовчевски Митко, Современи разузнавачки служби, Македонска цивилизација, Скопје 2002г. (цит. Дело 1)

податоци, оценки и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување други задачи добиени од државниот врв, а се однесуваат на остварување стратешки национални цели и ги заштитува сопствените интереси од противникот.

Целта на службите за разузнавање е:[45]

- обезбедуваат анализа во области кои се однесуваат на националната безбедност;
- даваат рано предупредување за претстојни кризи;
- му служат на националното и меѓународното управување со кризи со тоа што помагаат да се откријат намерите на постојните или потенцијалните противници;
- информираат за национално планирање на одбраната и воените операции;
- ги штитат тајните, како на своите извори и активности, така на оние од другите државни агенции; и
- може да делуваат тајно за да се влијае врз резултатот од настаните во полза на националните интереси.

Карактеристиките на криминалистичкото разузнавање претставуваат специфичен однос кон целта на прибирањето на разузнавачките податоци, изворите и начините на кои се прибираат, како и степенот на ризици и закани од определениот вид на криминал и објектот на загрозеност.Токму од овие услови зависи определеноста на динамиката во прибирањето на разузнавачките информации и пред се од разузнавачката организација која ќе ја реализира разузнавачката операција, како времена оперативна обработка и долгорочна разузнавачка активност.Практиката потврдува дека не постои децидна разграниченост на интересите на поедините разузнавачки организации, особено доколку имаме предвид дека современиот криминал е поврзан и во постојана интеракција со останатите безбедносни ризици и закани.Од овој аспект гледано може да кажеме дека и военото разузнавање и економското разузнавање и другите специјализирани разузнавачки агенции во една држава нема да ги запостават информациите со вредност за криминалистичкото разузнавање доколку постои и најмала допирност на овие информации со влијанието врз нивниот потесен делокруг на работа.Всушност, разузнавачките организации и

[45]Котовчевски Митко, Современи разузнавачки служби, Македонска цивилизација, Скопје 2002г. (цит. Дело 1)

агенции се здружуваат во национални разузнавачки заедници, а овие пак се постојано подготвени за размена на податоците и соработка со таканаречените „пријателски разузнавачки служби”.[46]

Криминалистичкото разузнавање содржи неколку основни карактеристики меѓу кои основната цел на првата карактеристика е прибирање на што повеќе потребни разузнавачки информации ,потоа службите за разузнавање ги вреднуваат информациите од различен тип каде што поминуваат низ процес на филтрирање и од нив се издвојуваат оние информации кои што ке послужат за конкретниот разузнавачки процес(интерес). Прибирањето на сите достапни информации и на секој можен начин ,во определен временски период или општествена состојба може да предизвика опасност и да настане преоптеретеност на службите но сепак најдобриот начин за откривањето на криминалот во општеството претставува сеопфатноста и тоталност во прибирањето на разузнавачките информации. Криминалистичкото разузнавање во својот развој,преку дејствувањето на полициските служби превзема субординациона организација.Заради справувањето со посериозниот криминал криминалистичкото разузнавање применува штабна организација.Штабното функционирање како карактеристика на разузнавањето преставува континуирана активност за подготовка и дејствување во мир и во војна а се со единствена цел навремено откривање и проценка на постојаните и идните загрозувања на безбедноста. Со развојот на техничко-технолошките средства,се развиле и криминалистичко истражни одделенија кои со примена на научна техника го зголемиле ефектот на откривање, следење, приведување и испитување на криминалните дела како и чување на информациите за криминалните области и за популацијата која се занимавала со криминал. Како резултат на различните видови на загрозување, а во рамките на традиционалната теорија за безбедност се развил поимот внатрешна и надворешна безбедност. Во однос на изворите на внатрешно загрозување на безбедноста се развивале нови модели на службите што довело до формирање на тајни полиции, но кои во контекст на тогашната безбедносна парадигма работеле на заштита на државата од преврат или противуставно делување, непријателска пропаганда и шпионажа за странски разузнавачки служби, а што претставува зачнување на работата на службите за контраразузнавање. Тајната полиција како зачеток на криминалистичката полиција станувала се попрофесионална, поинституционализиарана и меѓународно поврзана,

[46]Стајиќ Љубомир, Основи безбедности, Полициска академија, Белград, 1998г.

пред се неограничувајќи се во криминалните истраги само на својата национална територија.На овој начин се појавува следната карактеристика на разузнавањето во интересот на повеќе служби како соработка помеѓу службите како на национално ниво така и на меѓународно ниво. Како резултат на ова криминалистичкото разузнавање преставува современа потреба односно збир на независни организации кои треба да се стават во заедничка функција за донесување на национална разузнавачка проценка и проценка на ризиците и навремено предупредување особено кога станува збор за криминал.Според ова сознание може да се каже дека криминалистичкото разузнавање преставува национален систем ,кој преставува национален ресурс во рамките на донесувањето на политичките одлуки. Клучот на поставеноста на националното криминалистичко разузнавање е всушност во интересот на државата.Тоа определува каков концепт на национална безбедност ке се применува и кој све ке го применува безбедносниот систем.Аналогно на ова се надоврзува и моделот на функционирање на службите за разузнавање како и механизми и инструменти кои би се применувале во прибирањето ,обработката и доставувањето на разузнавачките информации.

Системот на владиното разузнавање е наменет и претставува:[47]

1.Тој е одвоен од самото донесување на политички одлуки, иако со своите активности и информациите претставува дел од овој клучен процес во креирањето на политиката;

2.Основната улога на владиното разузнавање е обезбедување на информации, а не давање совети, иако во рамките на разузнавачките или безбедносните проценки може да се најдат таканаречени „препораки" за идно дејствување кон идентификуваните ризици и закани;
3.Ваквиот пристап во организацијата и делувањето на владиното разузнавање го прави различен од дипломатијата која покрај прибирањето на информациите е и нивен корисник во креирањето и водењето на политиката, како и од самите корисници на разузнавачките информации кои се донесувачи на политичките одлуки;

4.Разузнавањето е специјализирано за прибирање и анализа на информациите и е дел од актерите кои учествуваат во процесот на донесување на политички одлуки, но не е донесувач на одлуките, туку ги уверува корисниците на информациите за нивната веродостојност и автентичност;

[47]Стајиќ Љубомир, Основи безбедности, Полициска академија, Белград, 1998г.

5.Тоа мора да ги обедини информациите, согледувањата, хипотезите и пред се доказите релевантни за политиката;

6.Основните цели на разузнавањето се надворешни иако безбедносното разузнавање е насочено кон домашните ризици и закани, разузнавањето е сепак процес на запознавање на другиот и постои поради „нив", а не е процес на самосознавање;

7.Разузнавањето се разликува од експертите за внатрешни прашања и статистика иако делумно ги употребува нивните информации во креирањето на сопствената анализа и проценка;

8.Владиното разузнавање содржи предвидувачка компонента, но не претставува пророк на владата, туку изнесува можни сценарија по одредени прашања и нивниот иден развој, појава или безбедносно загрозување, што помага во процесот на донесување одлуки.

Прибирањето претставува добивање на информации.Тоа вклучува подеднакво користење како на достапни извори, така и на тајни извори како што се шпиони, агенти и дезертери.

Анализата претставува снимање и прибирање на податоци и нивно трансформирање во разузнувачки производи што им помагаат на политичарите со тоа што им обезбедуваат релевантни и сигурни информации наменети да им се даде смисла на сложени ситуации и прашања.

Контраразузнавањето е усмерено да се спречат странските служби за разузнавање или други групи контролирани од странство да вршат шпионажа, субверзија и саботажа против државата.Тоа се состои од дефанзивни мерки како што се истраги, проверки и надзор, и офанзивни мерки како што се спроведување на операции за да се навлезе во, да се измамат, да се разбијат и изманипулираат овие организации.Некои земји исто така практикуваат тајна акција.Тоа претставува дирекно влијание врз странски политички, воени или економски ситуации без ова влијание да и се припише на државата.Тајната акција е опција во која нема воена акција за да се постигнат целите кои неможе да се постигнат со дипломатија и други политички средства. Ваквата акција вклучува, но не се ограничува само на:[48]

---

[48]Стаменковски Алекса, Основи на разузнавањето, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999г.

- пропаганда;
- поддршка на странски политички или воени фракции;
- помош на странски влади; и
- прекинување на нелегални активности на странско тло.

Во повеќето демократии со повеќе разузнувачки агенции, тајната акција ја вршат само надворешни разузнувачки агенции.Обработка претставува претворање на прибраните информации во форма којашто е посоодветна за анализа по пат на средства како што се дешифрирање и преведување.

Анализа и произведување претставува претворање на информациите во готови разузнувачки производи.За да може овие производи да се од корист, анализата мора да е соодветна, навремена и точна.Тие треба да објаснат како се дошло до таквите заклучоци и, во случаи кога е можно, кои извори се користеле.Треба да се објаснат примарните фактори кои ја поткрепуваат анализата, како и алтернативните резултати доколку овие фактори се сменат.Ефективното разузнавање исто така јасно истакнува што е она што останува непознато.

Планирањето претставува управување со целиот напор да се изготват доверливи нформации, вклучувајќи:[49]

• барање за конкретни доверливи информации од извршната власт, законодавната власт или од самата агенција;

• утврдување на потребите за соодветни податоци;

• приоритизација на прашањата; и

• идентификување на државни и недржавни актери кои одобруваат надзор.

Прибирање претставува собирање на информации користејќи ги методите како што се:

• достапни доверливи информации – собирање на информации коишто се слободно достапни, како што се оние што се даваат во медиумите и академските списанија;

---

[49]Стаменковски Алекса, Основи на разузнавањето, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999г.

• доверливи информации од луѓе – информации прибрани од агенти, соработници, дипломати; или од извештаи од контраразузнвчки операции, сослушувања, разговори со странски персонал, итн; и

• технички доверливи информации – податоци и информации прибрани преку прислушкувања, набљудувања и лоцирање на радио, микробранови, радарски и други средства за електромагнетно емитување; комуникациски доверливи информации; електронски доверливи информации; телеметриски доверливи информации; доверливи информации од странски инструментациони сигнали; криптолошки доверливи информации; доверливи информации од мерења и потписи; доверливи информации од слики; доверливи информации од фотографии и експлоатација на компјутерска мрежа.

Во земјите со повеќе служби за разузнавање постојат повеќе видови агенции. Службите за разузнавање чиј мандат се однесува на конкретна географска област на операција ги вклучуваат:[50]

• Надворешни или странски служби за разузнавање кои прибираат, анализираат и произведуваат доверливи информации што се однесуваат на надворешната безбедност на државата и предупредуваат за непосредни надворешни закани;

•Внатрешни или домашни служби за разузнавање, честопати наречени служби за безбедност, кои прибираат и анализираат податоци што се однесуваат на внатрешната безбедност на државата и одржувањето на јавниот ред и сигурноста.

Службите за разузнавање чиј мандат се однесува на конкретни прашања или домени ги вклучуваат:

• Воени или одбрамбени служби за разузнавање кои произведуваат доверливи информации што се однесуваат на планирање на одбраната и подршка на воени операции;

• Криминални служби за разузнавање кои произведуваат доверливи информации за организиран криминал, корупција и криминални активности за да помогнат при спроведување на законот;

---

[50]Буџаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.

• Специјализирани национални центри кои се усмерени на одредени прашања, како што е Националниот центар за борба против тероризмот на САД (NCTC);

• Координативни единици по посебни прашања кои здружуваат неколку разузнувачки актери и/или други гранки од владата.Примери за ова се холандската CT-InfoBox, која ги координира анти-терористичките напори на службата за разузнавање, Националната полиција (INF), Службата за имиграција и други агенции; и Канцеларијата за тероризам и финансиски доверливи информации на САД во рамките на Министерството за финансии.

Различните методи за прибирање, особено оние во кои се користат технолошки средства, исто така може да дадат повод за поспецијализирани агенции за разузнавање.Ваквите субјекти вклучуваат агенциите за разузнавање за слики, сигнали и криптологија.NSA на САД, руската FAPSI и британската GCHQ се наверојатно најголемите вакви агенции во поглед на персонал и буџет.

Кај помалите држави, постоењето на само една 'споена' агенција за разузнавање е начин да се сочуваат ресурсите и да се избегне дуплирање на напорот.Шпанската CNI, холандската AIDV, турската MIT и OSA на Босна и Херцеговина се примери за обиди да се надмине традиционалната разлика помеѓу операции на национално тло и во странство.

## 2. Дефинирање на разузнавањето и разузнавачка служба

На основно ниво разузнавањето може да биде дефинирано како процесирана информација, или пак како знаење и анализа осмислени за да помогнат акција.[51]Според Random House Dictionary се подразбира „собирање на тајни информации; информации за противникот или за потенцијален противник“.[52] Слично на тоа поимот „разузнавање“ се дефинира како „информација која е собрана, споредена и анализирана и од која е извлечен заклучок кој претставува одговор на претходните барања на крајните корисници“.3 Најчеста грешка е што на разузнавањето се гледа како синоним со „информација“. Информација не е разузнавање.Оперативците на терен генерално собираат информации (или податоци). И покрај многу дефиниции за „разузнавањето“, наједноставното и најасното од сите е „информација + анализа = разузнавање“ Гореспоменатата формула ја објаснува разликата помеѓу собрана информација и произведено разузнавање. Според тоа, без анализа, не постои разузнавање.Разузнавањето не е тоа што е собрано; туку тоа што е произведено откога собраниот податок е проценет и анализиран.[53]Дефинирањето на разузнавањето во секое истражување предизвикувапосебни потешкотии.Многу од истражувачите го дефинираат како тајнаактивност, и прават изедначување на термините разузнавање и шпионирање. Во капиталистичките држави многу автори сметаат дека разузнавачката служба исклучиво собира информации за странските противници, па во таа смисла ја даваат и следнава дефиниција: Разузнавачката дејност, т.е. служба претставува продукт од собрани, проценувани, анализирани, интегрирани и интерпретирани расположливи информации кои се однесуваат на една или на повеќе страни, науки или области на делување што претставува потенцијал на военото планирање и дејствување. Во овој контекст ја даваме и следнава дефиниција: на барање наполитичкиот совет на една држава, разузнавачката служба остварува дејности на собирање на информации за можностите и намерите настранските влади или се занимава со прибирање на кои било други информации. Меѓутоа овие дефиниции не ја одредуваат точно содржината на оваа дејност, ја стеснуваат и погрешно го одредуваат предметот што неминовно го

[51] Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke, 2010, „Policijska dejavnost proti terorizmu“, učbenik za vodilno osebje na policijskih postajah, urednika dodanih slovenskih prispevkov Iztok Podbregar, Andrej Sotlar. - Ljubljana : Fakulteta za varnostne vede, Ljubljana, стр. 48

[52] Наведено според: Adams J.1995, „Exploring the Frontiers of Espionage“, Pimliko, London, p. XXVII

[53] Мухамед Ибраими, Југослав Ачкоски, СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје

опфаќаат. Тешкотиите во дефинирањето на оваа дејност и службите кои ја извршуваат произлегуваат од фактот што разузнавачките служби како дел од државниот апарат, се легални организации, засновани врз законски и други одредби на државата, но тие истовремено нелегално работат против друга земја, поради што се наоѓаат во сложени услови, што бара висока стручност на кадрите, модерна технологија и специфичен начин на организирање посебно денес во современи услови. Според Котовчевски[54] разузнавачката служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата.

[54]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2002г., стр.41

## 3. Организација на современите разузнавачки служби

Разузнавачката служба својата работа ја засновува врз уставот, законите, и подзаконските акти. Насочена е кон реализирање стратегиски задачи од национален интерес, при што е подредена на државниот врв (прцедател на државата, влада, парламент) од каде што добива конкретни барања и должна е да постапи по нив преку планирање и извршување на конкретни активности. Како разултат на планските активности создава разузнавачки прозивод што го доставувадо корисниците (државниот врв) во чија надлежност е донесувањето одлуки по дадените прашања од државен интерес и поставувањето на нови барања пред РС.

Организацијата и особено активностите на безбедносните и разузнавачките служби е исклучително комплексен, динамичен и често дури и контрадикторен процес.Нивниот организациски и функционален аспект, зависи од општествените потреби, политичкиот консензус, цивилизациските и глобалните наоди и очекувања, но секако и од нивната сопствена комплексност.

Со политичкиот систем се во двоен однос.Од една страна придонесуваат кон неговата сила, стабилност и до некаде непречен развој, од друга страна па можат да иницираат негова политичка, уставна, безбедносна или поинаква криза.

Разузнавачките служби, Пург ги дефинира како "посебна организација или државен апарат, чии приоритетни цели се да собира, анализира и оценува доверливи информации, како и знаење за други земји, нивните воени и економски потенцијали, политичката состојба и намери, како и научни достигнувања".[55]

Разузнавачката служба како специфична организација има сложена внатрешна организација, која зависи од местото во државниот апарат, од обемот на овластувањата, од надлежностите, како и од положбата на институцијата во даден разузнавачки систем.

Основната организациска структура на разузнавачкаталужба опфаќа:[56]

[55]Теодора Христовска, ПАРЛАМЕНТАРНА КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Јануари, 2016, стр. 4
[56]Ибид, Котовчевски, 2002:50

-централа на разознавачката служба

-директор

-заменик на директорот

- помошници на директорот

Разознавачките служби според организацијата и начинот нараководење можат да бидат:автономно-централни и ресорни.

Автономно- централни разузнавачки служби претставуваат независен дел од државниот апарат, што е заснован врз законот и насочен кон реализирање стратегиски државни цели и интереси.[57]

-директно се потчинати на државниот врв

- се наоѓаат на врвот на безбедносно- разузнавачкиот системво државата

- Применуваат тајни, прикриени и легитимни методи на дејствување

- Реализираат разузнавачки и неразузнавачки дејствија (психолошки, субверзни, превратнички) итн,

- Ги заштитуваат сопствените и виталните вредности.

[57]Ибид, Котовчевски, 2002:51

# 4. Разузнавачките служби на дел од современите држави

- **Безбедносно разузнавачки систем на Франција**

По завршувањето на Втората светска војна, во Франција се формирани нови разузнавачки и контраразузнавачки служби, а обновени се и некои стари безбедносни установи. Според одредбите на Францускиот устав, врховен командант на вооружените сили и носителот на политичките овластувања е претседателот на Републиката, кој истовремено е и претседател на Советот на национална одбрана.

Француската разузнавачко –безбедносна заедница ја сочинуваат:[58]

- Службата за надворешна документација и контрашпионажа – СДЕКЕ
- Службите на Министерството за внатрешни работи
- Службите на Министерството за одбрана (разузнавачки и контраразузнавачки служби)
- Жандармерија.

Дејноста на овие институции ја следат различни координациони и контролни разузнавачки тела како на пример:[59]

- ➢ Меѓуресорскиот комитет за разузнавачки работи;
- ➢ Генералниот секретаријат за национална одбрана;
- ➢ Комитет за научни истражувања во областа на одбраната;
- ➢ Постојан разузнавачки комитет;
- ➢ Специјален комитет за контрашпиунажа.

Меѓуресорски комитет за разузнавачки работи (CIR)

Меѓуресорскиот комитет за разузнавачки работи се наоѓа на чело на безбедносно-разузнавачкиот систем на Р. Франција. Тој ги одредува општите насоки на севкупното делување на разузнавачкиот систем. Со ЦИР претседава премиерот на Република Франција, а исто така членови се и министрите за внатрешни и надворешни работи, министрите за економија и национална одбрана, како и директорот на Генералната

[58]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г., стр.205
[59]Ибид, Котовчевски, 2003:206

дирекција за надворешна безбедност (ДГСЕ). Овој комитет е подреден на Врховниот совет за одбрана со кој раководи претседателот на Р. Франција.

Генералниот секретаријат за национална одбрана (SGDN)

Генералниот секретаријат за национална одбрана ги обединува, координира и раководи со работата на сите служби за одбрана. Тој претставува оперативен орган составен од раководители и професионалци од сите служби кои вршат координација и насочување на работата на сите субјекти на безбедносно-разузнавачкиот систем.

Овој Секретаријат е организиран во четири одсеци и тоа:[60]

1. Одсек за национална одбрана - во чии рамки се вршат истражувања на проблеми кои се однесуваат на сите облици на опасност по земјата, се изработуваат стручни студии и се предлагаат решенија за безбедносните проблеми на долг рок;

2. Одсек за цивилни работи - кој се занимава со анализа на функционирањето на државната управа, посебно во поглед на ефикасноста во борбата против внатрешниот екстремизам и тероризам;

3. Стопански одсек - врши дејности на издавање на дозволи за извоз и увоз на вооружување и воена опрема на производителите и увезувачите на територијата на Р. Франција; и

4. Разузнавачки одсек – чија задача е организација и спроведување на планот за разузнавачко и контраразузнавачко обезбедување на Република Франција.

Постојан разузнавачки комитет (CPR)

Постојаниот разузнавачки комитет е составен од постојани и повремени членови. Постојани членови се шефовите на кабинетот на премиерот, на министерот за национална одбрана, на министрите за внатрешни и надворешни работи, како и директорите на разузнавачките служби. Повремени членови се претставниците на оние разузнавачки служби кои се заинтересирани за одредени безбедносни проблеми, или за заштита на конкретни објекти, документи и личности. Членовите на Комитетот се

[60]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г.

состануваат најмалку еднаш во два месеци, а имаат обврска заедно да изработат државен план за разузнавачката и контраразузнавачката работа.

Комитет за научни истражувања во областа на одбраната (CASD)

Комитетот за научни истражува во областа на одбраната има обврска да соработува со сите одсеци на Генералниот секретаријат и да предлага решенија за поединечни прашања и проблеми од областа на одбраната.

Специјален комитет за контрашпиунажа (CSC)

Специјалниот комитет за контрашпиунажа врши супервизија и контрола над работата на контраразузнавачките активности.

## ❖ Воедно-разузнавачкиот систем на Република Франција

Во Република Франција, официјално не постои автономно-централна разузнавачка институција. Поради ова сите безбедносно-разузнавачки служби делуваат како организациони целини во рамките на Министерството за национална одбрана.

Во овој ресор на одбраната егзистираат:[61]

- Генерална дирекција за надворешна безбедност (DGSE);
- Военоразузнавачка служба (DRM); и
- Дирекција за заштита и безбедност во одбраната (DPSD).

Генерална дирекција за надворешна безбедност (DGSE)

Генералната дирекција за надворешна безбедност е наследник на службата BCRAM, која е формирана во почетокот на Втората светска војна, во рамките на Штабот на генералот и подоцнежен претседател на Република Франција, Шарл Де Гол.Во рамки на дирекцијата, извршени се две реконструкции и реорганизации, и тоа во 1947 и 1974 година, со што станува потполно автономна разузнавачка служба, потчинета на претседателот и на премиерот. Во 1982 година го добива и денешниот актуелен назив.Основни правцина интересирање на оваа служба се: прибирањето на податоци од

[61]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

сите сфери на општествениот живот на секоја странска земја, заради предвидување на развојот на ситуациите кои би можеле да ги загрозат воените, политичките и други интереси на Република Франција, како и собирање на податоци од обласа на науката и технологијата, со цел зголемување на познавањата од овие области, како и откривање на плановите и позициите на странските разузнавачки служби заради спречување на нивните активности насочени кон Република Франција. Централата на оваа служба се наоѓа во Париз. Нејзиното раководство го сочинуваат Генераллен директор, негов помошник и директори на организационите единици во составот на службата. Во рамките на оваа дирекција егзистираат како нејзини составни делови следниве дирекции, служби и органи:[62]

- Дирекција за истражување;
- Дирекција за контрашпиунажа;
- Дирекција за проучување на документација;
- Дирекција за акции;
- Служба за технички материјали; и
- Финансиско-кадровска служба.

По извршената реорганизација, Генералната дирекција за надворешна безбедност (DGSE) се состои од следните оддели (управи):[63]

- Стратегиска управа;
- Разузнавачка управа;
- Технички оддел; и
- Оддел за операции.

Стратегиската управа подготвува студии за политички опции достапни на Франција. Во реализацијата на своите активности остварува тесна соработка со Министерството за надворешни работи.

Разузнавачката управа е задолжена за собирање на информации првенствено од човечки извори, со акцент на воено-разузнавачките задачи. Во поново време се почесто се занимава и со проблемите на технолошката шпионажа.

---

[62]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г.
[63]Буцаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.

Техничкиот оддел е задолжен за стратегиско собирање на електронски податоци и одржување на станиците во Франција и странство, додека одделот за операции е наменет за подготвување на тајните операции и нивна реализација.

Генералната дирекција за надворешна безбедност е подредена на Минстерството за национална одбрана на Франција. Таа е одговорна за военото разузнавање, електронското разузнавање, како и за контрашпионажата надвор од границата на националната територија.

Денес DGSE претставува централен и раководен орган во разузнавачката заедница со цел да врши контрола на службите за разузнавање и контрашпионажа. Таа првенствено делува на територијата на Франција, со основна задача собирање и обработка на податоци и нивно доставување до корисниците. Денес, во рамки на оваа Дирекција функционира Група за радиоелектронско извидување, која има за задача стратегиско-електронско разузнавање чии центри се разместени насекаде низ светот. Во нејзиниот состав се наоѓаат Пливачката единица и Акционата дивизија.

Дирекција за воено-разузнавачки активности (DRM)

Како што веќе напоменавме, Француската Армија е поделена на различни воено-разузнавачки служби, служби за безбедност и специјални сили. Така, според хиерархијата, на Врховниот совет за одбрана му е подреден Штабот за национална одбрана, на кого пак, му одговараат Воено-разузнавачката служба и Службата за воена безбедност. Овој подсистем е сочинет и од Разузнавачката служба на вооружените сили и Жандармеријата .Дирекцијата за воено-разузнавачки активности е основана во 1992 година, како тенденција да се отстранат сите недостатоци во разузнавачките активности кои се појавиле во текот на Заливската војна, која беше водена меѓу сојузниците на САД и Ирак, а како реакција на ирачката инвазија врз Кувајт.Дирекцијата е директно потчинета на Министерството за национална одбрана и во неа се вработени околу 1.600 лица, официјално, најголемиот дел од копнената војска.Во делокругот на должности на Дирекцијата, спаѓаат: планирање, координација, собирање и користење на податоци од воена природа. Сепак, Дирекцијата за воено-разузнавачки активноти нема ингеренции за користење на тајни методи при своето работење, како на пример, агентурниот метод. Таа собира и анализира податоци за странските армии на стратешко и оперативно ниво, за што користи податоци од други служби. Затоа, Дирекцијата дејствува офанзивно, собирајќи информации преку

извидувањето, изучувањето на воена литература, анализира податоци добиени од други служби (како на пример, од Легијата на странци), а најголемиот делна информации ги собира преку сателитските, орто-фото снимките и другите електромагнетни записи.Во рамки на Дирекцијата, постојат и делуваат следниве единици:[64]

• Поддиректоратот за истражувања, кој собира информации од човечки извори (humint);

• Поддиректорат за експлоатација;

• Поддиректорат за контрола на пролиферацијата на оружје, која врши анализа на заканите од нуклеарното, биолошкото и хемиското оружје;

• Поддиректоратот за техника, кој пружи техничка помош на Дирекцијата; и

• Поддиректоратот за кадар и администрација, кој ги одредува стандардите за работа ив рши прием и обука на персоналот.

Со новата систематизација на Дирекцијата, истата е формиран од повеќе разузнавачки служби:[65]

• Воен разузнавачки центар за експлоатирање-CERM;

• Центар за Информирање за електромагнетните зрачења;

• Внатрешно-армиска единица HELOS; и

• Второто биро на Армијата и Авијацијата .

Военоразузнавачки центар за експлоатација е тактичка разузнавачка единица потчинета на шефот на персоналот кој работи во CERM. Таа всусшност претставува најмала и најтајна служба во француското тактичко разузнавање. Ја координира и ја следи работата на останатите разузнавачки служби, како и единиците на трите видови вооружени сили и била одговорна за оперативно и за стратегиско разузнавање, додека трите вида вооружени сили се одговорни за тактичкото разузнавање.CERM е лоциран во Центарот за внатрешно воено разузнавање (CIFR) во Стразбург, формиран во 1974

[64]Буцаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.
[65]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

година. CIFR е целосно интегриран во DRM.Основачкиот декрет на DRM од 16 јуни 1992 година го задолжува директорот на оваа служба со планирање, координирање, водење истрага и управување со военото разузнавање. Но постепено, обврските на директорот од разузнавање со воен интерес преминале во политичко и во стратегиско разузнавање што е примарна цел на DGSE. Дирекцијата за воено-разузнавачки активности не е тајна служба и е одговорна за надворешната сигурност, а нејзините вработени не се шпиони. Активностите на DRM вклучуваат и анализи на сателитските и на другите електромагнетни записи. Директорот на DRM директно е одговорен пред министерот за одбрана.

Дирекција за заштита и безбедност на одбраната (DPSD)

Дирекцијата за заштита и безбедност на одбраната е формирана по Втората светска војна, како контраразузнавачка служба, која тогаш имала за задача да врши заштита на француската Армија од активностите на разузнавачките служби на воениот непријател. Денес, основна задача на оваа Дирекција е контраразузнавачка заштита на француската армија и на сите стопански институции со кои Армијата соработува. Дирекцијата за заштита и безбедност на одбраната организационо и функционално му припаѓа на Генералштабот на француската Армија, но и покрај тоа, таа е директно поврзана и со Министерот за национална одбрана. Затоа, сите регионални и локални одсеци одговараат директно на Министерот. Дирекцијата за заштита и безбедност на одбраната има центри кои функционираат во секоја воена, воздухопловна и приморска област, а на т.н. осетливи точки, има формирано одсеци. Со Дирекцијата раководи воен старешина со чин Генерал. Во рамки на Дирекцијата за заштита и безбедност на одбраната, функционираат четири одделенија:[66]

- Одделение за истражувања и експлоатација;
- Одделение за индустрија и вооружување;
- Одделение за администрација, организациони и персонални работи; и
- Одделение за анализа.

Дирекцијата за заштита и безбедност на одбраната соработува со француската национална полиција, царината и жандармеријата, а значајни контакти остварува и со странските безбедносни служби.

[66]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г.

## ❖ Разузнавачко – безбедносни установи на националната полиција

Разузнавачко-безбедносни служби на француската национална Полиција се:[67]

- Дирекцијата за надзор над територијата (DST);
- Централната дирекција за општи известувања (DCRG);
- Централна дирекција на судската полиција (DCPJ); и
- Републикански безбедносни одреди (CRS).

Дирекција за надзор над територијата (ДСТ)

Дирекцијата за надзор над територијата е контраразузнавачка служба создадена во 1899 година. Сепак, фактички дејствувала само во периодот од 1939 до 1942 година, кога била расформирана од новата германска власт. Со работа продолжила веднаш по ослободувањето од германската окупација, во 1944 година.Во седумдесеттите години на минатиот век, ова Дирекција вршела цивилна контрашпиунажа, а од тој период постанува и служба за антитероризам и контрасубверзивни дејствија, а од 1981 година ги превзема и поголемиот дел од контраразузнавачките должности.Во денешно време, Дирекцијата за надзор над територијата го спречува ширењето на оружјето за масовно уништување и тешките форми на општиот криминал (организираниот и меѓународниот).Со декрет од 1951 година, оваа Дирекција е овластена да врши тајна контрола и спречување на тајните активности насочени против Република Франција од странство, да ги контролира политичките организации и здруженија во Република Франција, да ги штити нуклеарните тајни на Франција, да го контролира печатот и да спречува појава на расна, верска и национална омраза во него, како и да предлага забрани за влез на странци во Република Франција, кои би можеле да работат против интересите на ова држава.Поокрај тоа што дејствува контроразузнавачки, оваа дирекција има надлежности да дејствува и офанзивно кон другите држави. Дирекцијата има свои центри во Париз, Лил, Рен, Бордо, Лион, Тур и Марсеј, како и во прекуморските департмани на Република Франција во Нова Каледонија и Полинезија.Централата на Дирекцијата за надзор над територијата е сочинета од шест оддели:[68]

- Оддел за истражување и анализа;

[67]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

[68]Буцаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.

- Оддел за борба против тероризмот;
- Оддел за електронско следење;
- Оддел за контрола над печатот;
- Оддел за надзор над индустријата; и
- Оддел за други заеднички работи.

Одделот за индустрија, економска сигурност и заштита на националните имоти во DST има единици во 22 региони, за да ја заштити француската технологија. Овој оддел работи веќе 20 години, не само во корист на индустријата за одбрана, туку и за фармацевтската, за автомобилската индустрија и за сите производствени и услужни сектори.Во рамки на Дирекцијата за надзор над територијата, постои и Кабинет за меѓународни односи, кој соработува со американската Централна разузнавачка агенција (CIA), американското Федерално биро за истраги (FBI) и израелската разузнавачка служба MOSSAD.Во рамки на Дирекцијата, функционира и одсек за следење и контрола на работата на американските разузнавачки служби на територијата на Република Франција, а особено внимание се посветува на сузбивањето на израелската шпиунажа.Според официјалните податоци, во рамки на Дирекцијата за надзор над територијата, се вработени над 7.000 специјалци.

Централна дирекција за општи известувања (DCRG)

Централната дирекција за општи известувања е основана во 1949 година, а свои корени има уште од 1855. Таа претставува ресорска разузнавачка служба во рамки на француското Министерство за внатрешни работи, која собира информации за тероризмот, внатрешниот екстремизам и корзиканскиот сепаратизам, како и екстремистичките левичарски и десничарски движења. Седиштето на Централната дирекција за општи известувања се наоѓа во Париз, а истата функционира како внатрешно-разузнавачка служба, без извршни овластувања. Таа собира разузнавачки информации за територијата на Република Франција, кои понатаму ги користат други специјализирани полициски служби во Франција. Таа всушност, е цивилна служба за заштита на францускиот Устав која истиот го штити од екстремната десница и левица. За таа цел, Дирекцијата има развиена мрежа на соработници на целата национална територија.Централната дирекција за општи известувања собира информации кои се однесуваат на следењето на дневниот печат во државата, создавањето дневни билтени, следењето на работата на општинските собранија, вршењето надзор над сомнителните

групи и организации, врши контрола над работењето на граничните премини и го следи престојот и движењето на странци во Република Франција. Дирекцијата го следи и проучува ставот и расположението на јавното мислење.Централната дирекција за општи известувања е составена од четири поддирекции :[69]

- Поддирекција за истраги на тероризам и шпиунажа;
- Поддирекција за анализа на собрани информации;
- Поддирекција за следење на хазардните игри и илегалните обложувалници и казина; и
- Поддирекција за средства, методи и раководење со ресурси.

Според официјалните информации, во оваа Дирекција се вработени над 4.000 службеници.

Централна дирекција на судската полиција (DCPJ)

DCPJ е голема француска служба за внатрешна безбедност која всушност е "јавно лице" на Дирекцијата за надзор на територијата. Една од главните улоги на судската полиција е да го открива прекршувањето на законите, да набљудува, да собира докази, да ги бара извршителите и да ги идентификува.DCPJ вклучува Територијална и Централна управа на Националната полиција за превенција и за совладување на организираниот криминал и специјализираните престапи. Составена од оперативни органи со национална надлежност, и тоа: Поддирекцијата за полициска техника и наука, Поддирекцијата за криминален бизнис, Поддирекцијата за економски работи и финансии и поддирекции за внатрешни врски.Територијалната управа на судската полиција вклучува: Регионална дирекција на судската полиција во Париз (DCGO), која има три поддирекции: Централна бригада, Дивизии на судската полиција и Бригади за финансиски и економски работи .

Републикански безбедносни одреди (CRS)

Републиканските безбедносни одреди претставуваат мобилни единици коишто ги претставуваат главните резервни сили на Националната полиција. ЦРС своите активности ги насочуваат кон преземање мерки за одржување на законот и воспоставување на јавниот ред. Во исто време тие претставуваат и значајна потпора на

[69]Буцаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.

регуларните полициски сили за регулирање на сообраќајот и други помошни активности.На подрачјето на безбедноста ЦРС соработува и со силите на ДЦСП во спроведувањето на активностите за попречување на разните облици деликвенција, содејствуваат во обезбедувањето на пристаништата, аеродромите и државните граници. Исто така, содејствуваат и во заштитата на високите државни функционери на територијата на Франција, како и на француските амбасади во странство.

### ❖ Жандармерија

Жандармеријата во Република Франција и организациски и функционално е врзана за две министерства: Министерството за национална одбрана и за Министерството за внатрешни работи. И покрај тоа, организирана е како и сите други воени единици.Според намената, Жандармеријата во Република Франција може да се подели на:[70]

- територијална жандармерија, која ја покрива територијата преку жандармериски станици;
- мобилна жандармерија, која служи за укажување помош на загрозените сектори на службата;
- воздухопловна жандармерија која го регулира на воздушниот сообраќај и го одржува редот на аеродромите и базите; и
- поморска жандармерија, која одржува ред во поморскиот и во речниот сообраќај и на пристаништата.

Жандармеријата во Република Франција ги извршува следните задачи: ги гони и фаќа воените бегалци, врши обезбедување на затвореници, обезбедување превоз и транспорт, попречување на криминалитетот и други работи од безбедносно-полициски карактер, како што се загушување на бунтови и слично. Во мирновременски околности, жандармеријата ги остварува внатрешно-безбедносните задачи, кои се доминантни. Обезбедувањето за потребите на Владата и приватните лица зазема околу 90% од нејзините вкупни активности. Републиканската гарда и Мобилната жандармерија (значајни компоненти на француската жандармерија) првенствено се насочени кон зачувување на јавниот ред, заштитата на владините и парламентарните

[70]Буцаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.

институции, додека територијалната (подрачната) жандармерија во најголема мера се занимава со криминалот и трговијата.Жандармеријата претставува значаен субјект во обезбедувањето на воената инфраструктура (фабрики за оружје, воена опрема, бродоградилишта, аеродроми и сообраќајници). Во определени периоди кога се појавуваат нереди или определени судири, цивилните задачи на Жандармеријата не се прекинуваат, туку во голема мера зависат и од другите околности (одржување на редот, борба против тероризмот и криминалот), иако некои активности може привремено да бидат одложени заради други приоритети.Определени состави од Жандармеријата беа вклучени во спроведувањето на определени мировни операции надвор од територијата на Франција (пример, во поранешна Југославија и Камбоџа) во улога на полиција за француските војници. За дејствување во странство, Жандармеријата има формирано посебни прекуморски сили кои се и соодветно оспособени и вооружени.

**Разузнавачко- бзбедносна заедница на Франција според најнови сознанија**

Разните разузнавачко-безбедносни служби на Франција дејствуваат ви рамките на трите најзначајни француски организаци:[71]

- Главниот секретаријат за национална одбрана (СГДН);

- Министерството за надворешни работи;

- Министерството за внатрешни работи.

Во составот на Главниот (Генералниот) секретаријат за национална одбрана функционираат следниве служби:

1. Главна управа за надворешна безбедност – Direction Generale de la Securite Externale (DGSE);

2. Военоразузнавачката управа за надворешна безбедност- Direction du Renseienment Militaire (DRM);

3. Управата (Дирекција) за заштита и безбедност на одбраната- Direction da la Protection et da la Securite de la Defense (DPSD);

[71]Буџаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005г.

4. Бригада за разузнавачко и електронско војување – Brigade de Renseienement st de Guerre Electronique (BRGE) и

5. Централна служба за безбедност на информатичките системи – Service Centrale de la Securite des Systems d Informations (SCSSI).

- Главна управа за надворешна безбедност – Direction Generale de la Securite Externale (DGSE) –нејзината основна функција претставува спроведувањето на разузнавачките активности, стратегиското собирање на информации и контраразузнавачки активности надвор од француските граници.

- Военоразузнавачката управа за надворешна безбедност- Direction du Renseienment Militaire (DRM)- во спектарот на нејзините военоразузнавачки активноси се вклучува и политичката и стратегиската разузнавачка работа.

- Управата (Дирекција) за заштита и безбедност на одбраната- Direction da la Protection et da la Securite de la Defense (DPSD)- оваа дирекција има примарна улога во изведувањето на воените контраразузнавачки операции како и политички надзор над вооружените сили на Франција. Оваа дирекција произлегува од поранешната Воена Безбедност (Securite militaire).

- Бригада за разузнавалко и електронско војување – Brigade de Renseienement st de Guerre Electronique (BRGE) – нејзината основна функција е собирање на СИГИНТ разузнацачки податоци по пат на непрекинато прислушување на електронските комуникации.

- Централна служба за безбедност на информатичките системи – Service Centrale de la Securite des Systems d Informations (SCSSI) – СЦССИ е одговорна за регулирање на употребата на криптосистемите.

- **Безбедносно разузнавачки систем на Република Македонија**

Македонските безбедносно-разузнавачки служби не претрпеа некои поголеми организациски промени од раните 1990ти па наваму, иако беа направени неколку измени непосредно по прогласувањето независност во 1991 година и по вооружениот конфликт во 2001 година. Оваа стагнација е спротивна на заканите и предизвиците за

македонската национална безбедност кои значително се зголемија во текот на изминатите дваесет години.Во последните документи за одбрана и безбедност како најнови ризици се посочени кибер војувањето, опасностите за животната средина, оружјето за масовно уништување и религиозната радикализација. Како одговор на ова, Македонија од неодамна се обидува да пронајде противмерки со кои ќе се доведат во рамнотежа ефективното зачувување на националната безбедност, зголемената одговорност на Владата и почитувањето на демократските норми. Најверојатно, најголемиот предизвик се наметнува со прашањето како да се најде решение за сè побројните и поразновидни закани за безбедноста, а истовремено да се обезбеди соодветен надзор над безбедносно-разузнавачките служби. Македонија сè уште ја зацврстува својата демократија, па затоа често бара модели на најдобри практики кои истовремено опфаќаат ефективност од една и надзор на граѓанското општество врз безбедносно-разузнавачките служби од друга страна. Меѓутоа, од независноста во 1991 година па сè до денес, земјата се бори да воспостави соодветна рамнотежа во оваа област. Иако Македонија успеа да ги избегне војните кои ги зафатија останатите републики на поранешна Југославија и стана независна земја по мирен пат, сепак, по распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1991 година се соочи со огромни предизвици на безбедносен план. Во тој исклучително тежок период земјата мораше да го преобмисли и одново да го изгради својот безбедносен систем, вклучително и безбедносно-разузнавачките служби.Неколку клучни настани влијаеја на насоката и динамиката на овој процес. Најистакнат беше обидот за атентат врз претседателот Киро Глигоров во 1995 година кој го покрена прашањето за квалитетот на работата на безбедносно-разузнавачките служби. Како последица на оваа криза, македонската разузнавачка заедница беше реорганизирана во две нови тела: Агенција за разузнавање (АР), независно тело задолжено за истражување на заканите кои доаѓаат однадвор, и Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК), единица на Министерството за внатрешни работи (МВР) задолжена за истражување на заканите кои доаѓаат одвнатре. Претходно, со Законот за одбрана од 1992 година се основа Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање (ССВБиР) во рамките на Министерството за одбрана (МО). Оваа основна структура сè уште постои.Одлуката контраразузнавањето да се додели на УБК (и на тој начин да се стави под контрола на МВР) беше невообичаено решение.

Институциите и органите во националниот безбедносен систем, во однос на нивната положба и статус во државата, можеме да ги поделиме на три групи:[72]

1. Државни институции – тука спаѓаат органите за внатрешни работи (полиција), правосудните институции, инспекции, јавната управа, итн.;

2. Приватни институции – агенции, управи, како и самите државјани;

3. Невладини организации.

Службите за безбедност и разузнавање, или уште познати како “тајни служби", се всушност дел од системот за национална безбедност, кои се одговорни за извршување на некои примарни фукнции на разузнавачката комплексност, што пред се’ се однесува на нивниот придонес кон успешното делување на државниот апарат, така внатре, како и надвор од границите на државата.Овие служби не донесуваат политички одлуки и не обликуваат политика, но сепак во голема мера им помагаат на оние, кои ги носат овие одлуки.

Агенција за разузнавање

Носител на разузнавачките активности во Р. Македонија е Агенцијата за разузнавање. Со Законот за Агенцијата, кој го усвои Собранието на 29 март 1995 година, се формира правна рамка за воспоставување на Агенцијата како посебен орган на државната управа. Согласно овој закон, агенцијата е разузнавачка служба овластена за собирање, анализа и обработка на разузнавачки информации, значајни за безбедноста, одбраната, политичките, економските и другите интереси на РМ.Со АР управува директор, кој го именува и разрешува Претседателот на државата. Директорот има мандат од 4 години, и за својата работа одговара директно на Претседателот на РМ, а во некои случаеви и на Владата. При извршувањето на своите активности, АР е должна да ги почитува правата и слободите на граѓаните, загарантирани со Уставот. Сите информации кои се придобиени со разузнавачка дејност, агенцијата е должна да ги даде на располагање на Претседателот на републиката и потесен круг на корисници (Претседател на Влада, Претседател на Парламент, итн.).

Управа за безбедност и контраразузнавање (УБК)

[72]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

Основна задача на УБК е да обезбеди заштита на основните вредности на уставниот ред, како што е определено во Уставот на РМ, како основа за преживување и развој на државата во целост и на сите нејзини граѓани, во согласност со чл.8 од Уставот на РМ.УБК, како орган во состав на Министерството за внатрешни работи, своите одговорности и надлежности ги остварува врз основа на Уставот и други закони и подзаконски акти, пред се врз основа на Законот за внатрешни работи и Законот за полиција.Управата, според овие закони, е надлежна за прашања кои се однесуваат на внатрешната безбедност и контраразузнавање.Со Управата раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на РМ, на предлог на министерот за внатрешни работи.Неговиот мандат трае 4 години, меѓутоа постои можност за предвремено разрешување во случаеви определени со закон. За својата работа, директорот одговара на министерот за внатрешни работи или на Владата. Во изминатиот период, дојдоа до израз повеќе недостатоци во досегашниот начин на работење на УБК, и затоа некои сметаат дека е време за промени во начинот на организирање на службите за безбедност, па дури како можна опција се јавува и здружување на АР и УБК во еден субјект, по примерот на некои други земји од Европската унија (пр. Словенија), кој би бил одговорен за собирање на информации за потешки кривични дела и би понудил заеднички начини на истрага и решавање, почнувајќи од превентивната компонента, а подоцна насочувајќи се и на самото дело, докажување итн. Ваквиот модел би овозможил постоење на само едно тело со повеќе овластувања, поквалификуван кадар и поголема техничка опременост, меѓутоа од друга страна па се појавува проблемот со огромната концентрација на моќ и информации во една организација, што би можело да претставува сериозна закана и можност за злоупотреба на оваа институција за лични потреби од страна на поединци. Од овие причини е потребно да се пронајдат соодветни механизми за контрола на нивната работа и можна злоупотреба.[73]

Служба за разузнавање, контраразузнавање и безбедност на армијата на Република Македонија – Ј-2

Воената безбедносно – разузнавачка служба на АРМ врши разузнавачки, контраразузнавачки и безбедносни активности за потребите на политичките и воените

[73] Теодора Христовска, ПАРЛАМЕНТАРНА КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, Јануари, 2016, стр.5

органи во државата.Главната цел и мисија на оваа служба подразбира собирање, анализа и активности насочени кон зачувување на територијалниот интегритет на Р. Македонија, во согласност со Уставот и останатите закони и самата концепција за одбрана на државата.Разузнавањето се состои од планирање, организирање и спроведување разузнавачка поддршка за потребите на ГШ на АРМ, кои се клучни при донесувањето на одлуки поврзани со делувањето на Армијата на РМ во акции во, и надвор од границите на државата.Контраразузнавањето воглавно е насочено кон активности за откривање и спречување на делувањето на сите разузнавачки и секакви останати субверзивни активности, изведени од страна на странски воено – разузнавачки служби, а насочени против безбедноста на Македонија. Безбедносниот дел ги вклучува пред се координацијата и безбедносните проверки и контроли.

- <u>Сектор-Служба за воена безбедност и разузнавање (ССВБиР)</u>

Сместена во рамките на Министерството за одбрана, ССВБиР доби мандат и надлежност со донесувањето на Законот за одбрана во 1992 година кој беше заменет со Законот за одбрана во 2001 година во кој е подетално образложено нејзиното дејствување. Кога Агенцијата за разузнавање започна со работа во 1997, разузнавачкиот сегмент на ССВБиР се префрли во оваа безбедносно-разузнавачка служба додека одделението за контраразузнавање остана во рамките на МО. Меѓутоа, според еден поранешен висок функционер на ССВБиР, „Таквата структура не покажа задоволителни резултати, па затоа воеќото разузнавање беше вратено во МО.“ Како дополнение на разузнавачките и контраразузнавачките одделенија, во ССВБиР е вклучено и административно одделение за анализа, логистика и финансии, како и истражно одделение во чијашто надлежност се криминалните активности. ССВБиР е, исто така, овластена да следи комуникации за дела кои се однесуваат на воените сили и државата (вооружен напад против државата или против нејзиниот безбедносен систем). Меѓутоа, со Законот е пропишано дека ССВБиР може да дејствува само на следниве радиобранови (високи фреквенции – HF, многу високи фреквенции – VHF и ултрависоки фреквенции – UHF) кои се својствени исклучиво за потребите на одбраната. Иако македонската воена полиција е подредена на Генералштабот, тие исто така ѝ помагаат на ССВБиР. Министерот за одбрана го назначува шефот на ССВБиР,

кој одговора и пред министерот и пред претседателот. Кога Македонија учествува во меѓународни мировни мисии од воен карактер, ССВБиР придонесува со својот кадар.[74]

На меѓународно ниво, Македонија потпиша договори за соработка во сферата на разузнавањето со четириесетина земји, пред сè во Европа (вклучително сите соседи од Југоисточна Европа), но и со земјите од Средниот Исток и Евроазија. Степенот и начинот на соработка за секоја агенција посебно го одредуваат шефот на службата и функционерот на кој тој/таа му поднесува извештај. Македонија во моментов учествува на Конференција за безбедносните и разузнавачките служби на ЈугоисточнаЕвропа и работи на тоа да добие полноправно членство во Средноевропската конференција (во која во моментов има само статус на набљудувач). Странските служби за разузнавање, особено оние на САД и Обединетото Кралство, активно ѝ помагаа на Македонија при подготовката на новиот закон со кој треба подетално да се уредат сите нејзини безбедносно-разузнавачки служби. Вомеѓувреме, УБК се вклучи во Партнерскиот акционен план против тероризмот (ПАП- Т), во кои земјите на Северноатлантската договорна организација (НАТО) и нивните сојузници ги споделуваат најдобрите практики за борба против меѓународниот тероризам.

## 4.1. Безбедносно разузнавачка заедница на Соединетите Американски Држави

Безбедносно-разузнавачките активности на тлото на С.А.Д.се поврзани со релативно кратката историја на американскиот народ. За волја на вистината, С.А.Д. не се многу помлада држава од многу современи западноевропски и светски државии воопшто, особено што основите на државата втемелени во американскиот Устав се речиси непроменети од донесувањето на Уставот на С.А.Д во далечната 1787 година. Ако ги исклучиме неорганизираните облици на разузнавање, безбеносно заптитните активности и шпиунажата кои постоеле кај домородното индијанско население, а за што во популарната и научната литература можат да се најдат примери, тогаш почетокот на поорганизираните безбедноснозаштитни активности на територијата на

[74]Андреја Богдановски, Управување со безбедносно разузнавачките служби во Македонија, Скопје, 2012г. стр. 6

С.А.Д е директно врзана со воените дејствија во времето Американската граѓанска војна (1861-1865). Оттука се гледа дека речиси цел век од форминарањето на Унијата на 13 држави т.е. САД, оваа држава немала организиран безбедносно заштитен систем, што значи не придавала големо значење на организирањето на безбедносно-разузнавачките активности како некои други европски држави во тоа време (на пр. Франција, Англија, Германија, Русија и сл.). Тоа ќе каже дека формирањето на првите безбедносно-разузнавачки организации во САД се случило во текот на воените дејствија од Американската граѓанска војна и тие се од воен карактер. Големото мешање на Обединетото Кралство во внатрешните работи на САД. После Војната за независност (1775-1783) водена токму против Британците, се објаснува со фактот што сад во тоа време се уште биле држава во настанок, немале доволно искуство во организирање на такви активности и служби и фактот што Британците во тоа време пред граѓанската војна и војните со Шпанците за јужните територии немале посериозни противници во очите на домородното индијанско население. Најстарите безбедносно –разузнавачки установи во САД се основани најпрво во рамките на вооружените сили, а потоа во состав на Министерствата за правда и финансии. Први познати безбедносно разузнавачки установи во САД се: Службата за доселување и натурализација (Immigration and Naturalization Service), Службата на шерифот (U.S. Marshal Service) и тајната служба (U.S. Secret Service).

Во текот на Американската граѓанска војна во 1863 година е формирано и Военото разузнавачко биро (Bureau of Military Intelligence) кое работело на надворешно-разузнавачки план, а во 1882 година, во рамките на американските вооружени сили се основа и познатата Поморска разузнавачка служба (Office of Naval Intelligence-ONI). Двете светски војни наложиле потребата САД да изгради силен безбедносно-разузнавачки систем со кој ќе може да им парира на сличните такви системи пред се на европските држави.[75]

Затоа, веќе во 1908 година се формира Истражно биро (Bureau of Intelligence) во рамките на Министерството за Правда, кое имало за задачи да ги истражува, сузбива и кривично да ги гони извршителите на саботажи и диверзии; да се бори против организирањето на германски агентски мрежи на американска територија; како и да делува во насока на сузбивање на внатрешниот политички екстремизам, пред се на оној

[75]Спасески Јордан, Николовски Марјан, Герасимоски Саше, Безбедносни системи- прилог кон учењето за националните безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 180

кој пропагирал леви (социјалистички и комунистички) идеи. Сепак, се ова не било доволно, најмногу од причина што С.А.Д. и за време на двете светски војни, а и во меѓу воениот период немале систем, установи изградено туку и јасна безбедносно-разузнавачка стратегија, ниту пак имале централизиран и координирани безбедносно-разузнавачки организации.

Сите овие пројавени слабости во функционирањето на американскиот безбедносно-разузнавачки систем, биле повод тогашниот американски претседател Френклин Делано Рузвелт да го овласти првиот директор на новоформираниот Уред на стратегиската служба (Office of Strategic Service OSS), генерал-мајорот Вилијам Бил Донован, познат под прекарот Лудиот Бил, да пристапи кон сеопфатна анализа на ефикасноста на работата на безбедносно-разузнавачките служби и да предложи план за нивна темелна реорганизација. Самиот Уред на стратегиската служба пак, делувал под надзор на тогашниот Здружен Генералштаб (Joint Chief of Stuff JCS), чијашто основна функција била стратегиска разузнавачка работа, раководење со специјалните служби на JCS и реализација на тајни акции. Посочениот генерал-мајор Вилијам Бил Донован увидел дека главниот проблем во дотогашното функционирање на безбедносно-разузнавачкиот систем на С.А.Д. бил отсуството задолжителнна централна разузнавачка установа и која ќе биде насочена кон планирање, координација реализирање на разузнавачки задачи.Службите делувале недоволно поврзано пример е неуспешното функционирање на безбедносно-разузнавачкиот систем на С.А.Д. во текот на Втората светска војна кога безбедносно-разузнавачките активности за потребите на водењето на американската внатрешна и надворешна безбедносна политика потфрлиле. Токму затоа, тој, на претседателот Хари Труман во 1945 година му го предложил т.н. "План Донован" со кој се предвидувала реогранизација на безбедносно-разузнавачкиот систем во насока на целосна централизација на безбедносно-разузнавачките служби и активности со формирање на централна разузнавачка установа. За таа цел, претседателот Хари Труман, веќе истата година со Извршна наредба го распуштил ОСС и го прифатил Планот на Вилијам Бил Донован. Инаку, овој план важел за т.н. тврд-централистички пристап кон прашањето за реформата на безбедносно-разузнавачкиот систем на С.А.Д. Наспроти него, постоела една група приврзаници на т.н. мекфедерален зголемување пристап, на кој предвидувал на задржување или дури и и самостојност на постоечките безбедносни разузнавачки установи. Сепак, на крајот победил централистичкиот пристап на

Донован, најмногу благодарејќи и на почетокот на Студената војна. Во 1946 година, со Претседателската Директива за координација на разузнавачките активности е основана Националната разузнавачка управа (National Intelligence agency NIA), а целосното заокружување на реформата е постигнато со донесувањето на Законот за националната безбедност (The National Security act) од 26 Јули 1947 година, кога се формира и Централната разузнавачка агенција - ЦИА (Central intelligence agency CIA). Овој закон е темелот и на денешниот безбедносно- разузнавачки систем на С.А.Д. Во период од 15 години (1947-1961), е создадена структурата на современиот безбедноснoразузнавачки систем на С.А.Д., или како уште се нарекува безбедносно - разузнавачка заедница, на чие чело е Националниот Совет за безбедност (National Security Council), со ЦИА во делот на цивилното разузнавање, Одбранбената разузнавачка агенција - ДИА (Defense intelligence agency ) во делот на военото разузнавање и Федералното Биро за истраги - ФБИ (Federal Bureau of Investigation) во делот на националната безбедност.

Современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. е еден од најголемите и најразвиени безбедносно-разузнавачки системи во денешниот свет. По својата организација, структура и функции, тој, со денешните агенции и безбедносно-разузнавачки установи биле создадени органи, како тела, организации, на советскиот пандан безбедносно-разузнавачки систем (олицетвореннајмногувоКГБ), со цел успешно да одговори на националните и глобалните безбедносни предизвици во ерата на Студената војна. Со падот на комунизмот, современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. се сооч и со нови безбедносни предизвици, ризици,закани и загрозувањ а во ерата на глобализираниот свет, особено со глобалниот тероризам. Инаку, основата на современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д., често во литературата нарекуван и под името безбедноснoразузнавачка заедница на С.А.Д., е изградена после Втората светска војна, што за разлика од другите безбедносно-разузнавачки системи со светот е релативно малку доцна. Карактеристично за современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. е што е изграден на прилично историско безбедносно-разузнавачко наследство, како и фактот дека од основањето пред педесетина години до денес, современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. во основа не претрпел сериозни реформи во организациона, структурна и функционална смисла на зборот. Кога зборуваме за современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. треба неизоставно да се каже дека речиси сите активности на овој систем или заедница се насочени кон обезбедување на

претседателот на С.АД., КонгресотиСенатот, како и сојузната и федералните влади со потребните податоци, информации и документи за водењето на внатрешната и надворешната безбедносна политика, гарантирање на националната безбедност на С.А.Д. и заштита на виталните стратешки интереси на С.А.Д. во светот. Националната стратегија за внатрешна безбедност на С.А.Д. од 2002 година (The national security for homeland security) всушност претставува платформа со која се дефинираат новите видови на организирање на државните, федералните, локалните власти и приватниот безбедносен сектор во функција на националната безбедност на С.А.Д. Таа е мошне сложен документ од областа на националната безбедност на С.А.Д. кој обединува повеќе посебни стратегии кои се однесуваат на поединечни прашања од областа на националната безбедност на оваа земја, дефинирана во услови на нови, поголеми и поопасни предизвици, ризици, закани и загрозувања. Такви посебни стратегии се: 1) Националната стратегија за борба против тероризмот; 2) Националната стратегија за борба против ширењето на оружјето за масовно уништување; 3) Националната стратегија против перењето пари; 4) Националната стратегија за контрола на дрогата; 5) Националната стратегија за одбрана и 6) Националната стратегија за обезбедување на вселенските пространства.

Ниту една држава во сегашниот свет не може ниту оддалеку да се спореди по сложеноста на својот безбедносно-разузнавачки систем со оној на С.А.Д. Поаѓајќи од наследството на Студената војна и од позицијата на единствена светска супер-сила во денешниот глобален свет, современиот американски безбедносно-разузнавачки систем оддишува со империјализам, бидејќи поинаку не може да се разбере исклучителната комплексност и развиеност на ваквиот систем на бројни органи, тела, организации, агенции и установи од областа на безбедноста, разузнавањето и контраразузнавањето. По дефиниција, оној кој има најмногу моќ, тој е изложен на најголеми безбедносни предизвици, ризици, закани и загрозувања, а ако се суди според древната американска максима (Don’t be afraid of the power -Не плаши се од моќта), содржана во темелните документи на американската државност како Уставот (The Constitution) и Декларацијата за независност (The declaration of independence), станува јасно зошто е С.А.Д. светска сила број еден во денешниот глобален свет, но и зошто е земја број еден во светот која се соочува со најразлични и најголеми предизвици по својата безбедност. Оттука, исклучително сложената организациона структура и функции на современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. се одраз на сета

контроверзност на С.А.Д. како најмоќна економска, политичка и воена сила на денешницата. Стратешките и витални интереси на С.А.Д. се распрснати насекаде низ светот, а нивната заштита и унапредување е невозможна без еден гломазен, моќен и разгранет безбедносно-разузнавачки систем. Во основа, како и на пример некои други големи држави во светот (Руската Федерација на пример), во современиот американски систем е нагласената целокупната безбедносно-разузнавачка улога и значење наПретседателскиот систем, Претседателското извршно биро во врска со самото функционирање на безбедносно-разузнавачкото носење на политичките и безбедносните одлуки и водењето на безбедносната политика. Покрај нив, значајна улога во безбедносниот систем на С.А.Д. во најширока смисла на зборот имаат и Конгресот и Сенатот на С.А.Д., многубројните министерства, агенции и други извршни владини органи и тела, многубројните координативни, контролни и надзорни органи и тела, како и разузнавачката заедница на С.А.Д. (U.S. Intelligence Community – IC ), нешто што претставува уникум на американскиот безбедносно-разузнавачки систем и американската сојузна администрација, а која е составена од разни разузнавачки елементи кои имаат свои институционални и организациски излези во разни министерства и ивршни агенции на С.А.Д. Разузнавачката заедница на С.А.Д. пак, заедно со Советот за национална безбедност (National Security Council NSC), Советот за внатрешна безбедност (Homeland Security Council -HSC) и уште неколку Секретаријати (владини министерства) го сочинуваат современиот американски безбедносно-разузнавачки систем во потесната смисла на зборот. Попрецизно, современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. во оваа смисла на зборот го сочинуваат:[76] 1) Советот за национална безбедност (National Security Council NSC); 2) Совет за внатрешна безбедност (Homeland Security Council – HSC); 3) Директорот за национална разузнавачка работа (Director of National Intelligence DNI ); 4) Државниот Секретаријат (Department of State DS), односно американското Министерство за надворешни работи; 5) Секретаријатот за внатрешна безбедност (Department of Homeland Security DHS), односно американското Министерство за внатрешни работи; 6) Министерствата за одбрана, финансии и транспорт; 7) советодавните, координациони и надзорни тела на извршната власт 8) задолжени други за разузнавачка, надлежни на контраразузнавачка за С.А.Д., и антитерористичка работа и установи разузнавачки, како дел од контраразузнавачки, антитерористички и

[76]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

безбедносни работи. Самата разузнавачка заедница како дел од современиот безбедносно-разузнавачки систем на С.А.Д. во потесна смисла на зборот е од своја страна исто така исклучително сложена и е составена од три групи безбедносно-разузнавачки установи и тоа:[77] 1) безбедносно-разузнавачки установи и агенции на национално ниво (како ЦИА, Националната агенција за безбедност – National Security agency NSA и други); 2) безбедносно-разузнавачките установи и агенции кои делуваат цивилно во Министерствата за одбрана (како (Секретаријатите), Секретаријатот во Министерството за внатрешна безбедност- Department of Homeland Security -DHS Федералното биро за истраги- Federal Bureau of Investigation FBI кое делува во состав на Министерството за правда-Department of Justice, Тајната служба на С.А.Д.-US Secret Service и сл.) и 3) безбедносно-разузнавачки установи и агенции кои делуваат во состав на Министерството за одбрана - Department of Defense DOD (како што се Разузнавачката агенција на одбраната-The Defense Intelligence Agency , Службата за безбедност на одбраната – Defense security service, безбедносно-разузнавачките заедници на родовите во американската војска итн.). Водејќи се од значајноста на одделните органи, тела, установи, агенции и служби на современиот американски безбедносно- разузнавачки систем, како и од рационалниот учебнички пристап, сметавме дека е најцелисходно и најрепрезентативно доколку за овој безбедносно-разузнавачки систем се задржиме на елаборирање на следниве безбедносно-разузнавачки сегменти:[78] 1) Советот за национална безбедност; 2) Советот за внатрешна безбедност; 3) Директорот на национално разузнавање; 4) Централната разузнавачка агенција; 5) Националната агенција за безбедност 6) Разузнавачката агенција на одбраната и 7) Федералното биро за истраги.

---

[77]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

[78]Спасески Јордан, Николовски Марјан, Герасимоски Саше, Безбедносни системи- прилог кон учењето за националните безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 183

### 4.1.1. Совет за национална безбедност НСЦ (National SecurityCouncil - NSC)

Советот за национална безбедност НСЦ е основан со Законот за национална безбедност од 1947 година, а неговите должности и овластувања се дополнети со дополнувањата на истиот Закон од 1949 година. Советот е главно раководно, координативно и насочувачко тело на безбедносно-разузнавачката заедница на С.А.Д. Основната цел поради кој постои е да дава совети на Претседателот на С.А.Д. и на Претседателското извршно биро во врска со интегрирањето на внатрешната, надворешната и безбедносната политика на С.А.Д. по прашањата кои се однесуваат на националната безбедност. Советот всушност претставува најзначаен форум на Претседателот на државата каде што се разгледуваат прашањата врзани за националната безбедност и надворешната политика и се даваат совети и предлози за нивно успешно остварување. Делувајќи на планот на контролата и надзорот врз работата на разузнавачката заедница на С.А.Д., а посебно на Централната разузнавачка агенција - ЦИА, Советот за национална безбедност донесува два вида одлуки:[79] 1) вербални инструкции за тековната разузнавачка работа и насочувањето на работата на разузнавачките служби во поодделни правци на надворешно-политичкото дејствување и 2) пишани документи за најважните прашања од делокругот на организацијата, делувањето и односите во рамките на разузнавачката заедница подготвува (ИЦ). Советот донесува директиви и прегледи. Директивите ги содржат одлуките за извршување на политиката и целите на националната безбедност на сите нејзини подрачја, додека прегледите ги прикажуваат проучувањата кои се направени во врска со политиката и задачите на националната безбедност. Според одредбите од Статутот на Советот за национална безбедност, истиот го сочинуваат: Претседателот, Потпретседателот, Државниот секретар и Секретарот (Министерот) за одбрана на С.А.Д., додека покрај нив како формални советници во работата на Советот учествуваат и Директорот на централното разузнавање (ДЦИ) кој е воедно и директор на ЦИА, советникот на претседателот за национална безбедност, Началникот на Здружениот генералштаб, Министерот за финансии, американскиот претставник во ООН, советникот на претседателот за економска политика, шефот на Белата Куќа и

---

[79]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г.

други функционери на американската администрација кои автономно ги определува Претседателот на С.А.Д. Со познатата Извршна наредба на Претседателот на С.А.Д. бр. 12333 од 1981 година, Советот за национална безбедност е овластен да основа различни комитети за извршување на неговите функции во областа на националната безбедност, односно, да формира тела и совети за надворешната разузнавачката заедница на С.А.Д. во делот на координирањето на разузнавачките активности, меѓусебната соработка на установите и агенциите во рамките на разузнавачката заедница, заштита на разузнавачките извори и сл. Од досегашното шест дециниско функционирање, Советот за национална безбедност на С.А.Д. НСЦ (НСЦ) се покажал како една од најзначајните алки во безбедносно-разузнавачкиот систем на С.А.Д., особено во поглед на креирањето и водењето на надворешната политика и зачувувањето на националната безбедност на С.А.Д. од најразлични облици на ризици, закани и загрозувања, посебно од надвор.

### 4.1.2. Совет за внатрешна сигурност ХСЦ (Homeland Security Council – HSC)

Советот за внатрешна безбедност ХСЦ (ХСЦ) е основан на 8 Октомври 2001 година со Извршната наредба на Претседателот на С.А.Д. бр. 13228. Формиран е непосредно после терористичките напади на Ал Каеда врз С.А.Д. од 11 Септември истата година, како одговор на терористичките закани и загрозувања на внатрешната безбедност на С.А.Д. Во рамките на својата организациона и функционална структура, Советот за внатрешна безбедност е устроен во повеќе комитети и тоа:[80] 1)главен комитет; 2) помошен комитет; и 3) комитети за координација на политиката на ХСЦ (вкупно ги има 11).

### 4.1.3. Директор на национално разузнавање ДНИ (Director of National Intelligence -DNI)

[80]Митко Котовчевски, Современи разузнавачки служби, Скопје, 2003г

Функцијата Директор на национално разузнавање ДНИ е воведена во 2005 година, во рамките на најзначајната реформа на американскиот безбедносно-разузнавачки систем и разузнавачката заедница од крајот на Втората светска војна навака. Имено, како резултат на ненадејните терористички напади врз С.А.Д. од 2001 година, најпрво е формирана Национална Комисија за терористичките напади на С.А.Д., или т.н. Комисија 9/11, која во рамките на опсежната анализа со која се дава оценка на ефикасноста на работата на безбедносно-разузнавачката заедница, во својот финален извештај предлага воведување нова функција во безбедносно-разузнавачкиот систем на С.А.Д., функцијата на Директор за национално разузнавање ДНИ (Director of National Intelligence - DNI). Со воведувањето на ДНИ, престанува да постои функцијата на ДЦИ, односно Директорот на централното разузнавање. Со тоа, функциите на некогашниот ДЦИ целосно се сведени на Директорот на ЦИА, со што по прв пат од 1947 година дошло до раздвојување на функциите раководител на разузнавачката заедница (ИЦ) и непосреден раководител на ЦИА (Director of Central Intelligence DCI). ДНИ пак, добива многу пошироки овластувања од некогашниот ДЦИ, единствено што не ја надгледува и контролира работата на ЦИА, како што некогаш тоа го правел ДЦИ. 8) други офицери и службеници, поставени во склад со Законот за ДНИ, вклучувајќи ги и националните разузнавачки центри.

## 4.1.4. Централна разузнавачка агенција ЦИА (Central Intelligence Agency- CIA)

Централната разузнавачка агенција ЦИА е врвна разузнавачка институција чија основна функција е надворешно разузнавање и контраразузнавање за потребите на безбедноста и водењето на безбедносната политика на С.А.Д., како и координација на американското разузнавање. Основана е со Законот за национална безбедност од 1947 година во времето на американскиот претседател Хари Труман, а на предлог на генерал-мајорот Вилијам Бил Донован, некогашниот Директор на Управата на

стратегиските служби (ОСС). Нејзината организација и овластувања се надградени и заокружени со Законот за централната разузнавачка агенција од 1949 година. Местото и улогата на ЦИА во американскиот безбедносно-разузнавачки систем е во тесна врска со Советот за национална безбедност НСЦ под чијашто закрила и делува, а со неа, до скоро, раководеше и Директорот на централното разузнавање ДЦИ. После воведувањето на Директорот на национално разузнавање ДНИ, раководењето со ЦИА е во исклучива надлежност на Директорот на ЦИА, додека ДНИ ги изгубил некогашните контролни и надзорни функции на ДЦИ врз работата на ЦИА. Сега, ДНИ ја има само координативната функција врз ЦИА, исто како и врз останатите разузнавачки елементи на разузнавачката заедница на С.А.Д. Во одделот 102/а на Законот за национална безбедност од 1947 година, дел од Законот попознат и како Матична повелба на ЦИА, се дефинирани нејзините статутарни овластувања која оваа служба ги извршува под надзор на Советот за национална безбедност НСЦ.

### 4.1.5 Национална агенција за безбедност- НСА (National Security Agency NSA)

Националната агенција за безбедност НСА е институција која врши комуникациски безбедносно-разузнавачки активности за потребите на Министерството за одбрана (Department of defense DOD) и Советот за национална безбедност НСЦ, но со релативно висок степен на независност во своето делување. Основана е со Тајниот Меморандум за комуникациски разузнавачки активности (Top Secret Memorandum) од 1952 година и делува во составот на Министерството за одбрана. Пандан на оваа агенција во светот е руската ФАПСИ, а ваков вид специјализирани безбедносно-разузнавачки институции и служби се одлика само на најголемите и најразвиени современи безбедносноразузнавачки системи во светот. НСА генерално е задолжена за криптологија, криптозаштита и пресретнување на комуникациите, изработка и откривање на шифри, пресретнување пораки и извештаи на странските влади и развој на методи за сите активности. НСА исто така, располага и со повеќе од 2000 прислушни пунктови лоцирани во воените бази на С.А.Д., сателитите, воените бродови, авионите и сл. Низ годините, НСА инвестирала милиони долари во

истражувањето и развојот на супер брзи компјутерски системи за криптозаштита и шифрирање.

## 4.1.6. Разузнавачка агенција на одбраната ДИА (Defense Intelligence Agency DIA)

Разузнавачката агенција на одбраната ДИА е воено-разузнавачка агенција на С.А.Д. формирана непосредно после неуспешната акција на С.А.Д. врз Куба и режимот на Фидел Кастро во Заливот на свињите во 1961 година. Правната основа за нејзиното основање и делување е Директивата бр. 5105.21 на Министерството за одбрана од 1961 година. ДИА е всушност централно раководно тело на разузнавачките и контраразузнавачките структури на вооружените сили на С.А.Д. Основната нејзина функција е обединување, раководење и координирање на воено-разузнавачките елементи на американската безбедносно-разузнавачка заедница. Своите извештаи од работењето ги доставува до Министерството за одбрана ДоД, ЦИА и НСЦ и тоа како два вида извештаи: селективни или синтетизирани. Поседува сложена организациона структура составена од Команда и повеќе специјализирани управи, штабови и уреди. Со ДИА раководи Директор. Во нејзиниот состав делуваат и повеќе воено-разузнавачки центри и воено-разузнавачки служби на видовите на американската војска. По својата разгранета организациона структура и функции, ДИА претставува една од најголемите и најразвиени воено-разузнавачки институции во современиот свет.

## 4.1.7. Федерално биро за истраги ФБИ (Federal Bureau of Investigation – FBI )

Федералното биро за истраги ФБИ формално е основано во 1908 година со Посебната наредба на Врховниот Обвинител на С.А.Д., генералот Чарлс Ј. Бонапарта, додека со Посебната наредба на Врховниот обвинител на С.А.Д. од 1909 година го добива името Истражно биро, положбата во безбедносно-разузнавачкиот систем и делокругот на работата. Сегашниот назив ФБИ го добива дури во 1935 година со Наредбата на Претседателот на С.А.Д. Френклин Делано Рузвелт. Во својот едновековен развој ФБИ извршувал меѓу другото и работи од областа на државната екстремизам безбедност, и други сузбивање на внатрешните политички функции, покрај основните од доменот на внатрешното контраразузнавање, работите од областа на истрагите и кривичната полиција. Денес, ФБИ претставува специјализирана безбедносно-разузнавачк систем овластена за агенција испитување на разузнавачката заедница на С.А.Д. (ИЦ) и современиот американски безбедносно-разузнавачки систем докажување на правдата, односно е институција на државната и јавната безбедност со широк делокруг на работа. Делува во состав на Секретаријатот (Министерството) за правда на С.А.Д. (Department of Justice DJ). Покрај сузбивањето на организираниот криминал на територијата на С.А.Д., врши и контраразузнавачки работи и работи на политичка полиција. Современиот ФБИ многу помалку е фокусиран на спротивставување и борба со класичниот криминалитет, на сметка на неговата активност на планот на истрагата на шпионажите, саботажите, измамите и сл. Денес ФБИ е особено посветен на контраразузнавачка заштита на С.А.Д. и борбата против тероризмот. За таа цел, во 1996 година по бомбашкиот напад во Оклахома Сити извршен во 1995 година, ФБИ формира Центар за борба против внатрешниот тероризам (Domestic Counterterrorism Center DCC ), а по терористичките напади врз С.А.Д. од 2001 година, истата година основа и посебна Управа за разузнавачка работа (Directorate of Intelligence). Инаку, во организациона смисла на зборот, ФБИ е сложено организиран во централа, подрачни (регионални) уреди (бироа), резидуални агенции, посебни регионални центри и служби и уреди (бироа) на правните аташеа.[81] На чело на Федералното биро за истраги се наоѓа

[81]Спасески Јордан, Николовски Марјан, Герасимоски Саше, Безбедносни системи- прилог кон учењето за националните безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010, стр. 185

Директор кого го именува Претседателот на С.А.Д., со претходна согласност на Сенатот. Мандатот на Директорот на ФБИ изнесува 10 години, без право на повторен избор. ФБИ, за разлика од ЦИА може да врши апсења на прекршителите на законот, дури и надвор од територијата на С.А.Д., а се со цел да им се суди на истите во С.А.Д. Исто така, ФБИ врши и т.н. "безбедносни проверки" (своевидни проверки на подобноста и лојалноста кон државата) за кандидатите при нивното вработување на значајни државни функции, со што исклучително придонесува во вкупниот безбедносен систем, стабилноста и угледот на државата.

## 4.2. Соработка на разузнавачките служби на САД, Франција и Македонија при справување со тероризамот

Генерално, борбата со тероризмот ја водат службите за разузнавање. Во некои земји постои одлична соработка меѓу полицијата и тајните служби. Во други држави, пак, недостига основна поврзаност и комуникација. Во Република Македонија носител е Управата за безбедност и контраразузнавање (УБК), поддржана од неколку институции и Бирото за јавна безбедност (БЈБ). Сепак, Стратегијата ја подвлекува потребата за дефинирање на улогата на Бирото во однос на тероризмот, но бележи и недостаток за споделување информации со УБК. Република Македонија е една од државите која во однос на регулативата бележи исклучителен напредок. Р.Македонија недамна го смени кривичен законик за да ја подобри правната рамка во процесуирање на ваков тип на кривични дела и секако дека со благовремена размена на информациите со нејзините соседи, со земјите од регионот и со ЕУ, како и со взаемна доверба и соработка,може да постигнеме поголем ефект,односно подобри резулатина овој план. Она што се очекува во наредните години е Бирото да се подобри во поглед на превенција, профилирање, заштита од терористички напади, справување со идентификувани групи и подобри истраги по извршен терористички напад. Постои потреба за добро обучен и квалификуван кадар за развивање на истрагите и следење на состојбата во полето на борбата против тероризмот. Потребно е градење на капацитети преку обуки за развивање методи и стратегии против тероризмот и терористичките групи, за раководење со големи истраги поврзани со терористички напади, развивање

на капацитети за процена на ризик и водењето на акциите при терористичките злосторства.[82] Парламентарната истражна комисија која беше формирана по терористичките напади од 13 ноември кои го облеаја во крв францускиот главен град Парис предложи разузнавачките служби во земјата за да бидат ефикасни во борбата против тероризмот да бидат обединети во единствена агенција. Претседателот на истражната комисија Жорж Фенек во дадената изјава за печатот застана во одбрана на тоа обединувањето на разузнавачките сервиси во единствена агенција што ќе ги спречи разузнавачките пропусти. Велејќи „Треба да формираме поамбициозен разузнавачки сервис против заканата од меѓународен тероризам", Фенек привлече внимание дека поради некомуницирањето помеѓу разузнавачките служби техничкото следење во врска со Саид Коучи едниот од терористите кои го реализираа нападот врз списанието Шарли Ебдо било укинато пред извесно време пред ова лице да стапи во акција. Фенек како разузнавачки пропуст го изнесе и тоа што Амеди Кулибали кој по реализираниот крвав напад на еврејскиот супермаркет беше убиен во реализираната полициска операција, откако бил радикализиран во затворот во кој се наоѓал не бил следен откако бил пуштен на слобода.[83] Во реализираните терористички напади врз списанието Шарли Ебдо и еврејскиот супермаркет во јануари минатата година во Париз загинаа 17 лица, а во терористичките напади во ноември во 6 одделни места во Париз загинаа 130 лица.

ЦИА делува како главна Американска (шпионска), човечко разузнавачка служба која раководи или координира со 16-те организации-членки на разузнавачката заедница во САД. Покрај тоа, таа добива информации од другите владини разузнавачки служби, комерцијалните извори на информации и странски разузнавачки служби. Голем број на разузнавачките организации се целосно или делумно под контрола на буџетот на Министерството за одбрана на САД или на други служби како што е јавниот обвинител на САД. Според други аналитички-членки на разузнавачката заедница во САД, како што се Државната служба за разузнавање и истражување и аналитичкиот одел за Разузнавање при Министерството за одбрана, вклучувајки го и Фотографското разузнавање на ЦИА кое го собираат авионските и сателитските системи на Државната служба за извидување обработена од Државната агенција за геосателитско

[82]МКД, http://www.mkd.mk/makedonija/za-policijata-novi-uniformi-vodachi-za-kuchinja-oprema-obuki-protiv-terorizam, 01 октомври 2016
[83]ТРТ,http://www.trt.net.tr/makedonski/sviet/2016/07/05/priedlogh-za-obiedinuvanjie-na-razuznavachkitie-sluzhbi-vo-frantsija-vo-iedinstviena-aghientsija-524380,

разузнавање, Сигналското разузнавање, Државната безбедносна служба Сигналното и мерно разузнавање преку центар при Државната служба за разузнавање и истражување и аналитичкиот одел за Разузнавање при Министерството за одбрана.До преорганизацијата во разузнавачката заедница во 2004 година една од „услугите од заеднички интерес“ што ЦИА ја даваше беше Разузнавањето со софтвер со отворен код од Службата за емитување на странски информации. Службата за емитување на странски информации потполно ја опфаќаше Заедничката служба за истражување и објавување, која е воена организација за преведување на документи, која премина во Државната организација за разузнавање со софтвер со отворен код под директорот на Државното разузнавање. ЦИА сеуште обезбедува многу некласифицирани карти и референтни документи на разузнавачката заедница и на јавноста. Како дел од мандатот да прибира разузнавање, ЦИА бара се повеќе информации на интернет и стана главен собирач на социјалните медиуми. Многу разузнавачки служби соработуваат. Може дури и да биде оспорен комуникациски канал со навидум непријателски народи. Улогата и функциите на ЦИА грубо кажано се исти како оние на Британската разузнавачка служба (како SIS или MI6), Канадската разузнавачка служба (CSIS), Австралиската разузнавачка служба (ASIS), Руската разузнавачка служба (Sluzhba Vneshney Razvedki-SVR), Пакистанската разузнавачка служба (ISI), Индиската разузнавачка служба(RAW), Француската разузнавачка служба (DGSE) и Израелската разузнавачка служба(Mossad). Додека некои поранешни служби беа одговорни за собирање и анализирање на информации, некои како Државната служба за разузнавање и истражување се исклучиво служби за анализа. Најблиски врски меѓу странските разузнавачки служби и ИТ во САД имаат Англофонските земји како: Австралија, Канада, Нов Зеланд и Велика Британија.Имаат специјални врски кога се во прашање разузнавачките пораки што ги делат помеѓу овие четири земји. Навестувањето на САД за блиската соработка е создавање на новата дистрибутивна порака за покажување во рамките на главната американска воена комуникациска мрежа. Претходно, обележувањето на NOFORN (т.е. не странски државјани) потребно да се потенцира потеклото ако постои, за сите земји кои не се во САД да можат да примаат информации.Новото раководство го сноси ризикот САД/АУС/КАН/ВБ/НЗ, користејќи основно разузнавачки пораки, што дава полесен начин да се забележи дека материјалите може да се споделат со Австралија, Канада, Велика Британија и Нов Зеланд.

## 4.2.2. Мерки кои се преземаат за борба против тероризамот во Франција, САД и Македонија

Франција спроведува нов план за борба против тероризамот. Претседателот на Франција, Франсоа Оланд изјави дека за спроведување на новиот план за борба против тероризмот Министерството за одбрана во следните четири години ќе има дополнителен буџет од 3,8 милијарди евра. Оланд наведе дека новиот план за борба против тероризмот предвидува најголемата одговорност да биде на армијата и на Министерството за одбрана. За новиот план за борба против тероризмот дневно ќе се трошат околу еден милион евра. Новиот план предвидува зголемување на бројот на војници во француската армија, како и околу 7.000 војници да се обучат за учество во безбедносните акции во Франција.По ланските напади во Париз, француската Влада излезе со листа на барања до своите партнери од Европската унија, а истите барања сега ги повтори по последните терориситчки акции во Брисел. Француската Влада бара засилување на контролата на надворешните граници на ЕУ. По тој повод во декември 2015 година беше променет членот 7-2 од Шенгенскиот договор, чие спроведување се очекува наскоро. Со оваа промена се дозволува да се проверува идентитетот на секој патник кој влегува или излегува од ЕУ со споредба на податоците на националните полиции и на европските. Засега само извесен број на профили, на ризични лица кои не се со европско потекло беа предмет на овие контроли. Француската влада исто така сака да влезе на сила „листата на регистрирани патници“ во авионскиот сообраќај, што се уште не е усвоено од страна на Европскиот парламент. Таа требаше да биде усвоена на почетокот на март, но некои европратеници од левицата, загрижени од злоупотреби на овие листи, извршија притисок ова гласање да биде одложено се до усвојувањето на текстот за заштитата на податоците. Кога ќе биде изгласан, државите членки на ЕУ ќе треба да го пренесат овај текст во своите законодавства во рок од две години.

САД градат воена база во Нигер за беспилотни летала за борба со тероризмот. Американското Министерство за одбрана потврди дека САД градат воена база во Нигер, за прием и испраќање беспилотни летала (дронови). Базата се наоѓа во градот Агадез, во централниот дел на оваа африканска држава, и американската влада ги плаќа трошоците за новата писта, за другите инфраструктурни објекти и за целата потребна опрема. Американците веќе се присутни со дронови во базата во Ниамен,

главниот град на Нигер, што ја делат заедно со француските специјални антитерористички сили. Новата база, се проценува како стратешки позначајна за борбата против меѓународниот тероризам, затоа што нејзината положба им овозможува на САД да имаат поголема можност за користењет на дроновите против исламистичките екстремисти, во соседните Либија, Мали и Нигерија. Американски воени експерти оценуваат дека новата база за борба со тероризмот, во централен Нигел претставува едно од најважните воени проекти на САД во Африка. Дроновите (летала без пилоти) се користат за надгледување и разузнавање, како и за воени цели, за бомбардирање на непријателски позиции, во реони каде е опасно да се испраќаат авиони со пилотски екипаж.

Мерките кој ги презема Република Македонија во однос на борбата со тероризмот на билатерален план опфаќаат:успешно продолжи веќе отпочнатата соработка со 27 странски служби за безбедност и разузнавање, а се интезивира и соработката со 8 други странски безбедносни и разузнавачки служби со кои ваква соработка беше воспоставена во 2008 година. Оваа соработка која се остварува како интезивна размена (проверка) на сознанија од безбедносен интерес со цел превентивно делување и преземање на заеднички мерки за решавање на безбедносните проблеми заради подобрување на безбедноста на национално, регионално и глобално ниво, во последниот период добива една нова квалитативна димензија која значи воспоставување на практика на редовна размена на аналитички материјали од заеднички интерес за земјите кои ја остваруваат соработката.

Соработка со НАТО, односно со NOS (НАТО кацеларија за безбедност), ILU (Разузнавачка единица за врски) и TTIU (Разузнавачка единица за терористички закани) се одвива и понатаму преку редовна размена разузнавачки информации од заеднички интерес, а со цел спречување на терористички закани насочени кон НАТО, земјите членки на Алијансата, Република Македонија и други земји. Соработка со Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуцијата 1373 (2001) донесена непосредно по терористичките напади на САД од 11 септември 2001 продолжува и понатаму со доставувањето на редовните и ad hoc извештаи за преземените мерки и активности од страна на Република Македонија во спротивставувањето на тероризмот.

На мултилатерален план Република Македонија преку активното членување на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во Конференцијата на разузнавачките служби на Југоисточна Европа (SEEIC) и Средноевропската конференција (MEC) учествува во усогласувањето на интересите и и формирањето на заедничка стратегија на земјите членки на овие конференции за превенција и спротивставување на заканите кои произлегуваат од меѓународниот тероризам. Во соработка и со помош на странските безбедносни служби со кои во Управата во изминатиот период беа реализирани низа обуки и семинари насочени во неколку правци односно теми:[84]

- механизми, постапки, современи методии средства за спротивставување на тероризам и терористички активности, спречување на терористички организации, одбрана од бомбаши самоубијци итн;

- финанасиска истрага, подобрување на механизмите за борба против финансирањето на тероризмот, механизми за откривање на перење на пари и други приноси од казниво дело;

- подигање на ниво на контраразузнавачка заштита особено во правец на спроведување на безбедносните проверки во постапката за добивање на сертификати за пристап кон класифицирани информации.

[84]ТРТ,http://www.trt.net.tr/makedonski/sviet/2016/07/05/priedlogh-za-obiedinuvanjie-na-razuznavachkitie-sluzhbi-vo-frantsija-vo-iedinstviena-aghientsija-524380,

### 4.2.2.1. Улогата на Република Македонија во креирањето на националните и меѓународните безбедносни стратегии за борба со глобалниот тероризам

Мора да се признае дека димензијата на глобалната безбедност како никогаш порано, во актуелниот момент, со право е високо позиционирана во рамките на меѓународните односи.

Република Македонија, пак, зазема свое значајно место, не само поради тоа што ние ги имаме ратификувано сите битни меѓународно донесени норми од посочената проблематика, туку и поради ноторниот факт што ние со години наназад сме активни и ефективни партиципиенти во сите важни меѓународни активности на тој план.

Почнувајќи од нашето конкретно учество во мисиите во Ирак и Авганистан, па преку мноштвото активности во сите релевантни меѓународни организации и институции во сферата на безбедноста.

Ова не случајно го споменувам, пред конкретно да се осврнам на прашањето околу третманот на тероризмот од внатрешен аспект, затоа што унапредувањето на формите и методите на соработка меѓу државите независно дали на билатерално, мултилатерално, или меѓународно институционално рамниште, прерасна во императив, а сè со цел навремено спротивставување и уништување на какви било појавни облици на тероризмот.

Република Македонија тој тренд го препозна, и тоа стана една од клучните карактеристики во нашето надворешнополитичко дејствување. Дотолку повеќе што реалноста јасно покажа дека денес ниту една земја не може да се чувствува безбедна или заобиколена од потенцијалните ризици на терористичкото дејствување. Токму затоа е важен меѓународниот, особено превентивен настап во системот на колективна безбедност во којшто, како што реков, Република Македонија, иако мала земја, има свое бележито место.

Иако безбедноста во терминолошки и практичен смисол денес опфаќа прилично широк корпус на сегменти, како што е на пример, економската безбедност или безбедноста на животната средина и слично, кои се составни ставки на генералните концепти за

национална или меѓународна безбедност, сепак и натаму главен чинител во борбата против тероризмот како една од најопасните закани врз безбедноста, останувaат, така да ги наречам, класичните безбедносни институции, како што впрочем е ресорот за внатрешни работи. Исто како што, без оглед на сè подинамичното меѓународно организирање и настапување, националната безбедност останува сè уште главната константа во борбата против сите закани, вклучително и тероризмот.

Имено, Република Македонија од поодамна, не само во рамки на нашето активно учество во меѓународните односи, како и нормативното верификување и имплементирање на меѓународните легислативни стандарди од оваа област на безбедноста, туку и на внатрешен план презеде низа структурни реформи заради наше системско и институционално прилагодување кон потребите, капацитетите и интересите за зачувување и заштита на националната безбедност од предизвиците на тероризмот.

Врз основа на Националната концепција за одбрана и безбедност, Владата на Република Македонија изготви и Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот 2011-2015 година, како документ во којшто се дадени јасни насоки за натамошно институционално организирање и дејствување, при што прецизно се дефинирани, како целите, така и облиците на терористички закани, мерките за сузбивање на тероризмот, материјалните ресурси, носителите на стратегијата и динамиката за нејзино имплементирање.

Притоа, во Националната стратегија недвосмислено се акцентира дека Република Македонија ја демонстрира својата цврста определба за борба против тероризмот на национално, регионално и глобално ниво за заштита на демократските вредности утврдени со Уставот на РМ, овозможувајќи им на своите граѓани да живеат во слободна, безбедна и правна држава. Се разбира, фокусот на севкупното делување треба да биде свртен кон превентивните активности за елеминирање на сите потенцијални опасности од појава на тероризмот и натамошна ескалација на последиците од истиот. Впрочем, не попусто е назначено во Стратегијата дека дејствијата на тероризмот се казниви и не се оправдани под никакви околности, или како што предвидува и нашиот Кривичен законик, делата поврзани со тероризмот се дела против државата, односно против граѓаните како конституенти на таа држава.

Националната стратегија, тргнувајќи од факторите клучни за севкупното општествено функцинирање, ги индентификува облиците, но и можностите на манифестирање на терористичките закани. Притоа, таксативно посочувајќи ги:радикализацијата, регрутирањето и поттикнувањето на активностите кои се во функција на тероризмот; идеолошката и воената обука; потоа финансирањето на тероризмот, и реализацијата на терористичките закани – како облици на терористичка закана.

Стратегијата го нотира и нивното манифестирање како: напад на објекти и лица од национален интерес; напад со предизвикување голем број жртви; напад наинституции и објекти од значење за одбраната, безбедноста, политичките и економски интереси на државата, со што би се предизвикало ширење страв и несигурност меѓу населението. Практично, може да се забележи дека при детерминирањето на овој сегмент од Националната стратегија за борба против тероризмот водена е сметка како заопфатноста, така и за неговата комплементарност со актуелните меѓународни принципи.Ова дотолку повеќе што Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ и НАТО, и уште поважно - суштински многу конкретен партнер во НАТО, дури повеќе и од многу земји членки на оваа евро-атланска организација, практично го сноси ризикот за потенцијален таргет на евентуални терористички акти.Токму заради тоа, Националната стратегија многу подетално ги насочува активностите во делот посветен на „мерките за сузбивање на тероризмот" делејќи ги нанеколку нивоа:[85] превенција; одбрана; заштита на граѓаните и имотот; процесуирање и координација.

1. Под превенција подразбираме создавање политички, општествени и економски услови кои ќе го попречат ширењето на тероризмот во сите негови појавниоблици. Поконкретно, превенцијата опфаќа анализа на ризик со систем на ранопредупредување, оневозможување на пропаганда и поттикнување на тероризам, препознавање и сузбивање радикализам и екстремизам кои може да прераснат во тероризам, прекинување на изворите за финансирање на тероризмот, како и техничко-информатичка, но и професионална надградба на релевантните институции.

---

[85] Никола Поповски, БЕЗБЕДНОСТА КАКО ЈАВНО ДОБРО И НЕЈЗИНОТО ФИНАНСИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (изворен научен труд, original scientific paper), Европскиот универзитет – Скопје, Зборник на трудови од меѓународната научна и стручна конференција РЕФОРМИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛИТЕТОТ одржана на ден 15.09.2012 година, на Европскиот универзитет - Република Македонија

2. Одбраната од тероризмот подразбира преземање мерки и активности насочени против создавање, ширење и делување на терористички структури, мрежи иорганизаици, а воедно навремено откривање на плановите, подготовките, организирањето или спроведувањето активности со карактеристики на тероризам на територијата на Република Македонија. Оттаму, во делот на одбраната спаѓа оневозможување на организациски и логистички активности со терористички цели, спречување терористичка идеолошка и воена обука, зголемена контрола на транзит на лица поврзани со тероризам, илегална трговија со оружје, експлозив и други средства наменети за потенцијални терористички активности, идентификување лица кои престојувале во кризни подрачја и се стекнале со терористичка обука, како и спречување на транзит и користење средства за масовно уништување и средства со двојна намена.

3. Заштитата на граѓаните и имотот подразбира намалување на опасноста од напад вклучувајќи го подобрувањето на безбедноста на границите, сообраќајната инфраструктура и објектите од витално значење. Стратегијата тоа го предвидува преку преземање засилени безбедносни мерки, соодветно информирање и зајакнување на контролата на сите чувствителни точки.

4. Што се однесува до процесуирањето, истото претставува спроведување казнени мерки за прогон на лица и организации поврзани преку тероризмот. Покрајсоодветните истраги и усогласувањето на регулативата, во овие мерки исклучително важно е замрзнувањето и одземањето финансии и имот на физички и правни лица поврзани со тероризам.

Од суштинско значење е што во тој дел од документот се инсистира на континуиран институционален ангажман притоа проследен со соодветно, исто така постојано и динамично надградување –техничко, кадровско, организационо, нормативно - на институциите задолжени за справување со тероризмот за да можат соодветно да одговорат на заканите што тероризмот ги носи.

Секако, што е и разбирливо, носечките институции во имплементацијата на Националната стратегија на чело со Министерството за внатрешни работи се: Управатаза безбедност и контраразузнавање при МВР, Агенцијата за разузнавање и Секторот за воена безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана коишто ја

чинат срцта на заедничкото работно тело во координирање на активностите за доследно реализирање на овој стратешки документ.

Во Националната стратегија согласно најдобрите практики е опфатено и менаџирањето на последиците од терористички напад кое се дифинира како одговор иподготвеност на сите безбедносни и други институции во Република Македонија за навремено преземање на сите потребни мерки со цел намалување и санирање на последиците од терористички напад. Тоа подразбира идентификување на цивилните и воените ресурси за координиран одговор во случај на напад, механизми за заштита и спасување и зајакнување на регионалната и мултилатералната соработка за навремена реакција и помош при терористички напад.

Во изминативе години Владата на Република Македонија, и пред сѐ Министерството за внатрешни работи, силно и посветено ја демонстрираше својата решителност во бескомпромисната борба против тероризмот. Инвестирањето во квалитативното подобрување на организационите, законските и технички капацитети за справување со овој вид закани е само дел од напорите кои ги вложувавме во таа насока.

Истовремено, ниту за малку не заостанувајќи во активното меѓународно партнерство и соработка во глобалната коалиција против тероризмот за што впрочем постојано добиваме признанија од нашите партнери од ЕУ и НАТО.[86]

Таквиот светоглед дополнително аргументиран и со нашата јасно изразена политичка решителност и волја, останува еден од оние најважни национални, односно државни приоритети кои се и во интерес на македонски интеграциски аспирации, но уште поважно во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

[86]Гордана Јанкулоска, ТЕРОРИЗМОТ НА ПОЧЕТОКОТ НА XXI ВЕК, Security dialogues online

## 5. Потребата за размена на информации помеѓу разузнавачките служби

Очигледно е дека и странските и домашните разузнавачки служби треба да разменуваат информации ако треба ефективно да работат на сложените безбедносни закани со кои се соочуваат.Меѓутоа, во тековното меѓународно окружување, често се потенцира потребата за уште поголема размена на информации.На пример, во Резолуција 1373 (28 септември 2001 година), Советот за безбедност на Обединетите Нации повика на интензификација на размената на информации меѓу земјите членки.Во Европа, институциите како Еуропол, Клубот од Берн (Club de Berne), Воениот персонал на Европската Унија и Ситуацискиот центар на ЕУ исто така побараа поголема размена на информации[87]. Како резултат на тоа, држави со многу различни традиции, кои инаку можеби не би биле волни да соработуваат во заеднички безбедносни операции се без оглед на тоа спремни да разменуваат информации поврзани не само со контратероризам туку и со воени и мировни операции, инспекции на оружје и прогони за воени злосторства. Опсегот на размената на информации кој тековно се одвива меѓу разузнавачките служби тешко може да се одреди бидејќи информациите се тајни, како што се тајни и договорите со кои тие се разменуваат.Меѓутоа, податоците кои се достапни даваат одредена идеја за размерот.Секоја од канадските и австралиските домашни разузнавачки служби, на пример, разменува информации со околу 250 странски агенции.Американската централна разузнавачка агенција (ЦИА) е поврзана со повеќе од 400 агенции во светот.Оваа размена се одвива и формално и неформално.Поради повеќеслојната природа на тековните закани во окружувањето, државите кои ги почитуваат човековите права може понекогаш да се чувствуваат притиснати да разменуваат информации со нации кои имаат историја на кршење на човековите права.Една служба може да верува дека треба да предупреди една држава за лице осомничено за тероризам кое влегло или планира да влезе во друга држава, дури и ако државата која ги прима информациите може да има историја на злоупотреба на човековите

[87] Џејмс Волш, „Размена на разузнавачки информации во Европската Унија; Институциите не се доволни", Журнал на студии на единствениот пазар Том 44, Издание 3 (James Walsh, "Intelligence-Sharing in the European Union: Institutions Are Not Enough," Journal of Common Market Studies Vol. 44, Issue 3) (септември 2006), стр. 625–643.

права.Исто така е разбирливо дека провајдерите на информации очекуваат одредено ниво на реципроцитет од примачите на информации.Во деценијата после 9/11, голем број национални влади работеа на елиминацијата на правните и организациски бариери за размена на информациите меѓу домашните агенции задолжени со безбедносни и разузнавачки одговорности.[88] Ова е особено точно во САД, каде владина комисија одреди дека бариерите меѓу разузнавачките и безбедносните организации ја спречиле идентификацијата на некои од киднаперите од 9/11.5 Како резултат на тоа, новиот ентузијазам за размена на информации се прошири од контратероризам на широк опсег на одговорности за спроведување на законот вклучувајќи гранична безбедност, имиграција, шверцување и шпионажа.

## 5.1. Разузнавачка служба на САД и нејзината врска со други странски служби при размена на разузнавачки информации

Наспроти своите големи инвестиции во технички и во човечки разузнавачки активности, Соединетите Американски Држави за значителен дел од своето разузнавање се потпираат на договори за врски и договори за соработка со разузнавачките и безбедносни служби.

Како што во 1985 година објасни тогашниот секретар за одбрана Каспар Винбергер: „Соединетите Американски Држави немаат ниту можности ниту ресурси унилатерално да ги соберат сите информации што ни се потребни. Ние тоа го надоместуваме со разновидни договори за размена на разузнавачки информации со другите држави во светот."

Соединетите Американски Држави можат да извлечат полза на неколку начини во однос на таквите договори и односи на врска. Способноста да ги следат настаните во некоја странска земја може да се засили бидејќи некој сојузник е особено добро ситуиран да спроведе разновидни операции на техничко собирање информации во однос на целта.

[88]Кент Роач, Надзор над службите за разузнавање: Прирачник, ISBN: 978-92-9222-224-6 стр. 148

Соединетите Американски Држави често помагале во воспоставувањето на локалитети за собирање информации во замена за пристап до собраните информации. Во случајот на земји каде што Соединетите Американски Држави немаат дипломатско претставништво, сојузнички разузнавачки служби можат да имаат агенти во име на САД. Исто така, сојузниците можат да обезбедат дополнителни луѓе за собирање или за обработка на разузнавачки информации, особено на огромните количества информации што се продуцираат со системите за техничко собирање. Покрај тоа коментарите и анализите презентирани од сојузничките аналитичари преку размена на разузнавачки информации и конференции можат да им помогнат на американските аналитичари да го подобрат своето разбирање на развоите на настаните во странски земји. Истовремено, со таквите договори постои барем еден значаен ризик. Во службата со којашто се реализира соработка може да навлезе непријател и информациите што ги даваат САД би можеле да завршат во непријателски раце. Некои договори се долгорочни и високоформализирани и вклучуваат најчувствителни форми за собирање на разузнавачки информации. Другите се помалку опфатени и рефлектираат ограничени заеднички интереси меѓу САД и посебни нации. Исто така, договорите за размена можат да бидат поврзани со различни компоненти на разузнавачки заедници на САД и во други земји. Додека некои договори можат да вклучуваат врски меѓу ЦИА и соодветната агенција во некоја земја, други можат да вклучат соработка меѓу Агенцијата за национална безбедност, Одбранбената разузнавачка агенција или Канцеларијата за поморско разузнавање и нивните соодветни агенции во странски служби.[89]

Најзначајни договори се билатералните и мултилатералните договори меѓу Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство, Австралија, Канада и Нов Зеланд во однос на собирањето и дистрибуирањето на разузнавачките сигнални информации и податоци за океанско надгледување. САД, исто така, до одреден степен се вклучува во размена на разузнавачки информации и соработка и со Германија, Израел, Јапонија, Јордан, Народна Република Кина. САД им даваат разузнавачка подршка и на Обединетите нации и на Меѓународната агенција за атомска енергија.

[89]Џефри Т. Ричелсон, Разузнавачката заедница на САД, Скопје, 2009г.

# 6. Тероризамот во XXI век

GTD – Global Terrorism Database е база на податоци за терористички напади кои се случуваат насекаде низ светот. Базата располага со податоци за терористички напади од 1970 година до 2012 година и се опфатени и регистрирани преку 113.000 случаи на тероризам. Низ GTD базата на податоци може да се пребуарува според повеќе карактеристики и критериуми на терористичките напади, според времето на нивното случување, регионот, земјата, подготвувачите, видот на оружјето, начинот на извршување, целта на нападот, последиците.

Слика 1. Приказ на бројот на терористички напади – 2000 – 2012 година
Figure 1. Displaying the number of terrorist attacks - 2000 - 2012 year




*Извор: Петар Караѓулески, Соработка на Интерпол, ООН и НАТО во борбата со современите форми на тероризам во светот во xxi век, (Магистерски труд) Штио, 2015 стр.62*

Слика 1 ги покажува терористичките напади во периодот од 2000 година до 2012 година според базата на податоци за извршени терористички напади GTD. Можеме да увидиме дека од почетокот на овој период, па до 2012 година терористичките напади се зголемени за околу пет пати. Во 2000 година имало нешто помалку од 2000 терористички напади, а во наредната 2001 година кога и се случија терористичките напади на САД има само многу благ пораст на ваквите напади.[90] Од 2001 година до 2004 година се согледува слабо намалување на терористичките напади, но по оваа година доаѓа до забрзано зголемување. Така во годините кои следуваат терористичките напади растат од година во година, па во 2008, 2009, 2010 и 2011 година има оклу 5.000 терористички напади кои се регистрирани во базата на податоци GTD. Може да се

[90]Петар Караѓулески, Соработка на Интерпол, ООН и НАТО во борбата со современите форми на тероризам во светот во xxi век, (Магистерски труд) Штио, 2015 стр.62

забележи и дека од 2011 година до 2012 година терористичките напади низ светот се зголемени речиси за два пати, односно од околу 5.000 терористички напади во 2011 година на оклу 9000 напади во 2012 што претставува доста големо зголемување.

## IV Дел: Современи трендови на разузнавањето во борбата против тероризмот

Разузнавачките и безбедносните служби се еден од основните елементи на секој систем за безбедност.Нивна задача не е само да се заштити државата пред надворешните и внатрешните предизвици, но исто така и заштита на граѓаните.Областа во која овие служби работат е многу деликатна, што е впрочем основната причина за постоење на поголема опасност дека ќе дојде до кршење на човековите права или злоупотреба на власта од страна на членовите на овие служби.Огромната концентрација на информации и моќ, со кои располагаат безбедносните и разузнавачки служби, е главната причина зошто контролата над нив е од суштинско значење за демократското функционирање на државата.Меѓу останатите, разузнавачките и безбедносните служби, исто така, имаат превентивна функција, односно моќ да ги предвидат можните закани за националната безбедност.Со зголемување на опасноста од терористички напади во текот на последните две децении, неминовно настанаа и повеќе промени во начинот на дејствување на разузнавачките и безбедносните служби, истовремено па се зголеми и нивната меѓусебна соработка.[91]Сепак и покрај се, разузнавањето мора да ги исполни задачите доколку сака барем да биде во чекор во справуавњето со современиот тероризам, а тоа се: прибирање на информации, пребарување низ добиените необработени податоци, составување на информации и податоци, извлекување на правилни заклучоци и пренесување на истите до раководството. Исполнувајќи ги наведените задачи разузнавањето ја исполнува својата основна функција, а тоа е добивање на квалитетни, навремени и веродостојни информации.Постојат повеќе извори на информации кои можат да имаат драгоцен

[91]Теодора Христовска, ПАРЛАМЕНТАРНА КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје, Јануари, 2016, стр.3

придонес во остварувањето на целта на разузнавачката активност и на сите треба да им се посвети доволно внимание бидејќи секој од нив има свои предности и недостатоци во работењето на разузнавачката служба.

За успешна борба против тероризмот и за целосно и ефикасно превенирање менацирање на кризата предизвикана од појавата на терористички активностдржавите ќе мора да располагаат со првокласни разузнавачки податоци.Овие новоформирани разузнавачки служби треба максимално да ги користат овие можности, но само врз принципот на полноправност и само во функција на остварување на интересите на националната безбедност на сопствената држава.За успешна реализација на борбата против тероризмот неопходни се континуирани, целосни и синхронизирани напори на националните разузнавачки и контра разузнавачки служби, но и целосна соработка на владите на современите држави во меѓународната заедница.

Борбата против тероризмот е комплексна, долготрајна, непредвидлива, со брзи пресврти и со променлив успех.Таа секогаш започнува со активности на прибирање информации на разузнавачките служби, кои треба да ги откријат терористичките намери за напади уште во фаза на нивно планирање, односно пред извршување на терористичкиот напад.Превенција преку собирање на разузнавачки информации и инфилтрација во терористичките групи е уште една солуција во борбата против тероризмот. Разузнавачките податоци од областа на тероризмот претставуваат продукт кој се добива преку собирање, проценка, анализа, обединување и толкување на сите достапни информации кои се однесуваат на тероризмот како сериозна безбедносна закана, за терористичките организации во земјата и надвор од неа, како и зоните на изведување на операции кои се потенцијално значајни за планирањето на борбата против тероризмот.

Постојат шест основни категории на разузнавачки податоци кои во исто време се карактеристични (со своите специфики) и за успешно водење на борбата против тероризмот:[92]

- Политички податоци кои што се однесуваат на карактерот на домашната и меѓународната политика на земјата. Врз основа на нивните сознанија може да се утврдат потенцијалните цели на терористичките напади. Пример:

[92]Котовчевски, М., Разузнавањето златен клуч во борбата против тероризмот-разузнавањето браник во одбрана од тероризмот, Кратка содржина, стр. 12

постоењето на екстремни левичарски групи кои ги напаѓаат вредностите на капиталистичкиот поредок или други екстремни идеолошки групации кои своите дејства ги насочуваат на определени општествени вредности со друго симболичко значење.

- Воени податоци кои се неопходни за создавање на целосна слика за воената моќ, борбените капацитети, борбените тактики, системите на вооружување, експлозивите, можноста за производство на оружје за масовно уништување карактеристични за државите кои го спонзорираат тероризмот или се директно вклучени во изведувањето на определени терористички злосторства.
- Научни и технички податоци – првенствено се однесуваат за нивото на научно – технолошки достигнувања како во цивилниот, така и во воениот сектор. Овие податоци уште повеќе добиваат на значење ако се поврзани со земјите кои активно или пасивно го помагаат меѓународниот тероризам. Акцентот повторно се става на достигнувањата на нивниот развој во сферата на истражувањата и производството на оружје за масовно уништување и на нивната пролиферација на црниот пазар. Посебно се истражува можноста за опременоста, капацитетите и потенцијалните можности, определени терористички организации да дојдат во посед на овие видови оружја, или во најлоша варијанта, да изградат капацитети и за сопстввено производство и активирање на оружјето за масовно уништување.
- Социолошки податоци – се однесуваат првенствено на социолошката анализа на определени „критични" субгрупи во општеството на кои им припаѓаат претставниците на терористичките организации, односно на потенцијалните општествени субгрупи (според етничка, верска и др. припадност) кои може да претставува солидна база (база за активна подршка) од кои би можеле да се регрутираат идните терористи и да имаат активна подршка од групата на која им припаѓаат. Социолошките податоци можат да бидат драгоцени за правење на валидни проекции и сценарија, односно за прецизно лоцирање на потенцијалните "терористички општества", но и за прогнозирање на идните "терористички сојузи" – можните сојузнички односи помеѓу различни терористички групи (во земјата и пошироко на меѓународен план). Со тоа се овозможува и идентификација на потенцијалните симпатизери на терористите во конкретната заедница врз основа на групните карактеристики и врски. Исто така, врз основа на анализата на определени социо-економски, социо-

политички и социо-културни параметри може да се прогнозираат и определени внатрешни судири во рамките на терористичките организации и конфликтите помеѓу нив и социјалната база-милје од кое потекнуваат терористите.

- Економски податоци кои се однесуваат на сите суштински економски параметри кои го детерминираат економскиот развој, стандардот и сите други елементи потребни за создавање на јасна слика за економската основа и економските состојби и односи во определено општество. Со анализа на определени финансиски текови, посебно на севкупните економски трансакции може да се следат трагите на илегалните недозволени финансиски трансакции во функција на спонзорирање и финансирање на терористичките организации. Каналите, изворите и моделите за нивно финансирање се многубројни и аналогно на тоа многубројни се методите за откривање и следење на патиштата за финансирање на тероризмот и за анализа на структурата и функционирањето на определени меѓународни терористички групи.

- Податоци за средината – кои се однесуваат на сите значајни воено – географски, климатски, временски параметри, вегетација, хидрографија, ендемични заболувања, состојба со водите и можноста за нивно користење, можноста за преживување на теренот и др. Спецификацијата на овие елементи ќе бидат посебно неопходни за зоните на потенцијалните кризни жаришта. Познавањето на карактеристиките на теренот на потенцијалниот судир помеѓу силите на државата и терористите, во голема мера ќе ги детерминира шансите за успех на онаа инволвирана страна која ќе биде повешта во користење на предностите на овие фактори од круцијално значење за победа во идниот судир.

За успешна борба против тероризмот и за целосно и ефикасно превенирање и менацирање на кризата предизвикана од појавата на терористички активности, државите ќе мора да располагаат со правовремени разузнавачки податоци. Од нивниот висок квалитет ќе зависи креирањето на политиката за борба против тероризмот, детерминирањето на опсежни сознанија и валидни заклучоци за целите и тактиката на делување на терористичките организации, нивното оружје, експлозивите, муницијата и опремата што ја користат, нивниот систем за безбедност и разузнавање и се друго што е неопходно за создавање на јасна слика за терористите и терористичките организации.

Целта на безбедносните структури е правовремено да се превземат сите неопходни безбедносни мерки за спречување на терористичките напади (функција на превентивно делување). Со примената на овие мерки најдобра варијанта е ако се попречат терористите во фазата на планирање и подготвување.Ефективното собирање разузнавачки податоци, бара сојузници чии национални полиции можат да ги соберат основните податоци за анализа. Разузнавачките агенции на САД, на пример, неможат да бидат ефективни ако работат сами, дури и со големи ресурси. Како и разузнавачките агенции на САД така и на другите земји, потребно е да регрутираат и обучуваат локални агенти кои потоа ќе ги снабдуваат со информации, но овој процес одзема доста време. Регрутирањето на агенти и инфилтрирање во терористичките групи претставува најдобриот и најтешко остварлив начин за добивање непосредни информации од врвот на терористичката пирамида. И покрај тоа што најголем број на терористички организации имаат изградено непробоен безбедносен и самозаштитен бедем против секаков облик на непријателска инфилтрација, сепак не е невозможен успех и на овој план, односно нивниот бедем не секогаш е несовладлив.Покрај инфилтрирањето на агенти и информатори, неопходна е инфилтрација и во мрежата на комуникации на определена позната или можна терористичка организација од страна на соодветни стручни разузнавачки институции.

Потенцијалните оперативци или агенти го знаат јазикот и локалната култура и не им е потребна напредна обука за да се инфилтрираат во терористичките групи и да прибираат информации. Но дури и во овој случај на терористички групи од земјата, службите за безбедност имаат потешкотии. САД не се покажал како многу ефикасен во справувањето со локалните десни екстремистички групи. Иако осомничениот од ФБИ Ерик Рудолф бил одговорен за бомбашките напади на клиниката за абортуси и на Олимпијадата во Атланта, било потребно седум години за да биде уапсен. Француските разузнавачки служби, се подобриле со текот на времето откако биле релативно неефикасни. Разузнавачките служби биле лошо подготвени кога требале да се соочат со терористичките напади во 1980 година. Властите и службите не ги предвиделе нападите и не биле во можност да ги уапсат извршителите. По 1990-те години француските власти докажале дека се многу поспособни во собирањето на информации за терористички групи поврзани со бунтовниците во Алжир а подоцна и Ал Каеда. Тие го научиле тоа од искуство, иако од искуство на неуспех. Подобрување на способностите се возможни, но треба да се научат со текот на времето, а новите видови закани бараат нови способности. Разузнавачките операции се поефективни

против големи организаци кои се поранливи на инфилтрација и собирање информации Една од најголемите потешкотии на разузнавачките служби е да ги следи сите потенцијални насилни дисидентни групи кои што се присутни во општеството. Неуспехот на израелските безбедносни служби во откривање и превенција на палестинските бомбашки напади, вклучувајќи ги и самоубиствените напади, е уште еден пример за фактот дека превенцијата не секогаш е можна.

## 1. Предизвици на современото разузнавање во борба против современиот тероризам

Современиот тероризам е многу различен и многу потешка област од сите други области на закани со кои треба да се справува разузнавањето.
Томас Квигин (Thomas Quiggin), утврдува неколку слаби точки кои допринесуваат за неуспесите во разузнавањето во борбата против современиот тероризам, и доколку не бидат отстранети нема да има изгледи во догледно време не само дека ќе го поразиме тероризмот туку секогаш ќе бидеме чекор зад него. Еден од нив е слабата соработка-координација помеѓу службите и агенциите ја загрозува ефикасноста во разузнавањето.Терористичките напади на 11. Септември 2001. година го покажа значењето на разузнавањето како „живот или смрт“ за виталните национални вредности не само на САД, туку и на секоја држава на било кој дел од светот. Пропустите кои беа направени и кои придонесоа да се случи тој критичен напад, не беа лоцирани во недостатокот на информации туку во слабата меѓусебна соработка помеѓу агенциите и службите и размената на разузнавачките податоци и информации. Појавата на слабата соработка на службите и неподелувањето на информациите, Томас Квигин ја нарекува „ефект на силос“.[93] Тој, овој феномен го евидентира истражувајќи во настаните кои се случија во годините наназад во САД, и заклучува дека слабата меѓусебна соработка помеѓу службите и задржувањето на критични информации, е причината за случувањата на најголем дел од неуспесите во

[93]Томас Квигин, „Да се види невидливото – Разузнавање за национална безбедност во несигурно време“, Магор – Скопје, 2009.стр. 98-110.

разузнавањето. Њуман и Кларк сметаат дека борбата против тероризмот бара постојана размена на сите достапни информации, и дека сите раководни лица треба да бараат начин како да ги подобрат формалните постапки и процедури за комуникација и соработка.Извештајот од комисијата за 11. Септември, поднесен од Конгресот на САД во 2004 година, конкретно го лоцира проблемот за неуспехот навремено да се спречат намерите на терористите. Иако и ЦИА и ФБИ, неколку месеци пред нападот располагале со доволен број на веродостојни информации, сепак неспособноста да се координираат и да дејствуваат по информациите кои ги поседувале, придонеле за катастрофалниот разузнавачки неуспех, кој го доживеа САД и нејзиниот разузнавачки систем на 11. Септември 2001.

Сепак и од извештаите за настаните од 11. Септември и од анализите на некои светски признаени експерти од оваа област, се покажува дека проблемот со слабата соработка, пристапот и размената на критичните информации е клучен во пропустите направени во откривањето и спречувањето на намерата на Ал Каеда да ги изврши нападите. Имено од извештајот може да се забележи дека: Од 20. Јануари до 10.Септември 2001 имало околу 40 разузнавачки извештаи поврзани со Осама Бин Ладен, кои му беа доставувани во Дневниот Извештајот на Претседателот на САД - (President's Daily Brief - PDB). Но извештаите се сметаа за многу чувствителни и се доставуваа само до мал круг на високи официјални претставници. Особено известувањата се зголемуваат од Март 2001 година кога известувања стигаат и од ЦИА и од ФБИ, но во суштина нивните извештаи не се доставуваа за меѓусебна координација, туку тие всушност ги криеја информациите едни од други и се докажуваа меѓусебно кој е подобар или надлежен во борбата против тероризмот.[94]

За проблемите во соработката и размената на информациите помеѓу разузнавачките служби и агенции зборуваат Њуман и Кларк (Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke), осврнувајќи се на извештајот од комисијата за нападите од 11. Септември. Тие потенцираат дека ФБИ и ЦИА не успеале да „ги поврзат точките" пред нападот и не успеале да ги препознаат обрасците и сигналите во дифузните делови на информациите за киднаперите на авионите, кои пред нападите веќе имале контакт со некои припадници на различните агенции за разузнавање и безбедност. Според нив агенциите мора да ги разменуваат критичните информации многу покоординирано и правовремено за сомнителните терористички активности.

[94]Мухамед Ибраими, Југослав Ачкоски, СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје

Во анализата на Њуман и Кларк за слабите точки на разузнавањето ја цитираат изјавата на поранешниот директор на ЦИА, Џејмс Волсон, кој ја има дадено во Конгресот: „Поголема е веројатноста дека протокот на информации побрзо и подобро ќе стигне од локалните агенции и полиција до Вашингтон, отколку обратно“. Тие сметаат дека разузнавачките информации можат да бидат продуктивен сегмент само доколку тие информации се разменуваат со други агенции и служби.[95]

Покрај слабата соработка-координација како еден од предизвиците на разузнавањето, исто така значајно место завземаат и следните предизвици кои заслужуваат внимание како: недостаток на рамнотежа во ресурсите, милитаризација на разузнавањето, тајноста е проблем за современото разузнавање и недостаток на обука и усовршување.

## 2. Обединувањето на разузнавачките служби како главен фактор во борбата против глобалниот тероризам

Светот се соочува со големи закани од тероризмот.По масакрот во Париз сите европски земји се во тревога.Има ли единствена стратегија во одбрана од тероризмот? [96] Колку таа може да биде успешна, ако се земат предвид информациите дека неколку стотици луѓе подготвено чекаат да нападнат цели во Европа?Европските држави станаа цел на џихадистите во моментот кога одлучија да се приклучат кон меѓународната антитерористичка коалиција, предводена од САД.Факт е дека заканите од тероризам ги направија општествата небезбедни. Порастот на исламскиот радикализам и тероризам, етничко-сепаратистичкиот тероризам, како и врската меѓу тероризмот и организираниот криминал, бара земјите да ги зголемат напорите за превентивно дејствување и ефикасно справување, особено поради тоа што во ризикот и опасноста ниедна земја сама, без поддршка од непосредното опкружување и од меѓународните фактори не може успешно да се справи со него. Притоа, од особено значење е контролата на границите, внатрешната критична инфраструктура, јавните собиралишта

[95]Драган А. Лазаревски, ИСЛАМСКИ ФУНДАМЕНТАЛИСТИЧКИ ВЕРСКИ ГРУПИ И ДВИЖЕЊА И НИВНО ИНВОЛВИРАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВРШУВАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ(магистерски труд), Скопје, 2015, стр. 168

[96]Политика, ИНТЕРВЈУ - БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ Е ПРИОРИТЕТ ЗА БАЛКАНОТ, http://www.utrinski.mk/?ItemID=5D2808092AA9C949BD375EE742A21B28

и местата на раздвиженост на граѓаните, економскиот и индустрискиот потенцијал, државните институции... Успешноста во справувањето со овие закани ќе зависи и од квалитетот на разузнавачките информации.

Многу разузнавачки служби соработуваат. Улогата и функциите на ЦИА грубо кажано се исти како оние на Британската разузнавачка служба (како SIS или MI6), Канадската разузнавачка служба (CSIS), Австралиската разузнавачка служба (ASIS), Руската разузнавачка служба (Sluzhba Vneshney Razvedki-SVR), Пакистанската разузнавачка служба (ISI), Индиската разузнавачка служба(RAW), Францускатa разузнавачка служба (DGSE) и Израелската разузнавачка служба(Mossad). Додека некои поранешни служби беа одговорни за собирање и анализирање на информации, некои како Државната служба за разузнавање и истражување се исклучиво служби за анализа. Најблиски врски меѓу странските разузнавачки служби и ИТ во САД имаат Англофонските земји како: Австралија, Канада, Нов Зеланд и Велика Британија. Имаат специјални врски кога се во прашање разузнавачките пораки што ги делат помеѓу овие четири земји. Навестувањето на САД за блиската соработка е создавање на новата дистрибутивна порака за покажување во рамките на главната американска воена комуникациска мрежа. Претходно, обележувањето на NOFORN (т.е. не странски државјани) потребно да се потенцира потеклото ако постои, за сите земји кои не се во САД да можат да примаат информации. Новото раководство го сноси ризикот САД/АУС/КАН/ВБ/НЗ, користејќи основно разузнавачки пораки, што дава полесен начин да се забележи дека материјалите може да се споделат со Австралија, Канада, Велика Британија и Нов Зеланд

Во овој момент земјите на Балканот, вклучувајќи ја и Македонија, каде што општествата се економски нестабилни со социјална криза и низок животен стандард, се ранливи на тероризам.Таквата состојба дополнително ги дестабилизира земјите од Балканот, ги ослабува демократските институции и доведува до уште поголемо незадоволство кај граѓаните.Затоа и борбата против тероризмот треба да се третира како една од безбедносните приоритети на сите земји од Балканот заедно.

Според западни разузнавачки служби исламистичката милитантна група ИСИС има голем број приврзаници и ќелии на Балканот. Тие своето прибежиште го наоѓаат во џамиите и полулегалните верски исламски објекти кои им служат како оперативни бази и од таму се врбуваат муџахедини за војните во Сирија и Ирак. Потврда за ова е и

соопштението на Исламската заедница на Босна и Херцеговина во кое најдиректно се повикуваат верниците да заминат во Сирија за да се борат против режимот на Башар ал Асад.
Ако мапата (според која Балканот заедно со Македонија се најде во границите на исламската мегаломанска држава на три континенти) е само пропагандно оружје за мотивирање на нивните балкански приврзаници, повратниците од војните во Сирија и во Ирак претставуваат индиректна закана за безбедноста. Тие се враќаат како борци-ветерани и со идеолошка матрица на исламскиот радикализам.Од тој аспект, овие лица се безбедносен ризик како лесно подложни за извршување терористички акти, а истовремено можат да бидат главни инспиратори и реализатори на идни доброволци што би заминале да војуваат за Исламска држава.

Во моментов на Блискиот Исток се борат најмалку 5.500 Европејци, коишто или не биле целосно социјализирани и прифатени во општеството од каде што потекнуваат, па отишле да се „докажуваат" во борбите на страна на Исламска држава или ја попримиле идеолошката матрица и станале џихадисти. Со оглед на тоа што меѓу овие лица има и граѓани на Македонија, мора да постои континуирана соработка помеѓу институциите во државата, особено меѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Дирекцијата за спречување на перење пари заради спречување на евентуалните текови на финансирање на таквите активности. Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР во рамките на следењето на личности кои учествуваат во вакви вооружени формации, треба да создаде единствена национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци која ќе помогне во следењето, но и во превентивното дејствување за спречување на регрутацијата и заминувањето на платеници од нашата територија. Иако најтежок, единствен вистински начин за борба против Исламска држава е делегитимизацијата на нејзината идеологија за што е потребно вклучување и ангажман на сите воспитно-образовни инструменти и од страна на државата и од страна на религиските заедници.Денес поради се поголемата опасност од терористички напади Балканските земји ја разгледуваат можноста за создавање регионален центар за борба против тероризмот со цел поефикасно справување со терористичките закани создадени со регрутирањето и радикализацијата на џихадистичките борци кои се приклучуваат на борбите во Ирак, Сирија и другите невралгични точки, велат експертите. Честите терористички напади ја налагаат потребата од центар за координирање на разузнавачките податоци за терористичките

групи – нивните мрежи, локации, капацитети и цели – и координирање на работата на полицијата и безбедносните служби. „Неопходно е да се зацврстат институциите во сите држави од Западен Балкан, со финансирање програми за де-радикализација и контра-радикализација, за да се обезбеди навремена превенција и да се развиат против-мерки. Бројот на борците постојано се зголемува и веќе не можеме да ги броиме. Експертите велат дека центарот ќе обезбеди поголема соработка со разузнавачките служби на Соединетите Американски Држави, Велика Британија и Германија, и ќе се користи за обуки поврзани со анализите и тактиките. Оваа иницијатива е сосема реална и е во согласност со моменталната безбедносна ситуација и глобалната политика во борбата против тероризмот. Центарот ќе го олесни создавањето прецизни, веднаш достапни податоци за групи и поединци, рече Томе Баткоски, професор на Факултетот за безбедност во Скопје. „Центарот целосно би ги согледувал и анализирал опасностите од исламскиот тероризам, и би ги координирал сите антитерористички активности на безбедносните и разузнавачките служби. Со тоа би се остварила поголема ефикасност и брзина на планот на сузбивањето на тероризмот“, истакна Баткоски. Баткоски, исто така, рече дека поголемата заштита од тероризмот ќе придонесе за стабилизирање на ситуацијата во Ирак и Сирија, бидејќи тоа ќе ги запре организираните заминувања на групите и поединците кои сакаат да ѝ се приклучат на Исламската држава Ирак и Левант (ИСИЛ).Идејата за формирање регионален центар за борба против тероризмот беше веќе дискутирана во Србија на највисоко ниво на власта, и аналитичарите ја потврдија потребата од поголема регионална соработка во областа на безбедноста.„Со размената на разузнавачките податоци со другите земји можеме да стекнеме увид во тоа каде се движат терористите, што прават, какви им се плановите“, рече зАлександар Радиќ, независен воен аналитичар во Белград.Српските власти раководат со центарот во Батајница, во близина на Белград, за својата специјална антитерористичка единица, кој претежно се користи за обука.[97]Србија односно премиерот Александар Вучиќ му испрати писмо на американскиот претседател Барак Обама, потврдувајќи ја решеноста на државата да придонесе во борбата против тероризмот.„Владата на Србија е подготвена со своите расположливи, ограничени ресурси да помогне во борбата против ИСИЛ“, рече Вучиќ.

---

[97]Извор: SETimes, http://www.pravdiko.mk/balkanskite-natsii-ja-razgleduvaat-mozhnosta-za-sozdavane-regionalen-tsentar-za-borba-protiv-terorizmot/

## 3. Позитивни аспекти од обединувањето на разузнавачките служби врз современиот тероризам

Терористичките напади во последните месеци ги натераа големите западни разузнавачки служби да се вклучат во потесна соработка. Што не го исклучува меѓусебното шпионирање ...„Веќе ништо нема да е како порано", повторуваат како мантра од почетокот на бранот напади на „Исламска држава" во Западна Европа. Тоа е уште поточно во сферата на меѓународното разузнавање. И зголемувањето на нападите што многу експерти го припишуваат на повлекувањето на терористичкото движење во Сирија и Ирак под ударите на меѓународната коалиција, на руската авијација и на армијата на Башар ал Асад, само ќе го забрза феноменот кој започнал пред помалку од една година. „Франсоа, можам ли да направам нешто за да ти помогнам?" Во ноќта на 13 наспроти 14 ноември 2015 година, Барак Обама му телефонира на Франсоа Оланд, за да го увери во својата поддршка, неколку часа по ужасните напади, кои ги облеа во крв Париз и Сен Дени. „Сакам да ја удрам ДАЕШ во Рака, во Сирија", му соопшти францускиот претседател на американскиот колега. „Ќе ти дадеме сѐ што ти треба за тоа", одговара Обама. Што и треба на Франција? Прецизни разузнавачки податоци за „целите", обезбедени од американските служби, без разлика дали станува збор за ЦИА, Агенцијата за национална безбедност (НСА) или Пентагон: магацини за оружје, логистички центри, кампови и комуникациски центри на терористичката организација во Сирија. Се разбира, француските експерти од Дирекцијата на военото разузнавање (DRM) и од Генералната дирекција за надворешна безбедност (DGSE) подготвија „досиеја со целите", кои се предадени на главната команда. Но нивниот список е ограничен. Американската помош е клучна за да удрат брзо и силно.

- Таен договор за размена на информации

Неколку дена подоцна министерот за одбрана Жан-Ив Ле Дриан оди во посета на Вашингтон. Средба со Џејмс Клапер, директор на Националното разузнавање на САД. „Веќе ќе ги споделуваме сите информации за ДАЕШ во необработена форма", ветува човекот кој ги контролира сите американски агенции. Потпишан е таен договр за размена на разузнавачки податоци, наречен Spins, дозволувајќи им на Французите да имаат пристап до податоци, преку кои можат да бидат идентификувани целите, без

разлика дали станува збор за фотографии, прислушување или следење на интернет. Така тие можат да формираат свои мислења, пред да одлучат да нанесат воздушни напади против „Исламска држава“. Веќе се отворени вратите во Вашингтон пред шефот на Дирекцијата на воеността разузнавање (DRM), генерал Кристоф Гомар, пред директорот на Генералниот директорат за надворешна безбедност (DGSE), Бернар Бажоле, така и пред нивниот колега од Генералната дирекција за внатрешна безбедност (DGSI ), Патрик Калвар.

- „Секој ги чува основните информации за себе“

Настапува времето за целосна соработка меѓу главните француски шпиони и нивните странски колеги, за да се обидат да ги поправат големите пукнатини во оваа област. Европејците веќе соработуваат во рамките на антитерористичката група на Бернскиот клуб, место за неформална оперативна размена, кој ги обединува службите на 28-те земји од Европската унија, плус Швајцарија и Норвешка. Други средби се остваруваат во рамките на малиот „Мед Клуб“, кој ги обединува од 1982 година италијанските, шпанските и француските служби со некои партнери од Магреб и Медитеранот. Но со Американците, врските се уште посолидни. По 11 септември 2001 година Жак Ширак му нареди на директорот на Генералниот директорат за надворешна безбедност (DGSE), Клод Кусран, да им ги пренесува сите достапни разузнавачки информации за „Ал Каеда“. Една мала заедничка работна група помеѓу ЦИА, DGSE и DST (Дирекција за надзор на територијата, претходник на DGSI), веќе ги набљудува терористичките мрежи. Детални информации се собираат и во рамките на мал клуб на шест западни разузнавачки служби, наречен Base Alliance, со седиште во Париз од 2002 до 2009 година. Но секој ги чуваше основните информации за себе и се споделуваше еден минимум, секогаш на реципрочна основа, се сеќава поранешна важна личност во Генералната дирекција за надворешна безбедност (DGSE). Неколку дена порано бевме запознаени дека „Исламска држава“ подготвува нешто. По нападите од 2015 година вратите се отвораат пошироко. Не поминува ни ден без екипите на Бернар Бажоле, бул. „Мортие“ во Париз, или на Патрик Калвар во Левалоа-Пере, да се во контакт со Американците, имено со седиштето на Џон Бренан, директорот на ЦИА во Ленгли, Вирџинија или со онаа на адмирал Мајкл Роџерс, семоќниот шеф на Националната служба за безбедност, која се наоѓа во Форт Мид, во Мериленд. Двете американски служби им помогнаа на Французите да спречат неколку напади во 2015 година, откако призна на крајот на октомври Бернар Бажоле на конференција во Вашингтон со Џон

Бренан. Последователно, Бренан изрази жалење што не можел да ги предупреди Французите за доаѓањето на убијците од 13 ноември, поради недостаток на доволно точни информации. Оттогаш експертите на американската централа работат побрзо, за да се пренесе на Париз листи со џихадисти или радикализирани лица кои треба да бидат следени, по силата на тајниот американско-француски договор потпишан во февруари. Минатиот месец Пентагон доби во Северна Сирија повеќе од 10 илјади документи и компјутерски податоци за странските борци во „Исламска држава“, кои се истражени и споделени со сојузничките служби, меѓу кои и Франција. Од своја страна, Агенцијата за национална безбедност редовно обезбедува терабајти податоци собрани од суперкомпјутери од мониторингот, на пример, на интернет врските во Блискиот Исток или од телефонските врски. Големите уши на Агенцијата за национална безбедност, распоредени на покривот на американската амбасада во Париз, можат да ги откријат сите повици преку мобилните телефони во реонот на француската престолнина. Велат дека Генералниот директорат за внатрешна безбедност (DGSI) бил жеден за вакви информации. Директорот нејзин, Патрик Калвер впрочем е добро познат во Вашингтон: полицискиот комесар, кој ја заземал функцијата директор на разузнавањето во Генералната дирекција за надворешна безбедност (DGSE) помеѓу 2009 и 2012 година, придонесе за развојот на размената со американските колеги. Што се однесува до необичнит дипломат Бернар Бажоле, тој учел во Харвард и работел во Њујорк пред да отиде во арапските земји, од Јордан до Ирак, каде не запирал да се среќава со Американци.

- Затворениот клуб „Пет очи“

Но, и покрај оваа трансатлантска близина, големите француски шпиони сеуште не успеале да влезат во тесниот круг на шефовите на „Пет очи“, елитата на англосаксонските разузнавачки служби. Создаден во Втората светска војна и потврден од тајни договори меѓу 1947 и 1955 година, овој затворен клуб ги обединува американските, британските, канадските, австралиските и новозеландските експерти. Првично тие се фокусираат на набљудување на СССР за време на Студената војна. Програмата за дешифрирање на кодираните советски пораки, наречена „Венона“, им овозможи на членовите на „Пет очи“ да го воспостават степенот на шпионска мрежа, контролирани од Москва, особено во нуклеарната и научната сфера. Подоцна овој клуб ги прошири набљудувањата на телефонските комуникации по целата планета, преку мрежа од прислушувачки станици, наречена „ешалон“. Таа се базира главно на

средствата за следење на Агенцијата за национална безбедност (НСА) и на нејзиниот британски технички партнер, Штабот на владините комуникации (Government Communications Headquarters (GCHQ). Соработката меѓу НСА и GCHQ е целосна, до тој степен што Американците делумно ја финансираат опремата на своите „братучеди“, сместени во ултрамодерна зграда, во близина на одморалиштето Челтнам, во грофовијата Глостершир. Останатите членови на клубот „Пет очи“ исто така играат улога во собирање на податоци, секоја техничка агенција одговорна за пресретнување во одреден регион на светот. Во замена за тоа, тие имаат речиси целосен пристап до разузнавачките информации, акумулирани од мрежата „ешалон“. Неколку пријателски земји, како Јапонија и Германија, исто го уживаат статусот на придружен член на клубот.

- Зачудувачки програми за следење на интернет

Од почетокот на 21. век „Пет очи“ стекнуваат уште поголема сила. Тие развиваат зачудувачки програми за следење на интернет во светот, без разлика дали преку користење на подводни кабли, по кои минува главниот дел од комуникацискиот проток, или добивајќи пристап до податоците на големите телефонски оператори или до интернет, како Google, Microsoft, Yahoo! или Facebook. Од француска страна, Генералната дирекција за надворешна безбедност (DGSE), која има развиено сопствен систем за следење на интернет на меѓународно ниво, почна да разменува податоци со своите американски и британски колеги, според многу доверливи договори. Но без да биде интегриран целосно во англосаксонскиот клуб. Во 2010 година Денис Блер, во тоа време директор на Националното разузнавање во администрацијата на Барак Обама, предложи Франција да се користи со статус, речиси еквивалентно на овој член на „Пет очи“. Тој го разгледува прашањето неколку пати со Бернар Бажоле, кој во тоа време е национален координатор на разузнавањето во Елисејската палата кај Никола Саркози. Но проектот доживува неуспех, главно поради флуктуациите на ЦИА.

- Откритијата на Едвард Сноуден

Во јуни 2013 година, поранешниот консултант на Агенцијата за национална безбедност Едвард Сноуден откри врз основа на илјадници документи на интернет, невиден обем на програмите на „Пет очи“, чија интеграција достигнала невидено ниво. Повеќето од програмите биле управувани од Агенцијата за национална безбедност и нејзиниот голем шеф, генерал Кит Александар. Нарекуван „Александар императорот“, овој

експерт за електромагнетното разузнавање ги примал своите колеги од „Пет очи“ во седиштето во Форт Мид без да ја крие од нив својата амбиција: да знае сè за сите во целиот свет. Новиот центар за податоци, изграден во пустината во Јута во 2011 година, е дизајниран да може да чува еден век на интернет комуникации. Официјално станува збор за собирањето и размената на разузнавачки информации за тероризмот, исклучувајќи априори било какво меѓусебно шпионирање. Но овие правила брзо биле заобиколени. А економските и политичките мотиви на „националната безбедност“ на секоја земја добиле надмоќ. Што ги тера повеќето од разузнавачките служби да се набљудуваат едни со други без никакви скрупули. Според документите, откриени од Едвард Сноуден и организацијата „Викиликс“, Агенцијата за национална безбедност шпионирала со години четириесетина лидери по целата планета, меѓу кои телефонот на канцеларката Ангела Меркел и тројца последователни француски претседатели – Жак Ширак, Никола Саркози и Франсоа Оланд. Засрамен, Барак Обама и нареди на НСА да престане со прислушувањето на „лидерите на земјите сојузници“. Многу остро, Ангела Меркел го осуди овој „сериозен удар“ по довербата меѓу пријатели. Пред да забележи дека нејзината служба за надворешно контраразузнавање, БНД, го правела истото. Таа ја прислушувала пример воздухопловна компанија EADS, европските амбасади во Брисел, министерот за одбрана во Лондон, Стејт департментот во Вашингтон или пријатели лидери, како и францускиот министер за надворешни работи, Лоран Фабиус. Ангела Меркел потврди дека БНД одржува, без вистинска контрола, многу блиски врски со НСА од 2002 година, до тој степен што извршувала диво прислушување, вклучувајќи во Германија, за сметка на Американците. [98]Анкетна комисија во Бундестагот ги надмина овие практики на БНД како „недоследни со нејзиниот мандат и законски неприфатливи“. Многу лута, германскиот канцелар конечно го разреши во април 2016 година директорот на БНД, Герхард Шиндлер, виновен дека бил премногу корисен за американскиот пријател Кит Александар. И дека го следел буквално саканиот принцип на големите шпиони: сè што не е забрането експлицитно, возможно е. Додека тоа остане тајна.

[98] Венсан Нузил, „Фигаро“,http://standard.mk/tajnite-na-golemite-shpioni/

# 4. Негативни импликации од необединувањето на разузнавачките служби

Од почетокот на овој милениум, светот е во отворена борба со глобалниот тероризам и на овој план се соочуваа со сериозен предизвик. Државите не си имаат работа со организации, туку со движења за освојување територии, придвижени од идеи што надминува етнички, јазични и културни разлики. За да се победи во борбата против тероризмот, не се доволни воени трупи. Неопходно е борбата да се води и со идеи, организација, соработка на меѓународно ниво. Каде оди тероризмот, односно каква е неговата иднина, но и иднината на современата цивилизација во сенката на ова зло кое има огромни амбиции да прерасне во смртна закана со масовни размери, да предизвика огромен број на жртви, страдања, страв и неизвесност доколку државите не се обединат против него. Тоа се новите сериозни прашања и предвизици за државите и нивните разузнавачки служби.Денес тероризмот, е искористуван како средство за остварување на определни цели во интерес на определени структури. Пристапот кон справување со современиот тероризам само по себе е мошне комплексен, најмалку поради две причини, и тоа: Прво, поради фактот дека станува збор за феномен кој има меѓународни ефекти, што наметнува потреба од меѓународен пристап кон негово спречување. Со други зборови, напорите за спречување на тероризмот мора да ги вклучи активностите на државите како меѓународни субјекти, но и на меѓународните организации формирани од страна на државите. Секоја активност, пак, која ги вклучува меѓународните субјекти ја наметнува потребата од примена на меѓународните правила и принципи т.е. на меѓународното право. Второ, поврзано со претходното, сложеноста во пристапот кон справување со современиот тероризам, практикуван од недржавни актери, е предизвикана токму од примената на меѓународното право. Правилата и принципите на меѓународното право, во најголема мерка, сè уште се фокусирани врз државите како оригинални субјекти и врз регулирањето на нивните меѓусебни односи. За недржавните актери коишто го изведуваат современиот тероризам, речиси, и да не постојат меѓународни договори,обичаи, принципи или правила со кои се регулира нивното поведение во безбедносна смисла. Токму тоа влијаеше да изостане согласност на меѓународен план околу изборот на соодветниот начин на борба и организација против современиот

меѓународен тероризам, односно околу еден координиран план за негово спречување и ефективна меѓународна реакција на него. Целта не ги оправдува средствата. Тероризмот уште долги години ќе беснее низ целиот свет, и сите структури и институции во светот би требало заедно преку своите разузнавачки служби и други институционални механизми, секоја во својот домен, да направат максимални напори за негово искоренување во спротивно последиците ке бидат големи врз целокупното општество.. Мора да бидеме исто така свесни за сите негативни појави во светот, на чело со тероризмот. Денес секој еден се плаши за својата безбедност и безбедноста на своите најблиски, доказ за тоа ни се секојденвените случувања ширум светот. Светот е пред нов и многу опасен предизвик.

## 5. Обединување и соработка на разузнавачките служби при терористичките напади на меѓународен план

Според статистичките податоци на Националниот центар за контратероризам на САД (NCTC), во текот на 2007 година се случиле 14.506 терористички атентати и 11.770 во 2008 година. Бројот на загинати во 2007 година достигнал 15.765, од кои 33 американски државјани, а во 2008 година, 22.508, од кои 19 американски државјани. Советот за безбедност на ООН ја зајакнал координацијата меѓу трите комитети основани за борба против тероризмот и задолжени за следење на примената на резолуциите од страна на државите-членки. Трите комитети биле: Комитетот за санкции против Ал Каеда и Талибанците, основан во 1999 година; Комитетот против тероризмот, основан во 2001 година, и Комитетот за непролиферација на оружјето за масовна деструкција, основан во 2004 година.[99] Биле склучени и повеќе меѓународни договори за борба против тероризмот, како што се: Интерамериканската конвенција против тероризмот, потпишана од страна на 34 држави на Организацијата на американските држави од 03.06.2002 година и Европската конвенција за превенција од тероризам, на Советот на Европа, потпишана во 2005 година. Глобалната опасност предизвика и глобална реакција.Од Кина и Русија, до Средниот и Далечниот Исток и од Сахелот, до Рогот на Африка, се отвори превентивна, или отворена битка против тероризмот.Меѓутоа, често антитерористичката акција беше и изговор за пресметка со сепаратистичките тенденции на разните националистички движења.

**Авганистан**. Од 12 септември, НАТО официјално објави дека атентатите од 11.09.2001 година не биле само насочени против САД, туку и против останатите 18 членки на Алијансата. За првпат НАТО се повика на клаузулата за солидарноста од член 5 на Вашингтонскиот договор на Алијансата. Набргу, организацијата Ал Каеда била насочена како одговорна за атентатите. Нејзиниот лидер Осама Бин Ладен бил под целосна заштита на талибанскиот режим во Авганистан. По одбивањето на Талибанците да го испорачаат нивниот гостин, без формални докази, антитерористичката коалиција, предводена од НАТО, решила да ја поддржи опозицијата која војувала против режимот на Авганистан. Режимот во Кабул, набргу, кон крајот на 2001 година, капитулира, но Бин Ладен успеал да се скрие во пештерите долж границата со Пакистан.

[99]Нано Ружин, НАТО во современите меѓународни односи, Скопје, 2010г.

**Азија.** Полициската и воената соработка се интензивира и се зајакнала со техничка помош и размена на разузнавачките информации со Индија и Пакистан. Отпочната е и соработка со Сингапур и други држави од Југоисточна Азија за војување против пиратеријата и поморските терористички закани.

**Африка.** Воените сили на САД со развитокот на антитерористичката стратегија се ангажирале на повеќе чувствителни геополитички точки во превентивни или директни акции против терористичките ќелии. САД отпочнаа со логистичка поддршка и помош во формацијата на локалните сили и ги снабдуваа со разузнавачки информации повеќе држави од Северна и Западна Африка: Алжир, Чад, Мароко, Мавританија, Тунис, Мали, и др. за успешно војување против разни вооружени групи кои се наоѓаат во регионот на Сахелот. Оваа акција е наречена Trans Sahara counter Terrorism Iniciative (TSCT). На другиот дел на континентот, на Рогот на Африка, САД стационира 1.400 војници во рамките на акцијата Мешовити сили на Рогот на Африка на Централната команда (Combined Joint Task Force-Horn of Africa).Нивната мисија се состои во водење операции и организирање вежбовни активности за војување со тероризмот, обезбедување на зоната и утврдување на регионалната стабилност.Со цел успешно да се ефектуира оваа Операција, САД, во соработка со Организацијата на африканското единство, организира воено-цивилни операции за формирање и едукација на локалните сили. Оперативната зона на овие комбинирани сили ги опфаќа: Коморите, Џибути, Еритреја, Етиопија, Кенија, Сомалија, Судан, Танзанија, Уганда и Јемен. Овие сили, од 2008 година се под команда на United States Africa Command. Во Сомалија, од 2006 година, западните сојузници ја поддржуваа привремената Влада и фракциите кои се спротивставуваа на милициите на Унијата на исламските судови.Од 2001 година, повеќе држави војуваа против пиратите на Рогот на Африка.

**Магреб.** Државите на Сахелот и Магребот се соочени со разни нивоа на тероризам.Граѓанската војна во Алжир, која трае уште од деведесеттите, со илјадници жртви, и Сахара, како мошне слабо контролирана зона, пружаат засолниште и можност за шверц на секој вид стока. Договорот за иницирање на TransSahara Counterterrorism Partnership од страна на САД, од една, и Мавританија, Мали, Чад, Нигер, Нигерија и Сенегал, од друга страна, бил потпишан во 2004 година, со цел да се конфронтира со терористичките организации во Регионот. Европа. По настаните од 11 септември, полициската и правната соработка меѓу САД и Европа се зајакнала. Специјалните служби на континентот, речиси секојдневно ги разменуваат нивните информаци за терористичките закани, и сл. Во Годишниот извештај на Еуропол за тероризмот

(European Union Terrorism Situation and Trend Report), се истакнува дека во: - 2006 година во Европа се манифестирале 472 напади, или обиди за напад, и притоа биле уапсени 706 лица; - 2007 година се случиле 583 обиди за напад, или напади, со 1.044 уапсени; - 2008 година се случиле 515 напади, од кои 90% успеале. Се манифестирале во 7 држави-членки на ЕУ, со 1.009 уапсени лица. Од овој број, речиси 50% биле поврзани со исламскиот тероризам, а 39% со сепаратистичкиот тероризам.

**Медитеран.** Поморската операција Active Endeavour беше иницирана во Медитеранот од страна на Постојаната поморска сила на НАТО (Stanavformed), за да учествува во антитерористичката битка, придружувајќи бродови преку Гибралтарскиот теснец.Во Франција, планот Vigipirat вклучува зајакнати воени патроли на чувствителни јавни места.Инсталирани се неколку батерии со ракетите земја-воздух за заштита на стратешки фабрики, како и посебен сигурносен диспозитив со воени авиони, хеликоптери и радари по повод значајни настани.

**Кина**. Во Кина била ангажирана политика на репресија и дискриминација против ујгурските муслимани на западот на Кина. Воедно, Кина по насилен пат задуши неколку манифестации на муслиманското мнозинство во Ксинјанг. Повеќе лидери на ујгурските сепаратисти биле егзекутирани во деведесеттите и на почетокот на 2000-тата година.По атентатите од 11.09.2001 година, во логорите на Бин Ладен во Авганистан, од страна на Американците биле заробени 22 ујгурски муслимани.Тие биле трансферирани во Гвантенамо, но Вашингтон одбил да ги врати во Кина бидејќи им се заканувале смртни казни.Русија (Чеченија). Антитерористичката војна на САД ја зајакна власта на Русија во втората војна во Чеченија. Вовлечени во постојните логори во Чеченија и Авганистан во деведесеттите, финансирани од страна на меѓународните терористички капитали, бројни националистички џихадски чеченски групи редовно вршеа терористички акти во рамките на нивната оружена војна против руската доминација. Руските власти тврдат дека располагаат со сигурни докази за врските на џихадските чеченски групи со странските терористички мрежи. Особено се истакнува врската на емир Ал-Катаб и Чеченецот Камил Басаев. Овие тези ги потврдило и парламентарното Собрание на Советот на Европа. Во Извештајот на оваа институција се констатира соодветност на погледите на САД, од една, и на Русија и Грузија, од друга страна, во поглед на солидарноста на чеченските борци и нивните сојузници наречени „Арапи од Панкиси“, скриени од другата страна на руската граница и поврзани со Ал Каеда.

**Бразил.** Бразилската разузнавачка служба го подигна највисокото ниво на подготвеност откако на десетина дена пред почетокот на Олимписките игри во Рио Де Жанеиро, една бразилска исламистичка група јавно им се заколна на лојалност на џихадистите на ИСИС и најави крвав поход на ЛОИ.Благодарение на соработката на сите разузнавачки служби на латиноамериканските држави, терористичката ќелија е откриена на време и сега се поставува прашањето какви би биле размерите на терористичките напади со оглед на тоа што на исламистите им биле мета спортистите од западните земји. Големиот план на терористичката ќелија е откриен благодарение на парагвајската разузнавачка служба која сосема случајно, следејќи ги криумчарите и трговците со оружје, открила дека се подготвуваат терористички напади во Бразил за време на Летните Олимписки игри, откако исламистите успеале да се снабдат со калашникови, рачни бомби и експлозив од парагвајски криумчари на оружје. Парагвајците успеале да им влезат во трага на досега непознатата група „Ансар Ал-Калифах Бразил“ која му се заколнала на лојалност на Ал-Багдади. Парагвајците веднаш ги известиле своите колеги од Бразил кои веднаш податоците ги испратиле до одделението SITE задолжено за следење на активностите на џихадистите на интернет. Подоцна освен оваа група, била откриена уште една група наречена „бранители на шеријатот“ која што исто така му била верна на лидерот на ИСИС. Иако во противтерористичката акција во која што неодамна учествуваа 130 полицајци, во Бразил беа уапсени 9 лица осомничени за организација на терористички напади, сепак во Бразил може да се каже дека владее паника затоа што не е познато колку муслимани оперираат исклучиво сами. За разлика од нападите во Европа во кои што терористите меѓусебно се познаваа и беа координирани, во Бразил терористите нападите ги договарале преку интернет, а терористите не се познавале лично и никогаш не се сретнале во живо.Тоа дава една нова димензија во делувањата на терористичките организации и затоа е тешко да бидат откриени сите. Поради високиот ризик и закана од терористички напади од Исламската држава, организаторите на Олимписките игри во Рио ангажирале дури 85 илјади војници, полицајци и припадници на безбедносни служби, што е речиси двојно повеќе од Олимписките игри во Лондон пред четири години.

## 6. Обединување на разузнавачките служби во Европа

Десетици разузнавачки агенции во „Контра разузнавачката група“ (ЦТГ) во Хаг поставиле „Интерактивен оперативен систем што функционира во реално време“ кој што се однесува на „проблематични џихадисти“ се вели до документ подготвен од страна на германското Федерално министерство за внатрешни работи, објавува „ЕУ Обсервер“.

Според онлајн магазинот со седиште во Брисел европските разузнавачки агенции со оваа „Платформа за размена на податоци“ се обидуваат да одговорат на заканите кои што дојдоа по мигрантската криза и терористичките напади во Париз и Брисел како и опасноста од радикални исламски повратници од фронтовите во Сирија и Ирак, пренесува дописникот на МИА од Берлин.

ЦТГ која што е формирана во 2002 годинна и вклучува 30 разузнвачки агенции од Европа во јули оваа година ја започнала оперативната програма која што работи 24 часа на ден 365 дена во годината а која што има за цел во реално време да ги надгледува сите потенцијални извршители на терористички активности и да предупредува.

Како системот доаѓа до податоци на можните извршители и како ги зачувува засега нема информации ниту пак досега е објавена анализа за можните прекршувања на основните човекови права и контролата на прибавување на лични податоци.

Во функционирањето на платформата засега учествуваат 23 разузнавачки агенции а Германија е претставена со еден офицер од својата домашна разузнавачка агенција БФВ.

Со функционирањето на платформата ќе се спречи еден од најголемите хендикепи на внатрешната безбедност на ЕУ, недостатокот на координација и размена на податоци меѓу различни држави кој што беше евидентиран по нападите во Париз и Брисел.

Германската влада има информации само за две третини од нејзините граѓани кои што заминале во Сирија и Ирак. Од нив една третина има криминално досие.Слична е состојбата во Франција и Холандија, пишува ЕУ Обсервер.

## 6.1. Обединување на Германските безбедносни служби

Германските безбедносни служби функционираат подобро благодарение на ГТАЦ.Центарот за одбрана од тероризам беше основан пред 10 години.Во 2011 година, еден 21-годишен косовски Албанец застрела двајца американски војници на аеродромот во Франкфурт и рани уште двајца други.Тоа е единствениот исламистички мотивиран напад на германска почва во изминатите десет години.Тоа му даде за право на министерот за внатрешни работи Томас де Мезие на одбележувањето на десетгодишнината од формирањето, да го прогласи Антитерористичкиот центар (ГТАЦ) за успешен проект.

Но, нападите како оној во Франкфурт, ја покажуваат и немоќта на големите институции, кои собираат многу податоци, но имаат малку превентивни средства, смета Ула Јепке, пратеничка во Бундестагот и гласноговорник за внатрешна политика на партијата на Левицата. Најчесто, осамените напаѓачи ја носат одлуката да нападнат на лице место. Јепке исто така посочува и на фактот дека ГТАЦ не успеал да ги спречи илјадниците фудбалски хулигани и десни радикали да се судрат со полицијата во саботата во Келн, по што 40 луѓе беа повредени. Безбедносните служби очекуваа дека на протестите ќе има „само“ околу 1.500 демонстранти. Никој не очекуваше маса од 5.000 луѓе.„Не може да се каже дека ГТАЦ беа особено успешни. Каде беа нивните луѓе?“, вели Јепке. Таа не е единствениот критичар на постапките на полицијата. Напротив, критиките се множат и во Бундестагот и во покраинскиот парламент во Северна Рајна Вестфалија. Кога поранешниот социјалдемократски министер за внатрешни работи Ото Шили го формираше ГТАЦ, целта беше да се оствари подобра и побрза размена на информации.ГТАЦ не беше дизајниран како некаква нова, мега-агенција, туку како централизирана мрежа која ќе им овозможи на германските безбедносни агенции да разменуваат информации.Полициски и разузнавачки офицери, на сојузно и на покраинско ниво, седат едни до други во новата зграда во берлинскиот кварт Трептов. Се среќаваат на дневни брифинзи и треба заеднички да градат мерки за спречување на терористички напади, особено од радикални исламисти и од радикалната десница.Пред ерата на ГТАЦ, различните агенции честопати знаеја да си пресечат патот.Полицијата е под контрола на 16-те покраини, кои исто така имаат и сопствени разузнавачки служби.Во меѓувреме, сојузното разузнавање и военото контраразузнавање работат на национално ниво.„ГТАЦ го положи тестот“, смета

Штефан Мајер, пратеник на конзервативниот блок.„Членовите на поединечните агенции се запознаа подобро и сега си веруваат меѓусебно“.„За размената на информации, странските разузнавачки служби претпочитаат централна контролна точка наместо редица нетранспарентни структури чија надлежност се испреплетува“, вели експертот за тероризам Ролф Топхофен, кој исто така смета дека ГТАЦ се покажало како добар проект.

Апсењето на т.н. „Зауерланд група“, која планирала серија бомбашки напади во Германија, е еден од најдобрите примери за превенција на терористички напади.Информацијата дојде од американските разузнавачи, но германските безбедносни служби добро ја изведоа акцијата, вели Топхофен.




*Слика бр.1. Централата на ГТАЦ во Берлин*

Но, токму она што на многумина експерти им се допаѓа кај ГТАЦ, кај други предизвикува загриженост, особено кај опозициската партија на Левицата. „Пратениците немаат можност да ја контролираат работата на ГТАЦ, а и самата организација не е во согласност со германскиот Устав“, вели Јелпке.[100]

Германскиот Устав предвидува стриктна поделба на полициската и разузнавачката работа, како лекција од нацистичкото минато на земјата. Доколку полициските и разузнавачките агенции редовно разменуваат информации, тоа е прекршување на

[100]Волфганг Дик/БГ,http://www.dw.com/mk

законот за поделба на одговорноста, вели експертот од Минхен, Матијас Бекер. Пратеникот Мајер вели дека размената на информации не е прекршување на законот, бидејќи ниту една агенција нема дополнителни овластувања, а полицијата е единствената која е надлежна да апси. Актуелната влада на канцеларката Ангела Меркел се согласува со ваквото толкување.

Она што останува како поука за иднината е дека ГТАЦ може да биде онолку ефикасен, колку што се поединечните агенции кои тој ги обединува.Доколку тие не си ја завршат работата, како што беше случајот со протестите во Келн, нема корист од ГТАЦ, вели Јелпке. Но, Мајер смета дека ГТАЦ е само една алка во борбата против тероризмот и екстремизмот.Важни се истрагите за можни терористички напади, а не шпекулациите дали на некои протести ќе дојде до судири.

## 7. Обединување на разузнавачките служби на Балканот во борбата против тероризамот

Енес Омерагиќ влезе во обложувалница и ладнокрвно уби двајца војници.Здогледа и трет и пукаше кон автобус полн со патници.За среќа сите преживеале. Тоа се случи само пет дена по нападот во Париз. Тоа беше прв терористички напад по Париз. Се случи во Сараево. Во држава која веќе со години од светските политичари и медиуми е апострофирана како исламистичко легло во срцето на Европа. Леглото од кое ќе експлодира радикална исламска офанзива на Западна Европа. И додека медиумите и политичарите беа фокусираани на Босна и Херцеговина, радикалниот ислам се шири на Балканот, во Србија, Македонија, Косово, Албанија. Преку интернетот и социјалните мрежи, идејата за Ал Каеда, па потоа и Исламска Држава, го наоѓа патот до радикалните делови на локалните исламски заедници и до сиромашната и необразована популација во овие региони.

Кога во Сирија почна војната сите против сите, беше доцна. Сирија ја преплавија муслимански борци од Балканот. Околу 700 од нив од овие земји отидоа да се борат во редовите на Исламска Држава, но и во Фронтот Ал-Нусра. Според достапните податоци, Босна и Херцеговина е четврта држава во светот според бројот на нејзини жители кои и се приклучија на Исламска Држава. Само оваа година 92 државјани на

БиХ и се приклучиле на оваа организација. Веднаш зад БиХ, е Косово од каде во Исламска Држава годинава заминале 83 борци.

Според проценките на експертите по безбедност, во последните 15 години на подрачјето на Балканот е создадена квалитетна мрежа на ќелии на радикални исламистички групи подготвени да појдат во борба против западната цивилизација.Министерот за внатрешни работи на БиХ зборува дека само во таа земја има околу 3.500 вахабисти, кои се сметаат за основни пропагатори на радикалниот ислам и тероризмот.Но, проценките зборуваат дека бројката е многу поголема.Земјите од регионот се почесто се наведуваат во видео пораки на џихадистите кои се закануваат дека ќе ги нападнат, запалат и повикуваат домашни муслимани да почнат света војна.Последната таква порака се појави пред извесен период. – тоа е објава на војна, говорат експертите.

Се поставува прашањето дали Балканот е нов фронт на Исламска Држава. Од интервјуата на повеќе експерти по безбедност запознати со дејствувањата на радикалните исламисти на подрачјето на целиот регион се заклучува дека Балканот е загрозен.Односно најзагрозени се Босна и Херцеговина, Косово и Албанија. Целта е Исламска Држава и други радикални групи да го урнат концептот на заеднички соживот меѓу муслиманите и христијаните.Овие три држави се како создадени за тие планови, тврдат нашите соговорници.Според нив, муслиманите во Косово и Албанија се далеку порадикални од муслиманите во БиХ. Проблемот е во тамошните исламски заедници, кои се поделени и испреплетени со радикални елементи.

Слична е и состојбата во Македонија. Според експертите, најпроблематично е во западна Македонија во која има многу радикални исламски Албанци, кои соработуваат со истомислениците во Албанија и се во судир со секуларните Албанци, националистите и македонската држава. Во БиХ, Исламската заедница прилично е единствена во осудата на радикалните исламисти и се обидува да ја смири состојбата. Но, според достапните информации, бројот на радикализирани муслимани е се поголем.Слична е состојбата на Санџак, кој треба да се гледа како територијална целина, која ја опфача Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

Муслиманите од Санџак се далеку најрадикални, тврди еден од соговорниците.Во тамошната Исламска заедница веќе со години трае судир меѓу две струи што само оди

на понатамошна радикализација.Разузнавачките податоци говорат дека дел од вахабистите од БиХ се преселуваат на подрачјето на Санџак во Србија.

Сето тоа се случува на вратите на Хрватска која во очите на исламските радикали е најистурена земја од крстоносниот запад.Дали поради тоа е загрозена и треба да се плаши од напади на ИД?Експертите говорат дека место за паника нема, иако апсолутно никој не може да гарантира целосна безбедност.Разузнавачката заедница бурно го следи развојот на состојбите во целиот регион и е во најголем степен на будност.Соработката со разузнавачките служби на соседните земји е исклучително доба. Според достапните податоци во Хрватска во овој момент има од 50 до 70 лица кои се квалификуваат како екстремни исламисти, а пунктови на нивните делувања се Пула, Риека и Загреб и сите тие се под надзор на службите и за сега не е забележано нивно делување кое би одело кон некои терористички операции. Центар за организирање на вахабистите на подрачјето на Балканот се смета Виена и радикалниот виенски имам Мухамед Порче. Според тие информации, парите потребни за организација на вахабистичка мрежа прво доаѓаат во Виена, а пота се распоредуваат по балканските држави.[101] Балканските разузнавачки служби се во целосна подготвеност, следат се што се случува „во регионот", обединети, во постојана врска во Вшингтон. Сад понуди помош односно технички услуги во форма на едукација и набавки на уреди за биометриски скрининг, за што поефикасно да се контролира поминувањето на бегалците низ Балканот.

[101] Македонска информативна агенција (МИА), http://www.mia.mk/(S(cx23nzqr3gtnxf55p2nv4545))/mk/Inside/RenderSingleNews/277/132921368

## Заклучок:

Современиот тероризам е криминал од мултикаузална природа, затоа што го предизвикуваат и условуваат голем број на субјективно-објективни теризмогени фактори. Неговата феноменологија е мултиманифестна, бидејќи мултиваријантноста на појавните облици на тероризам е „ограничената имагинација на терористите". Го одликува употребата на насилство и тоа физичко (физичка сила, огнено оружје, експлозивни направи, отрови, радиоактивни материи и сл.), а неретко и разни облици на ментална манипулација и индоктринација (спрема јавноста, но и спрема жртви на киднапирања кои после „перење на мозокот" се придружуваат на терористичките организации). Жртвите на тероризмот се разноврсни, од оние кои се вплеткани во политичко-идеолошки проблем (целно-селективни жртви), до оние кои со тоа немаат никаква поврзанос (недолжни граѓани како деперсонализација на земјата.) го следни ефект на изненадување, дури и кога терористичките напади се очекуваат, иборот на метите, времето, местото и начинот на нападот ги изнанадуваат државите, домашната и меѓународната јавност, со што се создава неизвесност, несигурност, паника и страв дека секој е потенцијална жртва.Во теориите на безбедносните науки, како одредница на современиот тероризам (по кои тој се разликува од традиционалниот), може да се издвојат: глобалност (границите повеке не се бариера за тероризмот), леталност (промена на тактиката со која некогаш се тежнееше кон вознемирување на јавноста со жестоки акции, нови тактики за убивање на што поголем број на цивили и заплашување на што поголем број на луѓе), значително поголема координираност на терористите и поголем обем на насилство, употреба на најразвиена технологија и насоченост кон уништување на развиената технологија и насоченост кон уништување на технологијата која ја загрозува „светата традиција„ на терористите, го организира и спроведува транснационална организаирана мрежа, го спроведуваат фанатични екстремисти желни за што повеке унишување со примена на самоубиствени методи, неспремни за преговарање и компромиси, како и голема омраза спрема метата.Разузнавачка служба претставува специјализиран дел од државната управа што прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв податоци, оценки и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување

други задачи добиени од државниот врв, а се однесуваат на остварување стратешки национални цели и ги заштитува сопствените интереси од противникот.Разузнавачките и безбедносните служби се еден од основните елементи на секој систем за безбедност.Нивна задача не е само да се заштити државата пред надворешните и внатрешните предизвици, но исто така и заштита на граѓаните.Тероризмот користи исклучиво сила и други методи на насилство со цел за предизвикување што повеќе страв и несигурност кај пошироките маси заради остварување на своите цели кои се од политичко-идеолошка, национално-сепаратистичка или верска природа.Порастот на исламскиот радикализам и тероризам, етничко-сепаратистичкиот тероризам, како и врската меѓу тероризмот и организираниот криминал, бара земјите да ги зголемат напорите за превентивно дејствување и ефикасно справување, особено поради тоа што во ризикот и опасноста ниедна земја сама, без поддршка од непосредното опкружување и од меѓународните фактори не може успешно да се справи со него. Притоа, од особено значење е контролата на границите, внатрешната критична инфраструктура, јавните собиралишта и местата на раздвиженост на граѓаните, економскиот и индустрискиот потенцијал, државните институции... Успешноста во справувањето со овие закани ќе зависи и од квалитетот на разузнавачките информации. Многу разузнавачки служби соработуваат.Потребна е поширока меѓународна соработка посебно во делот на размена на разузнавачки информации за сузбивање на тероризмот.Меѓународната солидарност и соработка станаа од суштинско значење, а безбедносните и разузнавачките служби се насочија кон превентивно дејствување, рано откривање, соработка, координација и размена на разузнавачки информации.Очигледно е дека и странските и домашните разузнавачки служби треба да разменуваат информации ако треба ефективно да работат на сложените безбедносни закани со кои се соочуваат особено со современиот тероризам.Меѓутоа, во тековното меѓународно опкружување, често се потенцира потребата за уште поголема размена на информации.За успешна борба против тероризмот и за целосно и ефикасно превенирање и менацирање на кризата предизвикана од појавата на терористички активности, државите ќе мора да располагаат со правовремени разузнавачки податоци. Од нивниот висок квалитет ќе зависи креирањето на политиката за борба против тероризмот, детерминирањето на опсежни сознанија и валидни заклучоци за целите и тактиката на делување на терористичките организации, нивното оружје, експлозивите, муницијата и опремата што ја користат, нивниот систем за безбедност и разузнавање и се друго што е неопходно за создавање на јасна слика за терористите и терористичките

организации. За да се победи во борбата против тероризмот, не се доволни воени трупи. Неопходно е борбата да се води и со идеи, организација, соработка на меѓународно ниво. Каде оди тероризмот, односно каква е неговата иднина, но и иднината на современата цивилизација во сенката на ова зло кое има огромни амбиции да прерасне во смртна закана со масовни размери, да предизвика огромен број на жртви, страдања, страв и неизвесност доколку државите не се обединат против него. Тоа се новите сериозни прашања и предвизици за државите и нивните разузнавачки служби.Денес тероризмот, е искористуван како средство за остварување на определни цели во интерес на определени структури.

Обединувањето на современите разузнавачки служби како главен фактор во борбата со глобалниот тероризам значи и обединување и зајакнување на една силна разузнавачка заедница која не само ке се спротивставува на современите закани туку и ке ги спречува и разузнавачките пропусти кои во последно време се повеќе ги чуствуваме.

Значи само глобална сила има можност да биде непрекинато во борба со глобалниот тероризам.

## Користена литература


1. Антони Џ. Скоти, Заштита на функционерите и меѓународниот тероризам, Култура, Скопје, 2004.
2. Андреја Богдановски, Управување со безбедносно разузнавачките служби во Македонија, Скопје, 2012.
3. Adams J., „Exploring the Frontiers of Espionage“, Pimliko, London, p. XXVII, 1995.
4. Буцаковски Стефан, Разузнавање, Скопје, 2005.
5. Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke., „Policijska dejavnost proti terorizmu“, učbenik za vodilno osebje na policijskih postajah, urednika dodanih slovenskih prispevkov Iztok Podbregar, Andrej Sotlar. - Ljubljana : Fakulteta za varnostne vede, Ljubljana, 2010.
6. Драган А. Лазаревски, ИСЛАМСКИ ФУНДАМЕНТАЛИСТИЧКИ ВЕРСКИ ГРУПИ И ДВИЖЕЊА И НИВНО ИНВОЛВИРАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВРШУВАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИ АКТИ(магистерски труд), Скопје, 2015
7. D. Webb, E. Wills-Herera, “Subjective Well-Being and Security”, Springer, London, 2012.
8. Dictionnaire de la langue francais pae Paul Raubert, redaction dirig, par A. Reyet, J. ReyDebove: Paris, 1979, p. 1950.
9. И. Желјазков, Т. Трифонов, „Енергијната сигурност на Блгарија“, Фондација национална и меѓународна сигурност, Софија, 2012.
10. Иван Димитријевић: Проблематика научнотеоријског дефинисања тероризма, у: Часопис Безбедност, број 6/05, Београд, 2005.
11. Il grande Dizionario Garzanti dela lingua italiana, l`opera e stata reallazzata dalla Redazioni, dirette du Lucio Felici, Milano, 1989, p. 2006.
12. Јонче Манојлов„ПРИМЕНА НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА КАКО ИНСТРУМЕНТ НА ДРЖАВНА (ПОЛИТИЧКА) МОЌ ПРИ СПРАВУВАЊЕТО СО СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ“ МАГИСТЕРСКИ ТРУД Штип, ноември 2013.
13. John Mearsheimer, “Why We Will Soon Miss the Cold War”, Atlanttic Monthly, 1990.

14. Klaić, Bratoljub: „Terror“, u: Rječnik stranih riječi, Zagreb, Nakladni zavod Matice Hrvatske, 1978.
15. Кент Роач, Надзор над службите за разузнавање: Прирачник, ISBN: 978-92-9222-224-6
16. Котовчевски Митко, Современи разузнавачки служби, Македонска цивилизација, Скопје 2002.
17. Котовчевски, М., Разузнавањето златен клуч во борбата против тероризмот-разузнавањето браник во одбрана од тероризмот.
18. Kegli, Č. V.; Vitkof, J. R., Svetska politika – trend i transformacija. Beograd: Centar za studije Jugoistočne Evrope, Fakultet političkih nauka i Diplomatska akademija MSP SCG. 2006.
19. Lemkin, R.: Faut il un nouveau deit de droit gens nomme terrorisme, Revue de droit penalet criminologie, Belge, No. 13/1933
20. Miroslav M. Šepić, TEHNIČKO – TEHNOLOŠKI ASPEKTI PREVENCIJE I SUZBIJANJA TERORIZMA - Doktorska disertacija - Beograd, 2013.
21. Милошевић, М., Стајић, Љ., Модалитети борбе против тероризма у савременим условима, НБП Наука - безбедност - полиција, Часопис Криминалистичко-полицијске академије, Београд, Vol III, No.2, 91-105, 1998.
22. Министерство за одбрана на Република Македонија, Современа македонска одбрана, Скопје, достапно на http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/Sovremena-makedonska-odbrana-br_15.pdf
23. Методи Хаџи-Јанев, Разбирањето на современиот тероризам преку концептот на Ал Каеда, Современа македонска одбрана, Списание на Министерството за одбрана.
24. Miroslav M. Šepić, TEHNIČKO – TEHNOLOŠKI ASPEKTI PREVENCIJE I SUZBIJANJA TERORIZMA - Doktorska disertacija -Beograd, 2013.
25. Мухамед Ибраими, Југослав Ачкоски, СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
26. Нано Ружин, НАТО во современите меѓународни односи, Скопје, 2010.
27. Николовски, М., Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Графотекс, Скопје, 2008.

28. Ненад Танески, Методија Дојчиновски, Старо-нови безбедносни закани, Министерство за одбрана, 28-03-2016 достапно на: http://morm.gov.mkм
29. Димовски, З., Тероризам, Скопје, 2007.
30. Оливер Андонов, ТЕРОРИЗМОТ – РЕАЛЕН ИЗВОР НА ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИЛИ НЕЗАГРОЗУВАЧКА ПЕРЦЕПЦИЈА (еден истражувачки поглед низ перцепцијата на граѓаните на државата), София, 2015.
31. Петар Караѓулески, Соработка на Интерпол, ООН и НАТО во борбата со современите форми на тероризам во светот во xxi век, (Магистерски труд) Штио, 2015.
32. Pontera, G.: Violenyia e terrorismo, Il pproblema delia definizione e della guistificayione, Dimensioni del terrorismo politico, Milano, 1979.
33. Pesto, H., Pojavni oblici terorizma. Godisnjak, Fakultet politickih nauka, Univerzitet u Sarajevu, 2011.
34. Radosav Gaćinović, Terorizam u političkoj i pravnoj teoriji, Evro-Giunti, Beograd, 2010.
35. Republika SrpskaVladaMinistarstvo unutrašnjih poslovaUprava za policijsko obrazovanjeVisoka škola unutrašnjih poslovau saradnji saHans Zajdel fondacijom, ZBORNIK RADOVA, Međunarodna naučnostručna konferencijaSUPROTSTAVLJANJE TERORIZMU– MEĐUNARODNI STANDARDI IPRAVNA REGULATIVAKozara, 29. – 30. marta 2011.
36. Radovan Jović i Andreja Savić, Bioterorizam, Institut za političke studije, Beograd, 2004.
37. Радослав Гаћиновић, Феноменологија савременог тероризма, ДК: 327.88 (100) 323.285 (100)
38. Радомир Кеча, ТЕРОРИЗАМ- глобална безбједносна пријетња - Бања Лука, 2012.
39. Стајиќ Љубомир, Основи безбедности, Полициска академија, Белград, 1998г.
40. Стаменковски Алекса, Основи на разузнавањето, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999г
41. Stevo Ivetić, Tatjana Maričić, TERORIZAM I MEĐUNARODNI ODNOSI, UDK 323.285: 327.7/.8

42. Спасески Јордан, Николовски Марјан, Герасимоски Саше, Безбедносни системи- прилог кон учењето за националните безбедносни системи, Факултет за безбедност, Скопје, 2010.
43. Симеуновић, Д.: Међународни тероризам, Београдски форум за свет равноправних, Београд, 2002.
44. Sottile, A.: Le terrorisme international, Recueil des Cours, Paris, T. 65, 1938.
45. Silvana Marić, Terorizam kao globalni problem, Pregledni rad UDK 323.28:327.88 (87-102) Primljeno: 25. travnja 2012.
46. Томас Квигин, „Да се види невидливото – Разузнавање за национална безбедност во несигурно време", Магор – Скопје, 2009.
47. Теодора Христовска, ПАРЛАМЕНТАРНА КОНТРОЛА НАД РАБОТАТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Јануари, 2016.
48. Томе Батковски, Разузнавачка и безбедносно-контраразузнавачка тактика (тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање) Скопје, 2008.
49. "Terror Cells of Today Hard to Combat", The New York Times, August 20, 2002, dostapno i na: http:// www.nutimes.com/aponline/international/AP-Evolution-of-Terro.html
50. The Random Hause Dictionary of the English language, The Unabridged Edition, Edit, Director S. B. Flaxner: New York.
51. Џејмс Волш, „Размена на разузнавачки информации во Европската Унија; Институциите не се доволни", Журнал на студии на единствениот пазар Том 44, Издание 3 (James Walsh, "Intelligence-Sharing in the European Union: Institutions Are Not Enough," Journal of Common Market Studies Vol. 44, Issue 3),септември 2006.